Агенција за пошти

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

*Заедно за квалитетни поштенски услуги!*



2023

www.ap.mk

**Кеј "13 Ноември", ГТЦ кат 2, зграда 4, влез 1 локал 2, П.фах 160, 1000 Скопје**

02 3 212 107

**info@ap.mk**

www.ap.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШ
Бр. 01-88/4
25.03. 2024 г.
СКОПЈЕ

**©Агенција за пошти Скопје**

*При користење на податоци од документите, извештаите, публикациите на Агенцијата за пошти потребно е да се цитира изворот.*

СОДРЖИНА


1. ВОВЕД ....4
2. НАДЛЕЖНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ....6
    2.1 Органи на Агенцијата за пошти....7
    2.2 Општи акти на Агенцијата за пошти....8
    2.3 Скрининг-Аналитичко испитување на усогласеноста со правото на Европската Унија ....10
3. УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА....12
    3.1. Либерализација на пазарот на поштенски услуги....12
    3.2 Извештај за состојбата на компензацискиот фонд за финансирање на универзалната услуга ....12
    3.3 Следење и контрола на процесот на воведување на систем на посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзална услуга ....14
4. РЕГУЛАЦИЈА НА ПОШТЕНСКИОТ ПАЗАР....16
    4.1 Интерес за влез на поштенскиот пазар и следење на развој на конкуренцијата во поштенскиот сектор ....16
    4.2 Лиценцирање....16
    4.3 Управни постапки во 2023 година ....22
    4.4 Регулација на цени ....25
    4.5 Финансирање на работата на Агенцијата за пошти - Годишен надоместок за 2023 година....26
5. НАДЗОР....28
    5.1 Извршени надзори над даватели на поштенски услуги....28
    5.2. Судски прекршочни постапки....29
6. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИЦИТЕ....31
    6.1 Претставки....31
    6.2 Управни приговори....32
    6.3 Писмена комуникација со корисници....33
    6.4 Електронски билтен на Агенцијата за пошти....33
7. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И КОМУНИКАЦИЈА СО МЕДИУМИ....37

7.1 Транспарентност....37
7.2 Комуникација со медиуми....40
7.3 Брошура....41
8. ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ....44
8.1 Обуки....44
8.2 TAIEX Мисии....44
9. АНАЛИЗА И СЛЕДЕЊЕ НА ПАЗАРОТ....46
9.1 Статистички извештаи....46
9.2 Истражување на потребите на корисниците....52
10. СОРАБОТКА....57
10.1 Соработка со домашни институции....57
10.2 Меѓународна соработка....57
10.3 Меморандуми за соработка....59
11. ЈАВНИ НАБАВКИ....61
12. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ....70

# 1. ВОВЕД

Годишниот извештај за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година е изготвен согласно член 12 од Законот за поштенските услуги (Службен весник на Република Македонија,, бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 275/2019, 150/2021, 227/2022 и 284/2023), со кој е утврдена обврската на Агенцијата за пошти, најдоцна до 31 март од наредната година, до Собранието на Република Северна Македонија да достави Годишен извештај за работата за претходната година, на усвојување.

Агенцијата за пошти како независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, во согласност со надлежностите предвидени во Законот за поштенските услуги[1] (во натамошниот текст: ЗПУ), во текот на досегашното постоење, создаде регулаторен систем кој што освен ЗПУ, го сочинуваат подзаконските акти, регулаторните мерки и одлуки кои ги подготви и имплементираше Агенцијата.

Годишниот извештај за работа има за цел да ги презентира реализираните активности на Агенцијата за пошти за 2023 година, односно работењето на Агенцијата во делот на остварување на нејзините законски надлежности.

**Годишниот извештај за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година** ги сумира активностите кои се превземени во насока на регулирање на пазарот на поштенските услуги во Република Северна Македонија, следењето и осигурувањето на универзалната услуга, постапките за лиценцирање на даватели на поштенски услуги, водењето на управни постапки, како и надзор над спроведувањето на ЗПУ.

Воедно, прикажани се активностите кои се однесуваат на заштита на правата на корисниците, како и статистички податоци и анализи кои ја покажуваат состојбата на поштенскиот пазар. Презентирани се и иницијативи и соработки, како со домашни, така и со меѓународни институции и тела, како и финансиски извештаи.

Во Годишниот извештај даден е преглед на надлежностите на Агенцијата, органите на управување и раководење, транспарентноста, слободен пристап до информации од јавен карактер, како и превземените активности во насока на усогласување со европското законодавство.

Понатаму, Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2023 година известува за универзалната услуга, односно за либерализацијата на пазарот

[1] ( Службен весник на Република Македонија,, бр. 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 275/2019, 150/2021, 227/2022 и 284/2023)

на поштенските услуги, како и за регулацијата на поштенскиот пазар, лиценцирањето, управните постапки и регулација на цени на универзалната услуга.

Следно, даден е преглед на извршени надзори врз даватели на поштенски услуги, како и поведени судски прекршочни постапки.

Годишниот извештај дава и преглед на активностите кои беа насочени кон заштита на правата на корисниците на поштенските услуги, давајќи информации за претставките и управните приговори поднесени од страна на корисниците во Агенцијата за пошти.

Транспарентноста е уште една област која е покриена во овој Извештај.

Понатаму, се известува за реализираните активности во насока на јакнење на институционалните капацитети и човечките ресурси.

Следно, се дава приказ на активностите во делот на следење и анализа на поштенскиот пазар, како и приказ на резултатите од истражувањето на потребите на корисниците на универзалната услуга.

Следат и активностите на Агенцијата во делот на домашната и меѓународната соработка.

Годишниот извештај дава и преглед на спроведените постапки за јавни набавки во текот на 2023 година.

На крај, содржани се финансиските извештаи за 2023 година, завршната сметка и Ревизорскиот извештај спроведен од страна на независен, надворешен ревизор кои се составен дел од овој Извештај.

Составен дел на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2023 година, е и **Годишниот извештај за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2023** година.

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2023 година беше усвоен од страна на Комисијата на Агенцијата во следниот состав:

- Борче Груевски – претседател
- Суад Бајрами – заменик претседател
- Андреј Јосифовски – член
- Ѓорѓи Михаилов – член
- Владимир Кироски – член

## 2. НАДЛЕЖНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ

Надлежни органи за вршење на работите од областа на поштенските услуги се:

- Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија, и
- Агенцијата за пошти.

Согласно со одредбите од ЗПУ, Агенцијата за пошти е надлежна да:

- донесува и спроведува подзаконски акти врз основа на ЗПУ;
- го осигури обезбедувањето на универзална услуга;
- обезбедува услови за пристап на корисниците до универзалната услуга;
- спроведува постапка за определување на давател на универзална услуга;
- донесува одлука за определување на давател на универзална услуга;
- издава Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги по поднесена нотификација;
- овозможи и обезбеди услови за подеднаков пристап до поштенската мрежа;
- го следи обезбедувањето на универзалната услуга;
- формира компензациски фонд и управува со средствата од компензацискиот фонд;
- ги одобрува и врши контрола на трошоците за обезбедување на универзална услуга;
- го следи работењето на давателите на поштенските услуги во согласност закон и прописите донесени врз основа на него;
- го следи развојот на пазарот на поштенските услуги и ја промовира конкуренцијата на пазарот на поштенски услуги;
- врши надзор и контрола на работењето на давателите на поштенските услуги и презема мерки согласно закон против давателите на поштенските услуги кои не ги спроведуваат одредбите од ЗПУ и прописите донесени врз основа на него;
- води управни постапки и донесува одлуки во управна постапка согласно со одредбите од ЗПУ и Законот за општата управна постапка;
- води постапки за решавање на спор меѓу давателите на поштенски услуги и нивните корисници, меѓу давател на универзална услуга и другите даватели на поштенски услуги;
- бара податоци и информации од давателите на поштенски услуги;
- воспоставува, одржува и ажурира електронска база на податоци;
- дава мислење и учествува при подготвувањето на закони, прописи и други акти што се однесуваат на поштенските услуги, како и при склучувањето, односно пристапувањето на Република Северна Македонија кон меѓународни договори од областа на поштенските услуги и да го обезбедува нивното спроведување;

- соработува со други државни органи и институции;
- ја врши својата работа транспарентно и на недискриминаторски начин, овозможувајќи им на заинтересираните страни да дадат забелешки и коментари во врска со иницијативите, мерките и одлуките на Агенцијата;
- обезбеди информации за корисниците и давателите на поштенски услуги и меѓународните организации и тела;
- спроведува примена на националните и меѓународните стандарди и технички прописи во областа на поштенските услуги, учествува во работата на меѓународни организации и здруженија на национални регулаторни тела во областа на поштенските услуги;
- врши и други работи во согласност со ЗПУ и прописите донесени врз основа на него.

## 2.1 Органи на Агенцијата за пошти

Агенцијата за пошти ги извршува своите законски надлежности преку органите - Комисија и Директор.

Според ЗПУ, Комисијата на Агенцијата за пошти се состои од 5 члена кои ги именува и разрешува Собранието на Република Северна Македонија, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија.

Комисијата на Агенцијата за пошти во 2023 година одржа 18 состаноци. [2]

Согласно своите надлежности, Комисијата го одобри Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2022 година, ја усвои Годишната сметка за 2022 година, ја донесе Одлуката за вредноста на поенот за 2024 година, ја усвои Годишната програма за работа на Агенцијата за 2024 година. Понатаму, во текот на целата година, Комисијата го следеше спроведувањето и реализирањето на Годишната програма за работа на Агенцијата за 2023 година.

Орган на раководење на Агенцијата за пошти е **директорот** кој ја застапува и претставува Агенцијата, и е одговорен за законитоста во работењето на истата. Директорот ја застапува и ја преставува Агенцијата, донесува одлуки по прашања за кои не одлучува Комисијата. Директорот дава овластувања во рамките на своите надлежности и е одговорен за спроведување на подзаконските и други акти кои ги донесува Комисијата и врши други работи утврдени со ЗПУ и Статутот на Агенцијата.

Согласно член 19 став 3 од ЗПУ, директорот доставуваше квартални извештаи со кои ја известуваше Комисијата за сите активности и превземени мерки во

[2] https://ap.mk/mk/sostanoci-na-komisija

корелација со работењето и спроведувањето на Годишната програма за работа на Агенцијата за 2023 година. Директорот активно ги остваруваше своите законски утврдени надлежности во насока на креирање регулиран, транспарентен и високо развиен пазар на поштенски услуги што подразбира одржување на ефикасен и фер пазар на поштенски услуги, како и заштита на правата и интересите на корисниците и давателите на поштенски услуги.

## 2.2 Општи акти на Агенцијата за пошти

Во текот на 2023 година, Комисијата, односно Агенцијата продолжи со својата улога за законско доуредување и поефикасна имплементација на материјата од своја надлежност, и во таа насока ги донесе следните општи и подзаконски акти, како и програмските документи:

- одобрен Годишен Извештај за работа на Агенцијата за пошти за 2022 година,
- донесен Годишен план за проценка на ризици од корупција во Агенцијата за пошти за 2023 година[3]
- донесен Годишен план за Јавни набавки на Агенција за пошти за 2023 година со Одлука од Комисијата на Агенцијата за пошти[4],
- одобрена Годишната сметка за 2022 година на Агенцијата за пошти,
- усвоена Политиката на интегритет[5],
- донесен Правилник за критериумите за пристап до универзалната услуга, со утврдување на подрачјата на единиците на мрежата, на растојание меѓу поштенските единици и број на поштенски сандачиња (Службен весник бр. 257/2023)[6],
- донесен Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Агенцијата за пошти,
- донесен Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Агенцијата за пошти,
- донесен Правилник за управување со судир на интереси[7],

---

[3] https://ap.mk/mk/strategija-sprecuvanje-korupcija-sudor-interesi-2022-2024
[4] https://ap.mk/mk/javni-nabavki
[5] https://ap.mk/sites/default/files/202303/%D0%9F%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82.PDF
[6] https://ap.mk/mk/231207-pravilnik-za-kriteriumite-za-pristap-do-univerzalnata-usluga-so-utvrduvane-na-podrachjata-0
[7] https://ap.mk/sites/default/files/2023-08/%D0%9F%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D0%BA%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D1%81%D0%BE%20%D1%81%D1%83%

- донесен Правилник за постапување со подароци, погодности и гостопримства[8],
- донесен Годишен план за вработување на Агенцијата за пошти за 2024 година;
- донесена Стратегија за управување со ризици за период 2023-2025 година[9],
- усвоена Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2024 и Финансиски план на Агенцијата за пошти за 2024 година;
- донесена Годишна програма за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2024 година[10];
- подготвен Годишен извештај за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2023 година.

## Постапка за избор на директор

Во текот на месец ноември и декември 2023 година беа превземени законски утврдените постапки за избор на директор на Агенцијата за пошти, имајќи ја во предвид законската обврска за навремено отпочнување на постапката - 30 дена пред истекот на мандатот на неговиот претходник (мандатот на директорката Билјана Аврамоска Ѓореска истекува на 16.01.2024 година).

По донесување на Одлуката за распишување на јавен оглас за избор на директор на Агенцијата за пошти од страна на Комисијата на Агенцијата, во 3 дневни весници на 06.12.2023 година беше објавен јавен оглас. Рокот за поднесување пријави беше до 14.12.2023 година. Во определениот рок беше доставена 1 пријава за јавниот оглас за избор на директор.

D0%B4%D0%B8%D1%80%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%B5%D1%81%D0%B8.pdf

[8] https://ap.mk/sites/default/files/2023-08/%D0%9F%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D0%BA%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BF%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BF%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D1%81%D0%BE%20%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%80%D0%BE%D1%86%D0%B8%2C%D0%BF%D0%BE%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8%20%D0%B8%20%20%D0%B3%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BE%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%BC%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B0.pdf

[9] https://ap.mk/sites/default/files/2023-08/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5%20%D1%81%D0%BE%20%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B8%D1%86%D0%B8%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BF%D0%B5%D1%80%D0%B8%D0%BE%D0%B4%202023%20-%202025%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0_0.pdf

[10] https://ap.mk/sites/default/files/2023-12/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%BD%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B2%D1%80%D1%88%D0%B5%D1%9A%D0%B5%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%D0%B4%D0%B7%D0%BE%D1%80%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%90%D0%B3%D0%B5%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BF%D0%BE%D1%88%D1%82%D0%B8%20%D0%B7%D0%B0%202024%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0_0.pdf

### Барања за пристап до информации од јавен карактер

Агенцијата за пошти ја продолжи практиката на почитување на начелото „имате право да знаете", и доследно го применуваше Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. До Агенцијата беа доставени 2 барања за пристап до информации од јавен карактер, по кои законски беше постапено.

Агенцијата во континуитет има одговорен и професионален пристап кон секое пристигнато барање, бидејќи смета дека слободниот пристап до информации е дополнителен коректив од страна на сите чинители во поштенскиот сектор за „исправноста" на регулаторните мерки и активности што ги спроведува и одлуките кои ги носи.

Генерално, Агенцијата во своето работење се води од начелото на транспарентност и отчетност, и на тој начин ги промовира принципите на добро владеење и интегритет.

## 2.3 Скрининг –Аналитичко испитување на усогласеноста со правото на Европската Унија

### * Право на основање и слобода на давање услуги -поштенски услуги

Скринингот како процес има за цел да ги запознае земјите членки кандидати со правото на ЕУ и на тој начин да ги подготви за преговорите, како и да и овозможи на Комисијата и на земјите членки да го оценат степенот на подготвеност на земјите кандидати, да бидат информирани за нивните идни планови и да ги добијат прелиминарните насоки за прашањата што ќе бидат најактуелни во преговорите.

Со отпочнување на скринингот за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија, претставници на Агенцијата за пошти активно учествуваа во ***Поглавјето 3 „Право на основање и слобода на давање услуги, Кластер 2 - Внатрешен пазар.*** Во рамките на состанокот беа презентирани теми за усогласеноста на регулаторната рамка со европското законодавство, регулирањето и обезбедувањето на универзалната услуга како услуга од јавен интерес, постапките за лиценцирање на субјектите заинтересирани за работа во овој сектор, системот за посебното сметководство на давателот на универзалната услуга, статусот на Агенцијата за пошти, како и идните планови и предизвици.

Презентациите беа одлично оценети, а заклучоците и препораките што ќе произлезат од истите ќе ги одредат регулаторните мерки и политики, како и активности на Агенцијата за пошти и следните реформски чекори во пристапниот процес.

На билатералниот скрининг учествуваа клучните институции кои се директно вклучени во скрининг процесот за Поглавје 3.

## Политика на конкуренција

Во рамки на понатамошните активности кои го опфаќаат целокупниот скрининг на македонското законодавство, претставници на Агенцијата за пошти учествуваа и во ***Поглавјето 8 Политика на конкуренција*** каде опфатени се и поштенските услуги дефинирани како услуги од општ економски интерес и можностите за развивање конкуренција на пазарот. Презентиран е развојот на конкуренција во поштенскиот сектор, бројот на даватели на поштенските услуги на слободниот пазар, односно начинот на лиценцирање и можноста за работа во поштенскиот сектор.

Воедно, во рамки на делот за државна помош, претставникот на Агенцијата за пошти ја посочи државната помош како правна рамка која треба да се предвиди и за поштенскиот сектор поточно да се предвиди државната помош како средство за компензацијта на трошоците на давателот на универзалната услуга.

## Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција

На 26.04.2023 година во Скопје, се одржа *18-от состанок на Поткомитетот за Внатрешен пазар и конкуренција, Поглавје 3 – „Право на основање и слобода на давање услуги“ – 3.3. Поштенски услуги,* на кој учествуваа претставници на Агенцијата за пошти каде дадоа одговори за постигнатиот напредок во делот на усогласување на националното законодавството. Последователно по одржување на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција, пристигнаа и предлог заклучоци со насоки за понатамошно приближување кон европското законодавство, според кои треба да се имплементира целосна либерализација на пазарот за поштенски услуги, да се продолжи со усогласување на националното поштенско законодавство со acquis, вклучувајќи ја и новата Регулатива за прекугранична испорака на пратки (EU) 2018/64.

# 3. УНИВЕРЗАЛНА УСЛУГА

## 3.1 Либерализација на пазарот на поштенските услуги

Во однос на планираната **либерализација на поштенскиот пазар** која требаше да се случи на 01.01.2024 година, односно укинување на ценовниот монопол на АД Пошта на Северна Македонија, истата беше повторно одложена за уште една година со донесување на измена на Законот за поштенските услуги од страна на Собранието на Република Северна Македонија – Закон за изменување на Законот за поштенските услуги (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 284/2023).

Со оваа измена, повторно беше воспоставен ценовниот монопол за поштенските услуги за пратките за кореcподенција и пратките со директна пошта, со тежина до 50 грама, кој е воспоставен со закон во корист на давателот на универзалната услуга - АД „Пошта на Северна Македонија" – во државна сопственост – Скопје. **Укинувањето на резервираните поштенски услуги се очекува да се случи на 01.01.2025 година.**

## 3.2 Извештај за состојбата на компензацискиот фонд за финансирање на универзалната услуга

Нето трошоците за универзалната услуга се пресметуваат како разлика меѓу трошоците на давателот на универзалната услуга направени со обврските за универзалната услуга и трошоците кои давателот би ги реализирал без обврските за универзалната услуга (симулација), имајќи ги во предвид и сите нематеријални и материјални предности на давателот од обезбедувањето на универзалната услуга.

Давателот на универзалната услуга има право на надоместок на споменатите нето трошоци, за чие остварување поднесува барање со пресметка на нето трошоците, поткрепена со финансиски извештај и сметководствени информации базирани на ревидиран годишен извештај за претходната година, не подоцна од 31 март во тековната година.

За обезбедување на финансиските средства за финансирање на нето трошоците за универзалната услуга, Агенцијата за пошти формира компензациски фонд со отворање на посебна жиро сметка, кој се состои од средства кои се обезбедуваат од давателите на поштенски услуги кои остваруваат минимум бруто приход утврден од Агенцијата (задолжени даватели).

Воспоставувањето и функционирањето на компензацискиот фонд, како фонд од кој би се финансирала универзалната услуга под услови и на начин утврдени со Законот за поштенските услуги и Методологијата на утврдување на нето трошоците на давателот на универзалната услуга и нивното пресметување, е директно поврзано

со воведување на систем за посебно сметководството и алокација на трошоците и приходите кај давателот на универзалната услуга. Имено, главен извор на податоците и информациите кои се користат при пресметката на нето трошоците е системот за посебно сметководство, од каде може да се утврдат трошоците за поединечните услуги и фази од обезбедувањето на универзалната услуга, како и приходите и трошоците за деловните единици.

Со оглед на фактот дека заклучно со 31.12.2023 година АД Пошта на Северна Македонија, како давател на универзална услуга, нема поднесено барање за остварување на правото за надоместок на нето трошоците и нема имплементирано систем за посебно сметководство за утврдување на нето трошоците што настанале со обезбедувањето на универзалната услуга, не се исполнети основните претпоставки за воспоставување и функционирање на компензацискиот фонд.

И покрај тоа, Агенцијата за пошти Скопје, од аспект на регулативата, има донесена "Одлука за утврдување на висината на минимум бруто приход за задолжени даватели" со која се утврдува висината на минимум бруто приход кој го остваруваат давателите на поштенски услуги, потребна за стекнување статус на задолжен давател кој подлежи на обврската за плаќање во компензацискиот фонд и пропишана „Методологија за утврдување на нето трошоците на давателот на универзалната услуга и начинот на нивното пресметување" со која се утврдува структурата на потребните финансиски информации и начинот на пресметување на нето трошоците за обезбедување на универзалната услуга што претставува основа за плаќање на надоместокот на нето трошоците за обезбедување на универзалната услуга.

Овој модел на финансирање, односно надоместување на нето трошоците на универзалната услуга со формирање на компензациски фонд е во согласност со Директивата за поштенски услуги на Европската Унија, меѓутоа скоро и да не се користи во пракса кај земјите од Унијата. Оттука, Агенцијата за пошти во 2023 година, работеше на изнаоѓање на друг модел за финансирање на универзалната услуга кој би бил посоодветен на условите на поштенскиот пазар во нашата земја, кој би можел да се имплементира во пракса и би дал реални резултати кои би биле од помош за давателот во обезбедувањето на обврските на универзалната услуга. Притоа, како најсоодветен модел за финансирање на универзалната услуга беше истакнат моделот на државна помош за надоместување на нето трошоците на давателот на универзалната услуга, кој има широка примена во земјите од Европската Унија. За имплементирање на новиот модел, потребни се законски измени кои беа иницирани од страна на Агенцијата за пошти во текот на 2023 година.

## 3.3 Следење и контрола на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга

Имплементацијата на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите е во директна корелација со надлежностите на Агенцијата за регулирање на цените на универзалната услуга, регулирање на цените за пристап до поштенската мрежа, пресметување на нето трошоците за универзалната услуга и спречување на внатрешното субвенционирање на други услуги кои ги обезбедува давателот на универзалната услуга со приходите остварени од обезбедување на универзалната услуга.

Во текот на 2023 година Агенцијата за пошти во согласност со своите надлежности презема активности за унапредување на регулативата, како и унапредување на условите и можностите за реализација на обврската за имплементација на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите од страна на давателот на универзалната услуга. За таа цел користени се искуствата од другите регулаторни тела, како и искуствата и препораките добиени од работните групи во рамките на Европскиот комитет за поштенска регулација (CERP) и Европската група на поштенски регулатори (ERGP) во рамките на Европската комисија. Исто така, согласно препораките добиени од реализираниот Твининг проектот за „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти во согласност со Поштенската директива на ЕУ“ Агенцијата изврши анализа на постојната регулатива за посебно сметководство и во следниот период во соработка со давателот на универзалната услуга ќе предложи решенија за измени во регулативата со цел истата да биде соодветна на условите на поштенскиот пазар во нашата земја и на можностите кај давателот на универзалната услуга, што би резултирало со побрза имплементација на соодветен систем за посебно сметководство кај давателот на универзалната услуги.

Процесот на имплементација на систем за посебно сметководство е започнат во 2011 година, кога давателот на универзалната услуга до Агенцијата за пошти достави „Елаборат за утврдување на критериумите за алокација на вкупните трошоци и вкупните приходи“, изготвен од давателот на универзалната услуга и надворешна специјализирана компанија.

Доставениот Елаборат беше евалуиран од страна на Агенцијата за пошти и врз основа на активностите и добиените сознанија од евалуацијата, Агенцијата за пошти изработи Мислење за доставениот Елаборат за утврдување на критериумите за алокација на вкупните трошоци и вкупните приходи и истото е доставено до давателот на универзалната услуга. Во Мислењето се наведени позитивните аспекти и недоследностите на доставениот Елаборат и понудени се решенија за надминување

на истите и градење на Систем за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзална услуга кој ќе одговори на барањата на Правилникот и препораките на Европската директива за поштенски услуги и кој треба да добие позитивно мислење од независна ревизорска куќа.

Давателот на универзалната услуга, треба да преземе активности за надминување на недостатоците на предложениот Елаборат како и активности во насока на имплементирање на препораките од Твининг проектот и да предложи Систем за посебно сметководство и алокација на трошоците кој ќе одговори на барањата на Законот, Правилникот и препораките на Европската директива за поштенски услуги и кој треба да добие позитивно мислење од независна ревизорска куќа.

Целосната имплементација на системот за посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга ќе се реализира по одобрувањето на системот од страна на независна ревизорска куќа и врз основа на тоа, по добиена согласност од Агенцијата за пошти.

# 4. РЕГУЛАЦИЈА НА ПОШТЕНСКИОТ ПАЗАР

Агенцијата за пошти постојано ја следи работата на давателите преку своите надзорни и контролни функции и на систематски начин го поттикнува развојот на конкуренцијата во поштенскиот сектор.

## *4.1 Интерес за влез на поштенскиот пазар и следење на развој на конкуренцијата во поштенскиот сектор*

Во 2023 година се зголеми интересот за работа на меѓународниот поштенски пазар, како од постојните даватели кои сакаа своите бизниси да ги прошират и со прекугранични поштенски услуги, така и од нови компании. Одржани се работни состаноци со 20-тина правни лица заинтересирани за работа во поштенски сектор, но само 7 аплицираа за добивање дозволи. Нестабилното економско опкружување и бројната приватна конкуренција придонесе на пазарот да се појават само 2 нови старап поштенски компании.

Во 2023 година Агенцијата продолжи со активноста за проверка на капацитетите (оперативни и на мрежата) кон 8-те даватели со локални и со дозволи во внатрешен и меѓународен сообраќај кои имаат добиено лиценци во 2021, 2022 и 2023 година, за кои вршеше проверки и консултации. Од оваа активност произлезе Извештај со наоди и заклучоци под наслов “*Анализа на капацитетите на новите даватели на поштенски услуги 2021,2022 и 2023 година*“[11].

## *4.2 Лиценцирање*

Во време на глобални промени и предизвици со кои се соочува европскиот и светскиот пазар, поштенските услуги остануваат значаен фактор во економските активности, но и движечка сила за развојот и функционирањето на општеството и со право го носат епитетот услуги од општ економски интерес.

Поштенскиот пазар во државата и оваа година ги следи глобалните трендови: континуиран пад на обемот на услуги за писма и значителен раст на сегментот на услуги за пакети.

---

[11] https://ap.mk/index.php/mk/231225-analiza-na-kapacitetite-na-novite-davateli-na-poshtenski-uslugi-2021-2023-godina

- **Даватели на пазарот на поштенски услуги во 2023 година**

Понудата за корисниците на поштенскиот пазар на услуги, покрај таа на традиционалната АД Пошта на Северна Македонија Скопје, во текот на 2023 година, ја сочинуваа уште 37 лиценцирани даватели на поштенски услуги, кои поседуваа лиценци за различен вид и опсег на услуги и географско подрачје на делување, или вкупно 38 правни лица.

## Преглед на активни даватели на поштенски услуги во 2023 година

| Цела територија на Република Северна Македонија и меѓународни поштенски услуги | |
|---|---|
| АД Пошта на Северна Македонија Скопје | универзална услуга за домашни и меѓународни услуги |
| ДХЛ Експрес Македонија ДООЕЛ Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| ИН ТИМЕ МК БПС ДОО Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| Брза пратка ДОО Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| ПНЛ ТРАНСЛОГ ДООЕЛ Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ИНТЕРНЕШЕНЕЛ ДООЕЛ Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| ЕУРО ЕНЕРГИ ДОО Тетово – Подружница ЕУРО КАРГО Тетово | домашни и меѓународни услуги |
| Еко Логистик Сервис ДОО Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| Б ПОСТ ДООЕЛ Скопје - Подружница Б ПОСТ Скопје | домашни и меѓународни услуги |
| ГЕНИКИ ТАХИДРОМИКИ СМ ДОО Скопје | домашни и меѓународни услуги |

| Цела територија на Република Северна Македонија | |
|---|---|
| Карго Експрес ДООЕЛ увоз – извоз Битола | цела територија на РСМ |
| ТПЛ Тотал Пост Логистик ДООЕЛ Скопје | цела територија на РСМ |
| Пост Експрес Македонија ДОО Скопје | цела територија на РСМ |
| Ин Пошта Радески ДООЕЛ Скопје | цела територија на РСМ |
| Фалкон Логистик ДОО- Подружница Фалкон Логистик Курир (ФЛЦ) Скопје | цела територија на РСМ |
| Нова Пошта ДООЕЛ Скопје | цела територија на РСМ |
| Интернешенел Меил Деливери ИМД ДОО Скопје | цела територија на РСМ |
| МИК-МИК ДООЕЛ Скопје | цела територија на РСМ |
| Колпортер ДОО Скопје | цела територија на РСМ |
| ВИА ПОСТ ДООЕЛ Скопје | цела територија на РСМ |
| ВИП Пошта ДООЕЛ Скопје | цела територија на РСМ |
| Мекс Пошта ДОО Скопје | цела територија на РСМ |
| Постбох увоз – извоз ДООЕЛ Прилеп | цела територија на РСМ |

| | |
|---|---|
| **Телко Инвестмент Груп ДООЕЛ Прилеп** | цела територија на РСМ |
| **БОХ ПОСТ ДОО Скопје** | цела територија на РСМ |

| **Ограничено географско подрачје – град Скопје** | |
|---|---|
| **ГЛОБАЛ МЕССАГЕ ДООЕЛ СКОПЈЕ** | подрачјето на град Скопје |
| **Анфиленд ДООЕЛ увоз-извоз за Подружница Брза Пошта број еден Скопје** | подрачјето на град Скопје |
| **План Екпрес ДООЕЛ Скопје** | подрачјето на град Скопје |
| **Урбан Деливери Сервис ДОО Скопје** | подрачјето на град Скопје |
| **Еко Пошта ДООЕЛ Скопје** | подрачјето на град Скопје |
| **Цикло Пошта ДООЕЛ Скопје** | подрачјето на град Скопје |

| **Ограничено географско подрачје – една или повеќе општини** | |
|---|---|
| **БАЛКАН ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ДОО Скопје** | подрачјето на град Скопје и Куманово |
| **ЈОКАМ пошта 2011 ДООЕЛ с.Оровник Дебарца** | подрачје на општините Охрид и Струга |
| **ЕКСТРА 03 ДООЕЛ Кавадарци** | релација Кавадарци – Скопје –Кавадарци |
| **БРЗА ПРАТКА ПОСТ-М ЛОГИСТИК ДООЕЛ Тетово** | подрачје на општини Тетово и Гостивар |
| **ДМ Јосифоски ДООЕЛ Прилеп** | подрачје на општини Прилеп и Крушево |
| **Сити Екпсрес Пошта ДООЕЛ Битола** | подрачје на општина Битола, Демир Хисат, Новаци и Могила |
| **Пошта Пештан Експресс ДООЕЛ Охрид** | подрачје на општини Охрид и Дебарца |

Од овие 38 даватели на поштенски услуги, на целата територија на Република Северна Македонија беа овластени да работат 25 компании, од кои 10 од нив и за во меѓународниот поштенски сообраќај. Сите тие работеа на пазарите на поштенски услуги и за писма и за пакети. На ограничено географско подрачје во една или неколку соседни општини работеа 13 даватели на поштенски услуги, а 6 од нив се само на територијата на град Скопје.

*Слика бр.1- Графички приказ на давателите по географско подрачје на обезбедување поштенски услуги во текот на 2023 година*




Состојбата на даватели на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија, заклучно со 31.12.2023 година, изнесува **35 даватели на поштенски услуги, од кои:**

- **34 даватели на поштенски услуги** – правни лица со Општо овластување за обезбедување поштенски услуги и
- **1 правно лице - АД "Пошта на Северна Македонија" - Скопје** – со индивидуална дозвола за обезбедување на универзална услуга во внатрешен и меѓународен сообраќај, или вкупно:

- **<u>Влез на поштенскиот пазар – издавање на Општи овластувања</u>**

Агенцијата за пошти во извештајната година постапуваше по вкупно 7 Нотификации за започнување, промена или престанок со обезбедување на поштенски услуги.

*<u>Од нив, издадени се:</u>*

- 4 - Општи овластувања за обезбедување поштенски услуги,

Донесено е 1 Решение за отфрлање на барањето, а 2 предмети се пренесуваат за решавање во следната година.

Од 4-те издадени Општи овластувања за обезбедување поштенски услуги 2 се за нови старт-ап компании, 1 е издадено на постоен давател за проширување на услугите и во меѓународниот сообраќај и 1 во внатрешен поштенски сообраќај на постоен давател кој се ребрендира.

- **<u>Губење на статусот на даватели на поштенски услуги во 2023 година</u>**

Агенцијата за пошти и во извештајната година продолжи со активноста за следење и анализа на оние даватели за кои има сознанија дека од одредени причини престануваат со поштенскиот бизнис, по што се преземени активности за укинување на лиценците.

По службена должност укинати се Општите овластувања, за:

✕ Постбох увоз – извоз ДООЕЛ Прилеп,

✕Цикло Пошта ДООЕЛ Скопје и

✕Фалкон Логистик ДОО-Подружница Фалкон Логистик Курир (ФЛЦ) Скопје.

➔ За споредба, во 2022 година вкупно 10 даватели го изгубиле Општото овластување, што е најголема бројка на даватели кои го напуштиле поштенскиот пазар, од постоењето на Агенцијата.

- **<u>Регистар на даватели на поштенски услуги</u>**

Агенцијата за пошти води службена евиденција со релевантни податоци за давателите на поштенски услуги, согласно Законот за поштенските услуги.

Податоците од Регистарот, освен за потребите на регулаторот, се во функција на транспарентност за сите учесници во поштенскиот сектор.

Агенцијата за пошти и во 2023 година, редовно и на дневна основа ги ажурираше податоците во службената евиденција за давателите на поштенски услуги. Од 39 завршени предмети, 7 се однесуваа на започнување, промени и бришење на даватели, 15 предмети за ажурирање на ценовници, 6 за промена на организациониот облик на давателите, 5 предмети за промени на сортинг центри или регистрираното седиште во кои давателите ја вршат дејноста и 6 за други промени.

- **Лиценцирање споредбено во изминатите 15 години од 2008 – 2023 година**

Во 15 -те години од своето постоење, Агенцијата за пошти издаде над 130 Општи овластувања за обезбедување поштенски услуги за започнување или промена на 90 правни лица.

Лиценци се издавани на нови компании кои за прв пат добиле можност своите услуги да ги понудат на поштенскиот пазар, но и на веќе постојни оператори кои

своето работење го прошириле на поголемо географско подрачје и/или со проширување на палетата на услугите, оттаму бројката на издадени лиценци е поголема од бројот на правни лица.

Најмногу дозволи за влез во поштенскиот бизнис на вкупно 13 нови компании се издадени во 2009 година и во 2019 година на вкупно 10 нови компании.

Најмалку дозволи на нови компании се издадени во 2011 и 2023 година, по 2 годишно. Мал број на Општи овластувања на нови компании по 3 годишно се издавани во 2012, 2013, 2017 и 2022 година.

*Слика 4 – Графички приказ на бројот на издадени лиценци во годината – споредбено за изминатите 15 години (2008-2023)*




Од друга страна, понудата во изминатите 15 години динамично се менуваше, па вкупно 56 правни лица го изгубија статусот на даватели на поштенски услуги по разни основи.

*Слика 5.- Графички приказ за број на даватели кои го изгубиле Општото овластување - споредбено 2008-2023*




Во текот на годината во која работеле лиценцираните даватели за изминатите 15 години бројот на активни даватели е најголем во 2021 година со вкупно 49 присутни поштенски оператори

Од 2019 до 2021 година индикативен е трендот на забележителен пораст на активни даватели во текот на една година. Причините се општо познати, зголемување на онлајн нарачките во Ковид пандемијата, поради што и поштенскиот сектор

доживеа експанзија. Веќе наредната 2022 година, особено во 2023 , економската и енергетска криза се одразија негативно врз работењето во секторот и бројката на активни даватели падна под 40 годишно.

*Слика бр.2- Графички приказ на активни даватели кои работеле во текот на една година, изминатите 15 години (2008-2023)*




Просечниот век на работа на правните лица со лиценца во поштенскиот сектор изнесува не повеќе од 3,5 години.

Од сите 56 поранешни даватели кои не се повеќе под поштенска регулација, само 5 правни субјекти работеле над 10 години.

Од останатите 51, најголем број или 31 правно лице имале просечен век на поштенска активност 1,5 година.

Во последните три години 9 даватели на поштенски услуги го изгубиле Општото овластување за поштенски услуги само по една година работење. Ваква појава последно е забележана во периодот 2009 - 2011 година.

## *4.3 Управни постапки во 2023 година*

Агенцијата за пошти во текот на 2023 година постапуваше по вкупно 75 управни предмети од нејзина надлежност , од кои 73 постапки се завршени до крајот на годината, а 2 се пренесуваат за решавање во 2024 година.

По однос на начинот на поведување на постапките, најголем број односно 59 предмети се поведени по службена должност, а 16 по барање од заинтересирани субјекти (за добивање, промена на Општо овластување, приговори од корисници, информации од јавен карактер).

По однос на предметот за кој е водена постапката,

**36** од постапките за предмет имале утврдување на годишен надоместок
**10** од постапките се предмети од лиценцирање
**19** постапки се предмети од извршени надзори (редовни и вонредни)
**5** постапки се по предмети заведени по управен приговор од корисници
**2** постапки се во предмети по информации од јавен карактер
**1** предмет е заведен во постапка за одобрување цени за универзалната услуга во внатрешен сообраќај
**1** предмет е заведен во постапка за одобрување цени за универзалната услуга во меѓународен поштенски сообраќај
**1** предмет е заведен во постапка за затворање на повеќе ЕПМ на АД Пошта

Сите постапки завршија во рок со донесување соодветна одлука или решение од страна на Агенцијата.

Два предмети кои се започнати на крајот на декември, се пренесени за решавање во следната година.

**ПРЕДМЕТИ ОД УПРАВНА ЕВИДЕНЦИЈА за 2023 година**

| Р бр | Арх.број на предмет | Содржина | Решавање предмети | Број |
|---|---|---|---|---|
| 1 | УП1 бр.02-83<br>УП1 бр.02-145 | Нотификација за започнување за добивање на Општо овластување за обезбедување поштенски услуги | **УП1 бр. 02-83**- издадено Општо овластување -цела територија на РСМ за ТЕЛКО ИНВЕСТМЕНТ ГРУП ДООЕЛ Прилеп;<br>**УП1 бр. 02-145** -издадено Општо овластување -цела територија на РСМ - за БОХ ПОСТ ДОО Скопје; | 2 |
| 2 | УП1 бр.02-82<br>УП1 бр.02-142<br>УП1 бр.02-152<br>УП1 бр.02-155 | Барање за добивање Општо овластување со Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги | **УП1 бр.02-82**- отфрлена Нотификација за промена со обезбедување поштенски услуги -ТПЛ ТОТАЛ ПОСТ ЛОГИСТИК ДООЕЛ Скопје;<br>**УП1 бр.02-142**- издадено Општо овластување од 17.11.2023 година -за проширување на географско подрачје за давателот ЕУРО ЕНЕРГИ-Подружница ЕУРО КАРГО ДОО Скопје, за внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај.<br>**УП1 бр.02-152**- Нотификација за промена со обезбедувањ епоштенски услуги-за проширување на географско подрачје за давателот МЕКС ПОШТА ДОО Скопје, за меѓународен поштенски сообраќај- **постапката е во тек**<br>**УП1 бр.02-155**- Нотификација за промена со обезбедувањ епоштенски услуги-за проширување на географско подрачје за давателот ВИА ПОСТ ДООЕЛ Скопје, за меѓународен поштенски сообраќај- **постапката е во тек** | 4 |
| 3 | УП1 бр.02-84<br>УП1 бр.02-89 | Постапки за преиспитување на Општо овластување-поведени по службена должност | **УП1 бр.02-84**- издадено Општо овластување тификација за промена со обезбедување поштенски услуги -МИК МИК ДООЕЛ Скопје;<br>**УП1 бр.02-89**- укинато Општо овластување на ЦИКЛО ПОШТА ДООЕЛ Скопје со Решение од 05.04.2023; | 2 |
| 4 | УП1 бр.02-81<br>УП1 бр.02-99 | Барање за зголемување на цени, измена и дополнување на ценовник | **УП1 бр.02-81**- Со Решение од 20.01.2023 година одобрено барањето на АД-Пошта на Северна Македонија Скопје.<br>**УП1 бр.02-99**- Со Решение од 11.08.2023 година одобрено барањето на АД-Пошта на Северна Македонија Скопје. | 2 |
| 5 | УП1 бр.02-97 | Барање согласност за трајно затворање на ЕПМ | **УП1 бр.02-97**- Со Решение од 09.06.2023 година одбиено барањето за трајно затворање на ЕМП-Пошта на Северна Македонија Скопје. | 1 |
| 6 | УП1 бр. 02-91<br>УП1 бр.02-146 | Постапки за престанок на важност и укинување на Општото овластување- поведени по службена должност | **УП1 бр.02-91** Со Решение од 29.03.2023, а согласно чл.45 став 1 алинеја 1 од Законот, укинато е Општото овластување за обезбедување поштенски услуги за правното лице Постбох ДООЕЛ Прилеп;<br>**УП1 бр.02-146** Со Решение од 03.11.2023, а согласно член 45 став 4 од Законот, укинато е Општото овластување за обезбедување поштенски услуги за правното лице ФАЛКОН ЛОГИСТИК-Подружница ФАЛКОН ЛОГИСТИК КУРИЕР (ФЛЦ); | 2 |
| 7 | УП1 02-100 до 02 -134, и 147, | Постапки за утврдување на висината на годишниот надомест на давателите | Водени се постапки за 36 лиценцирани поштенски оператори и издадени се 36 Решенија за годишен надоместок за 2023 година за даватели на поштенски услуги. Следење на доброволно извршување и водење постапка за присилно извршување | 36 |
| 8 | УП1 бр.02-85<br>УП1 бр.02-87<br>УП1 бр.02-90<br>УП1 бр.02-93<br>УП1 бр.02-94<br>УП1 бр.02-95<br>УП1 бр.02-96<br>УП1 бр.02-98<br>УП1 бр.02-135<br>УП1 бр.02-136<br>УП1 бр.02-137<br>УП1 бр.02-138<br>УП1 бр.02-140<br>УП1 бр.02-141<br>УП1 бр.02-148<br>УП1 бр.02-149<br>УП1 бр.02-150<br>УП1 бр.02-151<br>УП1 бр.02-154 | Инспекциски надзори (вонредни, контролни) Цел: достава на пратки без овластување, достава не препорачани пратки и евиденција за препорачани пратки. Прекршочна постапка | **Уп1 бр.02-85- редовен надзор** врз давател Јокам Пошта 2011 ДООЕЛ Охрид, записник од 24.02.2023 ;<br>**УП1 бр. 02-87 - редовен надзор** кај давател ГЛОБАЛ МЕССАГЕ ДООЕЛ Скопје ,записник од 15.02.2023 ;<br>**УП1 бр.02-90-вонреден надзор** врз нелиценцирано правно лице кое врши поштенски услугиНОУ Лимит Технолоџи ДООЕЛ Скопје, записник од 20.04.2023 година издадени 2 ПНН-платено во рок;<br>**УП1 бр.02-93-вонреден надзор** кај давател ЕУРО ЕНЕРЏИ-Подружница ЕУРО КАРГО Тетово, записник од 18.05.2023, издадени ППН -платено во рок<br>**УП1 бр.02-94-вонреден надзор** врз нелиценцирано правно лице кое врши поштенски услуги ПМ ПОСТМАН анд ЛОГИСТИКС ДООЕЛ Скопје, записник од 18.05.2023 година, издадени 2 ПНН, БПП на 22.09.2023<br>**Уп1 бр.02-95- редовен надзор** кај давател ИН ТИМЕ МК БПС ДОО Скопје, записник од 22.05.2023 ;<br>**Уп1 бр.02-96- редовен надзор** кај давател ЕКСТРА 03 ДООЕЛ Кавадарци, записник од 22.06.2023 ;<br>**УП1 бр.02-98-вонреден надзор** вонреден надзор врз нелиценцирано правно лице кое врши поштенски услуги ВАША ПОШТА ДООЕЛ Скопје записник од 09.06.2023 година, издадени 2 ПНН, БПП на 21.09.2023 ;<br>**УП1 бр.02-135-вонреден надзо**р врз давател МЕКС ПОШТА ДООЕЛ Скопје, записник од 11.07.2023, издадени ППН-платени во рок,<br>**УП1 бр. 02-136 - вонреден надзор** врз давател Б-ПОСТ ДООЕЛ-Подружница Б ПОСТ Скопје, записник од 11.07.2023, издадени ППН, БППП од 21.09.2023,<br>**УП1 бр. 02-137- вонреден надзор** врз давател МИК МИК ДООЕЛ Скопје, записник од 11.07.2023, издадени ППН, БППП од 21.09.2023,жалба 23.11.2023,<br>**УП1 бр. 02-138- вонреден надзор** врз давател ПНЛ ТРАНСЛОГ ДООЕЛ Скопје, записник од 13.07.2023,<br>**УП1 бр. 02-140- редовен надзор** кај давател БАЛКАН ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ДОО Скопје, записник од 06.09.2023 година,<br>**УП1 бр. 02-141- редовен надзор** кај давател ДЕЛИВЕРИ СЕРВИС ИНТЕРНЕШЕНЕЛ ДООЕЛ Скопје, записник од 12.09.2023 година,<br>**УП1 бр. 02-148 - вонреден надзор (пренесен од 2020 година)** врз правно лице ЛОКАЛ ПОСТ ДООЕЛ Скопје, пресуда од Апелационен суд од 16.11.2023 година,<br>**УП1 бр.02-149-вонреден надзор** врз нелиценцирано правно лице кое врши поштенски услугиСТР ПОСТ ДООЕЛ Скопје, записник од 19.12.2023 година издадени 2 ПНН-платено во рок;<br>**УП1 бр.02-150- редовен надзор** кај давател ПОСТ ЕКСПРЕС МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, записник од 28.11.2023 година,<br>**УП1 бр.02-151**- редовен надзор кај давател БРЗА ПРАТКА ДОО Скопје, записник од 28.11.2023 година,<br>**УП1 бр.02-154**-вонреден надзор врз нелиценцирано правно лице кое врши поштенски услугиМЈМ ДЕЛИВЕРИ ДООЕЛ Скопје, записник од 21.12.2023 година издадени 2 ПНН; | 19 |
| 9 | УП1 бр.02-86<br>УП1 бр.02-92 | Информации од јавен карактер | **УП1 бр.02-86** -По барање за пристапување до информации од јавен карактер изготвено Решение од 07.02.2023 година<br>**УП1 бр.02-92** -По барање за пристапување до информации од јавен карактер изготвено Решение од 11.05.2023 година | 2 |
| 10 | УП1 бр.02-88<br>УП1 бр.02-139<br>УП1 бр.02-143<br>УП1 бр.02-144<br>УП1 бр.02-152 | Управни приговори од корисници | **УП1бр.02-88** По управен приговор од корисник -изготвено Решение УП1 бр.02-88 од 08.03.2023 година за одбивање;<br>**УП1 бр.02-139** По управен приговор од корисник -Решение за одобрување од 04.08.2023 ,<br>**УП1 бр.02-143** По управен приговор од корисник -Решение за одбивање од 13.10.2023,<br>**УП1 бр.02-144** По управен приговор од корисник -Решение за одбивање од 06.11.2023<br>**УП1 бр.02-152** По управен приговор од корисник -Решение за одбивање од 29.12.2023 | 5 |
| | | **ВКУПНО ПРЕДМЕТИ** | | 75 |

## 4.4 Регулација на цени

### 4.4.1 Промена на цени за обезбедување на поштенски услуги од опфатот на универзалната услуга во внатрешен сообраќај

Агенцијата за пошти го одобри барањето на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје, за промена на цени за обезбедување на 8 поштенски услуги од опфатот на универзалната услуга во внатрешниот поштенски сообраќај со Решение УП1 бр.02-81 од 20.01.2023 година.

Одобрена е примена на нови цени за следните поштенски услуги :

Основната услуга за писмо со тежина до 50 грама и за стандардизирано и за нестандардизирано писмо изнесува 36 денари.

Нови цени добија и стандардизирана поштенска картичка до 50 грама- 16 денари, нестандардизирано писмо со маса над 50 грама до 100 грама - 48 денари, нестандардизирано писмо со маса над 100 грама до 250 грама -60 денари, како и цените за гломазно писмо од 80, 128 и 176 денари во три различни стапки на маса започнувајќи од 250 грама па се до 2.000 грама.

Имајќи ги во предвид економските движења во Република Северна Македонија – пред сѐ инфлацијата и зголемување на цената на електричната енергија и гориво, како и трошоците за материјали и средства за возила, одржување на транспортни средства, и други трошоци под влијание на порастот на инфлацијата, кои секако придонесуваат за зголемување на трошоците во работењето на АД „Пошта на Северна Македонија“, Агенцијата изврши соодветна проверка и анализа на податоците и оцени дека потребата за зголемување на цените за поштенските услуги е оправдана и основана. Притоа, Агенцијата за пошти го зема предвид и фактот дека цените на 6 вида услуги се непроменети од мај 2009 година, кога последно беа одобрени од страна на Агенцијата за пошти.

Новите цени за 8 -те поштенски услуги се применуваат од **01.02.2023 година,** откако претходно АД Пошта јавно ги објави во три дневни весници и на својата веб страница [12].

[12] https://ap.mk/sites/default/files/2023-01/%D0%A0%D0%B5%D1%88%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D0%B5%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D1%86%D0%B5%D0%BD%D0%B8%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%BF%D0%BE%D1%88%D1%82%D0%B5%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%20%D1%83%D1%81%D0%BB%D1%83%D0%B3%D0%B8%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%BE%D0%BF%D1%84%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%82%20%D0%BD%D0%B0%20%D1%83%D0%BD%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D1%83%D1%81%D0%BB%D1%83%D0%B3%D0%B0.pdf

### 4.4.2 Промена на цените за поштенски услуги во меѓународниот поштенски сообраќај во опсегот на универзалната услуга

Агенцијата за пошти одобри нови цени за поштенски услуги во меѓународниот поштенски сообраќај во опфатот на универзалната услуга, со Решение УПI бр.02-99 од 11.08.2023 година, на барање за промена на цените поднесено од АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје.

Зголемени се цените на услугите за стандардизирано и нестандардизирано писмо во сите тежински стапки, а основните за писмо во прва тежинска стапка до 20 грама изнесуваат 42 денари во I и II зона и 45 денари во III, IV и V зона. Зголемена е цената за мал пакет која услуга за прва тежинска стапка до 100 грама изнесува 105 денари во I и II зона и 120 денари во III, IV и V зона. Зголемена е цената за препорачано ракување со писма -139 денари и цената за ракување со писмо со означена вредност -169 денари, кои се пресметуваат како дополнителна цена која се додава на основната цена на услугата по вид и тежина. Зголемена е дополнителната цена за авионски превоз која се додава на основната цена за услугата по вид и тежина ( за писма, печатени работи и мали пакети) од 4 на 6 денари за секои 10 грама тежина на пратката и тоа само за зона V-Австралија и Нов Зеланд и зона VI -Останати земји во светот. Зголемени се и цените за услугите за печатени работи во сите тежински стапки а цената за основната услуга до 20 грама изнесува 37 денари во I и II зона и 39 денари во III, IVи V зона.

По нивното јавно објавување во три дневни весници, започнувајќи од **01.09.2023 година**, АД „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје ги применува новите цени за поштенски услуги во меѓународниот сообраќај[13].

### 4.5 Финансирање на работата на Агенцијата за пошти – Годишен надоместок за 2023 година

Откако се создадоа законските предуслови со усвојување на Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година од страна на Собранието на РСМ, во текот на месец јули, во управна постапка по службена должност Агенцијата издаде вкупно 36 Решенија за годишен надомест за 2023 година

[13] https://ap.mk/sites/default/files/2023-08/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D1%86%D0%B5%D0%BD%D0%B8%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BC%D0%B5%D1%93%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BD%20%D0%BF%D0%BE%D1%88%D1%82%D0%B5%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%20%D1%81%D0%BE%D0%BE%D0%B1%D1%80%D0%B0%D1%9C%D0%B0%D1%98_0.pdf

Вредноста на поенот по која се пресметувани паричните обврски за лиценцираните даватели на поштенски услуги за плаќање на годишниот надоместок кон Агенцијата за пошти за 2023 година изнесува 469,2192 денари.

Постапките за издавање Решенија за годишен надомест се водат континуирано во текот на годината, соодветно на ново издадените Општи овластувања.

Во текот на ноември Комисијата на Агенцијата за пошти во состав на Годишната програма за следната година донесе Одлука за определување на вредноста на поенот која ќе се применува за пресметување на годишниот надоместок кој давателите на поштенски услуги ќе треба да го платат во 2024 година.

Вредноста на поенот за 2024 година со Одлуката бр.02-246/8 е определен да изнесува 508,5224 денари.

# 5. НАДЗОР

## *5.1 Извршени надзори над даватели на поштенски услуги*

Агенцијата за пошти како независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, во согласност со надлежностите предвидени во ЗПУ, врши надзор над спроведување на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Врз основа на член 73 став 3 од ЗПУ, директорката на Агенцијата за пошти донесе Годишен извештај за вршење на надзор за 2023 година[14] , **кој е составен дел на овој Годишен извештај**. Годишниот извештај за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2023 година ги сумира активностите кои се превземени согласно Годишната програма за вршење на надзор на Агенцијата за пошти за 2023 година бр.01-276/1 од 20.12.2022 година, во насока на вршење на надзор над спроведување на одредбите на овој закон, прописите и другите општи акти донесени врз основа на него, а особено врз:

- пристапот до универзалната услуга;
- квалитетот на обезбедување на универзалната услуга;
- обезбедување пристап до поштенската мрежа;
- примена на цените на универзалната услуга;
- имплементација на сите акти донесени од страна на Агенцијата;
- над други работи утврдени со ЗПУ и над прописите и другите општи акти донесени врз основа на ЗПУ.

Во 2023 година беа спроведени вкупно 18 надзори, од кои 8 редовни и 10 вонредни надзори.

Вонредните надзори над 4 даватели на поштенски услуги Агенцијата ги спроведе во заедничка и координирана акција со Министерството за внатрешни работи, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Државниот инспекторат за труд и Државниот пазарен инспекторат.

---

[14] https://ap.mk/sites/default/files/2023-12/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B2%D1%80%D1%88%D0%B5%D1%9A%D0%B5%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%D0%B4%D0%B7%D0%BE%D1%80%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%90%D0%B3%D0%B5%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%BF%D0%BE%D1%88%D1%82%D0%B8%20%D0%B7%D0%B0%202023%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0_0.pdf

## 5.2 Судски прекршочни постапки

Во текот на 2023 година беа поведени 5 прекршочни постапки пред надлежен Кривичен суд против даватели на поштенски услуги и одговорните лица за кои претходно во постапки за надзор беа констатирани прекршоци и во кои постапките за порамнување завршија без успех.

1. Поднесено е Барање за поведување прекршочна постапка до Основен Кривичен суд – Оддел за прекршоци Скопје УПІ бр.02-74 од 21.09.2023 против сторителите *давателот на универзална услуга АД „Пошта на Северна Македонија“ Скопје и одговорните лица Васко Стефанов и Елез Елези за констатирани по два продолжени прекршоци за правното и по еден за одговорни лица во правното лице по член 30 став 2 и казнив по член 80 ст.1 ал.1 и став 2 од ЗПУ- за необезбедување на универзална услуга постојано и секој ден во период од септември 2022 година до 18.11.2022 година и по член 54 став 1 и казнив по член 80 ст.1 ал.18 и став 2 од ЗПУ-за не вршење достава на адреса на примачите во континуитет од септември 2022 до 18.11.2022 година–(надзорот беше завршен во ноември /декември 2022 година).*
2. Поднесено е Барање за поведување прекршочна постапка до Основен Кривичен суд – оддел за прекршоци Скопје УПІ бр.02-98 од 21.09.2023 година против Друштво за поштенски и курирски услуги ВАША ПОШТА ДООЕЛ Скопје– и одговорното лице во правното лице Саше Петревски, за сторен прекршок -обезбедување на поштенски услуги без Општо овластување спротивно на членот 38 став (1) и *казнив по член 80 став 1 ал.4 и ст.2 од ЗПУ (-надзорот беше извршен во текот на 2023 година).*
3. Поднесено е Барање за поведување прекршочна постапка до Основен Кривичен суд – Оддел за прекршоци Скопје УПІ бр.02-98 од 21.09.2023 година против сторителите правниот субјект ПМ ПОСТМАН АНД ЛОГИСТИКС ДООЕЛ Скопје и одговорното лице во правното лице Рамадан Лимај, за сторен продолжен прекршок по член 38 ст.1 од ЗПУ, казнив по член 80 став 1 ал.4 и ст.2 од ЗПУ, за обезбедување поштенски услуги без Општо овластување – *(надзорот беше извршен во мај 2023 година).*
4. Поднесено е Барање за поведување прекршочна постапка до Основен Кривичен суд – Оддел за прекршоци Скопје УПІ бр.02-136 од 21.09.2023 година против сторителите давателот на поштенски услуги Б ПОСТ ДООЕЛ Скопје-Подружница Б ПОСТ Скопје и одговорното лице во правното лице Фуркан Ибраими, за сторен продолжен прекршок по член 41 ст.2од ЗПУ, казнив по член 80 став 1 ал.5 и ст.2 од ЗПУ, за обезбедување поштенски услуги кои не се наведени во Општото овластување – *(надзорот беше извршен во јули 2023 година)*

5. Поднесено Барање за поведување прекршочна постапка до Основен Кривичен суд – Оддел за прекршоци Скопје УПІ бр.02-137 од 21.09.2023 година против сторителите -давателот на поштенски услуги Друштво за транспорт и услуги МИК-МИК ДООЕЛ Скопје и одговорното лице во правното лице Енис Пакаштица (странски државјанин од Косово), за сторен прекршок по член 41 ст.2 од ЗПУ, казнив по член 80 став 1 ал.5 и ст.2 од ЗПУ, за обезбедување поштенски услуги кои не се наведени во Општото овластување – *(надзорот беше извршен во јули 2023 година).*

# 6. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА КОРИСНИЦИТЕ

Агенцијата за пошти континуирано и посветено остварува комуникација со корисниците на поштенските услуги во согласност со главните цели на Законот за поштенските услуги, а тоа е заштита на интересите на корисниците на поштенските услуги.

Граѓаните имаа можност и во текот на 2023 година да се обратат во Агенцијата и да поднесат претставки и приговори, заради остварување на своите законски права како корисници на поштенски услуги и истите се примаа преку Директоратот за заштита на правата на корисниците и односи со јавноста.

Во 2023 година се примени и евидентирани вкупно **16 претставки** и **5 управни приговори** од корисници на поштенски услуги, по кои Агенцијата за пошти постапи соодветно и во законски пропишан рок.

Во текот на 2023 година, Агенцијата за пошти одговараше по поднесоците, информираше, насочуваше и беше достапна за сите корисници на поштенски услуги на кои им беше потребна информација и насока.

## *6.1 Претставки*

Претставките беа евидентирани во Уписникот за предметите по предлози и претставки. Начинот на поднесување на претставките може да биде во писмена форма на адреса на Агенцијата за пошти или електронски на официјалните е-маил адреси (info@ap.mk и kabinet@ap.mk) и усно на записник во просториите на Агенцијата за пошти.

Во 2023 година, евидентирани се вкупно шестнаесет (16) претставки, од кои во 6 од нив подносителите го одбрале електронскиот начин на поднесување претставки преку електронските адреси на Агенцијата за пошти, а десет (10) поднеле писмено на адреса на Агенцијата.

Единаесет (11) од нив се поднесени од физички лица, а пет (5) од правни лица. Поголемиот дел од подносителите, односно 11 биле во својство на примачи на пратки, а останатите 5 како испраќачи.

Во 2023 година, најголем дел од претставките односно шест (6) се однесуваа за услугите на давателот на универзалната услуга А.Д. Пошта на Северна Македонија. Во нив, корисниците се жалеа на роковите за достава на пратки, за оневозможување за поднесување на рекламација, како и за начинот на достава на препорачани поштенски пратки од меѓународен поштенски сообраќај.

Две од претставките беа доставени на понатамошно постапување на надлежност Агенцијата за пошти, кои првично биле поднесени во Канцеларијата на Народен правобранител и во Државен пазарен инспекторат.

Понатаму, осум (8) претставки се однесуваат за услугите на давателите на поштенски услуги КАРГО ЕКСПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Битола, ПНЛ ТРАНСЛООГ ДООЕЛ СКОПЈЕ, ИН ПОШТА РАДЕСКИ ДООЕЛ Скопје, ТПЛ Тотал Пост Логистик ДООЕЛ Скопје, меѓу кои и за два нелиценцирани даватели на поштенски услуги.

Како најчести основи за поднесување се евидентирани оштетување на пратки, несоодветната достава на пратки, губење на пратки, оневозможување за поднесување на рекламација, како и за доставата на пратки од страна на нелиценцирани субјекти кои обезбедуваат поштенски услуги.

Агенцијата презеде активности за проверка на наводите, даде соодветни насоки на давателите со цел отстранување на одредени недостатоци при обезбедување на услугите и секако навремено им одговори на подносителите.

## *6.2 Управни приговори*

Во врска со управните приговори, Агенцијата за пошти постапуваше по нив и донесе пет Решенија.

По управниот приговор со **УПI бр.02-88**, беше донесено Решение со кое барањето на подносителот против „Карго Експрес ДООЕЛ Битола“ **се одби во целост како неосновано**, од причина што примачот и испраќачот не постапиле во согласност со законските норми.

Приговорот со **УПI бр. 02-139** поднесен од две физички лица, во својство на корисници- примачи на 5 препорачани поштенски пратки во внатрешен поштенски сообраќај, против АД Пошта на Северна Македонија, поради не одговарање по рекламација, согласно **член 57 став 3** од Законот за поштенските услуги **беше уважен од страна на Агенцијата, а давателот беше соодветно задолжен.**

Една претставка поднесена поради незадоволство од одговор на давателот „Карго Експрес ДООЕЛ Битола“ по претходно поднесена рекламација од страна на корисникот е трансферирана во управна постапка за што е донесено Решение со **УПI бр.02-143** при што согласно член 61 став 1 и став 2, барањето на подносителот беше **одбиено во целост како неосновано.**

По приговорот со број **УПI бр.02-144** поднесен од корисник поради незадоволство од одговор на давателот „БРЗА ПРАТКА ДОО Скопје“по претходно поднесена рекламација, Агенцијата донесе Решение со кое барањето на подносителот **се одбива во целост како неосновано**.

Во управниот приговор со **УПI бр.02-152** во кој подносителот приговара поради незадоволство од одговор по поднесена рекламација од страна на „Карго Експрес ДООЕЛ увоз извоз Битола“, Агенцијата за пошти согласно член 61 од Законот за поштенски услуги донесе Решение со кое **барањето на подносителот се одбива како неосновано**.

### *6.3 Писмена комуникација со корисници*

Покрај претставките и приговорите, Агенцијата оствари и писмена комуникација со **100 граѓани**, кои како корисници на поштенски услуги бараа информации кои беа од различен карактер.

Тие се однесуваа за начините на поднесување на рекламации, известуваа за нередовни достави на пратки на домашните адреси, пријавуваа оналјн измами од нерегистрирани правни субјекти кои преку социјалните мрежи продаваат производи кои се доставуваат преку лиценцирани  и нелиценцирани даватели на поштенски услуги, бараа информации за цените на пратки во меѓународен сообраќај, за статусот на меѓународни пратки во дојдовен сообраќај, бараа информации за рокови на достава, за контактни информации од даватели, информираа за доцнењето на исплатата на откунини и сл.

Евидентирани се и телефонски повици од граѓани-корисници на поштенски услуги кои исто така ја информираа Агенцијата за одредени ситуации и бараа насоки за понатамошно постапување.

Од причина што Агенцијата за пошти е кориснички ориентирана и отворена за соработка со корисниците, на секое пишано или телефонско обраќање од корисник, дури и да е без законски основ, Агенцијата му посветува внимание и дава препораки и информира за чекорите кои треба да се преземат.

### *6.4 Електронски билтен на Агенцијата за пошти*

Со цел да се афирмира работатата на Агенцијата за пошти и да се доближи до лиценцираните даватели на поштенски услуги, Агенцијата за пошти започна со користење на една од формите на дигиталниот маркетинг. Станува збор е-маил маркетинг, кој подразбира подготовка и праќање на информативни е- билтени или изворно познато како newsletters.

Информативниот е- билтен е моќна алатка на дигиталниот маркетинг бидејќи преку неа се остварува директно комуницирање со соработниците, на персонализиран начин со промовирање на нови и вредни содржини, директно на нивните е-маил адреси.

Агенцијата за пошти во 2023 година испорача 10 Е- билтена.

- Во **првиот** Е-Билтен, Агенцијата ја претстави брошурата за Транспарентност при обезбедувањето на поштенските услуги.




- Во **вториот** Е- Билтен, Агенцијата извести за новата цена на пратките за коресподенција до 50 грама односно дека цената на поштенската услуга за пратките за коресподенција од стандарната категорија во првата тежинска стапка до 50 грама на давателот на универзалната услуга изнесува 36,00 денари.




- Во **третиот Е-билтен**, кој беше споделен на 10 април, Агенцијата информираше за развојот на земјите во Европската унија, за трансформацијата предизвикана од дигитализацијата и технолошките иновации.



- Во **четвртиот билтен**, испорачан на 29 мај, тимот на АП извести за објавата на Статистичкиот извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија за 2022 година како и за одредени податоци од поштенскиот пазар во државата.

- Во **петтиот Е-билтен**, испорачан на 21 јуни, Агенцијата извести за спроведените вонредни надзори вршени во вториот квартал од 2023 година и ја сподели годишната програма за надзор за тековната година.

- **Е-билтен #6** беше насловен „Одржлив развој во поштенскиот сектор“, а неговата содржина беше во насока на подигнување на свеста за заштита на животната средина, вметнување и користење на електрични возила во поштенската инфраструктура и секојдневието. Поштенскиот сектор ја поседува најкомплексната и најнапредна транспортна мрежа во светот, од тука произлегува и потребата за развивање на свеста за оставање на трајна вредност во општеството и одржлив развој, а преку придонесот во намалување на $CO^2$ емисиите посплочен е патот кон намалено загадување на планетата која ни дарува живот.

- Во **Е-билтен #7** Агенцијата за пошти информираше за промена на цените за поштенски услуги во меѓународниот поштенски сообраќај кои АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна соптвеност – Скопје ги обезбедува во опсегот на универзалната услуга. Агенијата за пошти одобри примена на нови цени на поштенски услуги во меѓународниот поштенски сообраќај, во кои ќе бидат опфатени писмата, поштенските картички.




- **Е-билтен #8** беше наменет за „Европска недела на мобилност“, активност во која учествуваше Агенцијата за пошти, а која се одржува секоја година во периодот од 16 до 22 септември на иницијатива на Европската комисија. Со учеството на вработените во Агенцијата за пошти во оваа кампања се упати силна порака за користење

алтернативни форми на мобилност како што се пешачењето, велосипедизмот и сл., како и водење на сметка за заштита на животната средина.

- Во **Е-билтен #9** Агенцијата за пошти информираше за одржувањето на TAIEX Експертската мисија за транспонирање и имплементација на ЕУ Регулативата 2018/644 за услуги за меѓународна достава на пакети во македонското законодавство.

- **Е-билтен #10** беше издаден во знакот на „15 години од основање на Агенцијата за пошти“, одбележувајќи го јубилејот на Агенцијата за пошти која е основана во 2008 година, како независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, која се грижи за законско и ефикасно функционирање на пазарот на поштенските услуги, со цел да ги заштити правата на корисниците и да овозможи конкуренција во областа на поштенските услуги според објективни, транспарентни и недискриминаторски услови.

# 7. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И КОМУНИКАЦИЈА СО МЕДИУМИ

## *7.1 Транспарентност*

**20-ти Јавен состанок на Агенцијата за пошти**

На **23 мај 2023 година**, Агенцијата за пошти го одржа својот **20-ти Јавен состанок**.

Почитувајќи го принципот на транспарентно работење, во просториите на хотел Мериот беше одржан 20-ти јавен состанок на Агенцијата за пошти, на кој пред чинителите во поштенскиот сектор и претставници од повеќе институции, беа презентирани тековните активности, плановите за делување во идниот период, како и Статистичкиот извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија за 2022 година.

Во своето воведно обраќање, директорката на Агенција за пошти, Билјана Аврамоска Ѓореска, говореше меѓу другото и за промовирање на конкуренцијата како една од надлежности на Агенцијата, при што истакна дека „Еден од трендовите за кој воедно се референцира и во Извештаите и анализите на Групата на европски регулатори за поштенски услуги е дека промовирањето на конкуренцијата на пазарите за писма останува валидно и важно. Промовирањето на конкуренцијата во сегментот на писма е особено важно и во нашата земја каде што обемот на писма е сè уште и веројатно ќе остане значаен сегмент во вкупниот обем на услуги на давателот на универзалната услуга“.

На 20-от јавен состанок на Агенцијата за пошти беа доделени признанија на:

**ЕКО ЛОГИСТИК СЕРВИС ДООЕЛ Скопје** – давател на поштенски услуги (со Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги издадено во 2018 година, со проширување на портфолиото на услуги и мрежа во 2019 година) **за најголем остварен обем на пакети од сите даватели на поштенскиот пазар, и најголем остварен обем на поштенските услуги** (пратки за коресподенција и пакети) од сите приватни даватели на поштенски услуги на слободниот пазар;

**АД „Пошта на Северна Македонија“**– како давател на универзалната услуга (со индивидуална дозвола издадена во 2008 година и продолжена во 2014 година со неограничено времетраење) **за обезбедување на универзалната услуга** на целата територија на Република Северна Македонија, постојано по пристапни цени за сите корисници.

https://ap.mk/mk/230523-odrzhan-20-ti-javen-sostanok-na-agencijata-za-poshti





Настанот беше медиумски покриен од страна на МИА-медиумска информативна агенција, Македонска Радио Телевизија.

**<u>21-ви Јавен состанок на Агенцијата за пошти</u>**

Почитувајќи го принципот на транспарентно работење, во просториите на Хотел Мериот беше одржан 21-ти Јавен состанок на Агенцијата за пошти, на кој пред чинителите во поштенскиот сектор и претставници од повеќе државни институции беа презентирани реализираните активности, плановите за делување во 2024 година, како и Анализата на пазарот на поштенски услуги во Република Северна Македонија за 1-во полугодие за 2023 година.

Во своето обраќање, осврнувајќи се на реализираните активности во 2023 година, директорката на Агенција за пошти, Билјана Аврамоска Ѓореска истакна: „Сумирајќи ги активностите во јубилејната година за Агенцијата за пошти може да констатирам дека на најдобар можен начин, посветено и одговорно, Агенцијата ги извршува своите законски функции и надлежности. Доказ за успешноста е скоро целосно реализација на Годишната програма за работа за 2023 година што подразбира висок степен на реализирани активности, значителен број на донесени стратешки документи, извештаи и анализи кои се однесуваат на регулирање и развој на поштенскиот пазар“.

Настанот беше медиумски покриен од страна на МИА-Медиумска информативна агенција, Слободен печат и Вечер.





**<u>15 години Агенција за пошти</u>**

На 10 ноември 2023 година, Агенцијата за пошти го одбележа својот јубилеј **„15 години од основање на Агенцијата за пошти“.**

На свеченоста присуствуваа потпретседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г-дин Горан Мисовски, министерот за транспорт и врски г-дин Благој Бочварски, кои имаа свои поздравни обраќања. Исто така, на настанот присуствуваа и министерот за локална самоуправа, членовите на Комисијата на Агенција за пошти, претставници од извршната и законодавната власт, регулаторните тела и институциите со кои соработува Агенцијата за пошти, претставници на давателите на поштенски услуги, како и други поканети гости.

Преку видео обраќање честитки за јубилејот упати и заменикот на генералниот директор на Светскиот Поштенски Сојуз, г-дин Марјан Освалд кој истакна дека „*Агенцијата за пошти е успешна институција која ги следи поштенските трендови и е присутна на меѓународните настани, додавајќи дека нема успешно општество без успешни поштенски услуги*“. Линк кон видео: https://youtu.be/gHvnfllXz50

Свое излагање имаше и директорката на Агенција за пошти, г-ѓа Билјана Аврамоска Ѓореска, која за говореше за постигнувањата на Агенцијата за пошти во изминатите 15 години. Меѓу другото, таа истакна „*Горди сме на постигнатите резултати и воедно спремни сме да опстоиме и да се справиме со сите идни предизвици. Продолжуваме со отпочнатите проекти и реформи во нашиот делокруг на работење, на тој начин придонесувајќи кон јакнењето на поштенскиот сектор*“.

На свеченоста, директорката на Агенцијата за пошти додели:

- Признание за особен придонес во градењето и работата на Агенцијата за пошти на **Собранието на Република Северна Македонија.**
- Признание за успешна соработка и поддршка на работата на Агенцијата за пошти **на Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија.**
- Признание за особен придонес во јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти на **Делегацијата на Европска Унија во Република Северна Македонија.**
- Признание на **г-ѓа Лидија Велковска,** новинарка од **Медиумска Информативна Агенција,** за успешна соработка и афирмација на работата на Агенцијата за пошти.

Исто така директорката Аврамоска Ѓореска додели и Признанија за успешен придонес на пазарот на поштенските услуги на 5 даватели кои успешно работат и повеќе од 15 години и тоа: **АД ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, КАРГО**

**ЕКСПРЕС БИТОЛА, ДХЛ ЕКСПРЕС МАКЕДОНИЈА, ИН ТИМЕ МК БПС и ПНЛ ТРАНСЛОГ.**

Признание за особен придонес за развојот и работата на Агенцијата за пошти, беше доделено на г-дин. Влатко Атанасоски, **првиот директор на Агенцијата за пошти,** кој од самото основање 10 години успешно раководеше со Агенцијата.

Директорката Аврамоска Ѓореска врачи Благодарници по повод 15 години од основање на Агенцијата за особен придонес за развојот и успесите на Агенцијата за пошти на сите вработени во Агенцијата за пошти.

Воедно, на свеченоста беше промовирана и **поштенска марка со мотив** – **„Лого на Агенцијата за пошти**“. На иницијатива на Агенцијата за пошти, АД„Пошта на Северна Македонија“ ја издаде пригодната поштенска марка. Голема благодарност до директорката Бујаре Абази, Управниот одбор и до Бирото за филателија на АД„Пошта на Северна Македонија“ кои придонесоа за изработката и издавањето на оваа марка со филателистичка вредност.




На сите гости им беа врачени Прв ден пликоата со пригодната марка на кои е аплициран поштенски жиг, со дата **„10 ноември 2023 година“.**

## *7.2 Комуникација со медиуми*

- Од комуникацијата со медиумите, Агенцијата за пошти ја користи можноста да ја информира јавноста за актуелните случувања на македонскиот поштенски пазар.

Во извештајниот период остварени се 9 комуникации со македонски медиуми.

- На 17.01.2023 година на иницијатива на новинарката Бјанка Станковиќ од електоронскиот медиум **„Види Вака**“, со директорката Билјана Аврамоска Ѓореска направено е видео-интервју на тема истражувања на потребите на корисниците во 2022 година, сттистички извештај на Агенцијата за пошти и права на корисниците на поштенски услуги.
- На 25.01.2023 година од страна на новинарката Сања Јачевска за порталот **„Факултети.Мк**“, беа поставени неколку прашања поврзани со поштенскиот сектор, по што Агенцијата за пошти одговори соодветно на истите.
- На 26.01.2023 година, за потребите на „**Радио Слободна Европа“** од страна на новинарката Јасмина Јакимова беа побарани кратки информации кои се однесуваа на правата на корисниците на поштенските услуги.

- На 01.02.2023 година, директорката Аврамоска Ѓореска беше гостинка во утринската програма на **ТВ Сител**. Прилогот беше пренесуван во живо, а истиот беше организиран и воден од страна на новинарот Димитар Бабалков. Темата на овој прилог беше промената на цените за обезбедување на поштенските услуги од опфатот на универзалната услуга во внатрешниот поштенски сообраќај.
- Во месец февруари, од страна на новинарката Лидија Велковска од **Медиумската Информативна Агенцијата –МИА**, беше побарано да се одговори на неколку прашања, на тема права на корисници и рекламациони постапки, очекувања од поштенскиот пазар, промена на регулатива, промена на цени и сл.
- На 21.02.2023 година од страна на **„Слободен печат"** беше реализирано видео интервју со директорката на Агенцијата за пошти. Новинарката Весна Дамчевска која беше домаќин на емисијата „Утрински печат" постави повеќе прашања на кои директорката Аврамоска Ѓореска даде соодветни одговори.
- Во месец мај, новинарката Лидија Велковска од Медиумската Информативна Агенција- МИА на електронскиот портал, објави прилог со наслов „Помалку приватни поштенски оператори, но поголем обем и приходи на пазарот" во кој обработи теми и податоци кои беа презентирани на Јавниот состанок на Агенцијата за пошти.
- Во месец јули, во соработка со националната телевизија МРТВ, на првиот програмски сервисен канал, во времетраење од еден месец беше емитувано анимирано видео на Агенцијата за пошти „Твојата пратка во безбедно сандаче". Преку ова видео Агенцијата целеше кон информирање на јавноста за обврската за поставување на куќни домашни сандачиња в.с. со чл.55 од ЗПУ.
- На 09.10.2023 година, директорката Аврамоска Ѓореска гостуваше во Утринската програма на Првиот Сервисен канал на Македонската Радио Телевизија која се емитуваше во живо од просториите на Агенцијата. Во прилогот главниот фокус беше насочен кон постапувањата на Агенцијата по корисничките приговори и рекламационите постапки, како и состојбата со активните даватели на поштенски услуги.

## *7.3 Брошура*

**„Употреба на ИТ технологија во македонскиот поштенски сектор"** е насловот на новата брошура во издание на Агенцијата за пошти.

Во брошурата на лесен и разбирлив начин се презентираат и анализираат податоците кои што се однесуваат на употребата на ИТ-технологија од страна на македонските даватели на поштенски услуги, кои имаат добиено Општо овластување од Агенцијата за пошти.

Конкретно, предмет на разгледување и анализа се податоците кои даваат сознанија за користење на технологиите како Track & Trace – системи, бар код и QR-кодови, мобилни читачи и мобилни пост-терминали за наплата на поштарина. Воедно, објаснети се дефинициите за спомeнатите ИТ-технологии, како и состојбата на македонскиот поштенски сектор.




https://ap.mk/index.php/mk/brosuri

**Посетеност на веб страницата на Агенцијата за пошти**

Со цел да се утврди интересот на јавноста во поглед на работењето на Агенцијата за пошти, како и воопшто следењето на македонскиот поштенски пазар преку користење на веб- страницата на Агенцијата, во текот на 2023 година беше спроведена активност за осознавање на овие информации.

**Според добиените податоци ,посетеноста на веб-страницата на Агенцијата во 2023 година споредбено со 2022 година е зголемена за околу 30%.**

**Во 2023 година веб страницата имала вкупо 76.327 посети, додека пак на истата биле направени 465.541 прелистувања од страна на посетителите**.

Од статистиките констатирано е дека трендот на зголемување на посетеноста е во континуиран пораст, а тоа може да се забележи и од приложениот графички приказ.




Компарација по години

Исто така во извештајната година, на веб страницата се поставени **68 постови** за информирање на јавноста за тековните активности, новости и дејствија на Агенцијата за пошти.

Агенцијата известуваше за промените кои настанаа во поглед на лиценците на давателите на поштенски услуги, известуваше за извршените инспекциски надзори, објави извештаи кои се однесуваат за работењето на Агенцијата, информираше за учеството на меѓународни состаноци и активности, како и за соработки со други институции.

Како најактуелни документи кои биле преземани од страна на посетителите на веб страницата на Агенцијата за пошти биле ценовниците за поштенските услуги на давателите **ДХЛ Експрес Македонија ДООЕЛ Скопје со 863 преземања, на Карго Експрес ДООЕЛ увоз извоз Битола со 611 преземања и на ИН ПОШТА РАДЕСКИ ДООЕЛ Скопје со 186 преземања.**

Најмногу прелистувања се евидентирани во **четвртиот квартал од 2023** година со вкупно **161.692 прелистувања**, а во истиот квартал е остварена најголема посетеност со 19.728 **иљjади посети** на веб страницата.



# 8. ЈАКНЕЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

## *8.1 Обуки*

Агенцијата остана посветена на процесот на развој на своите вработени и во 2023 година продолжи да инвестира во нивното стручно усовршување и оспособување, преку кои обезбеди развој на неопходните знаења и вештини за извршување на работните задачи.

Во 2023 година Агенцијата за пошти реализира значителен дел од предвидениот Годишен план за обуки за 2023 година. Обуките на кои учествуваа вработените од Агенција за пошти беа реализирани согласно Годишниот план за обуки на вработените на Агенција за пошти за 2023 година.

Во 2023 година, беа реализирани 16 учества на вработени во Агенцијата на 10 обуки од областа на заштита на личните податоци, примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер", потоа обука на тема "Доверба и безбедност", како и на тема „Евалуација на задоволството на вработените". Вработениот, т.е. лицето за интегритет посети обука активност за анти-корупција и интегритет, како и активност за анти-корупција и интегритет, во насока на спроведување на системот на интегритет во Агенцијата.

Понатаму, вработените посетуваа обуки од областа на национална проценка на ризиците од перење пари и финансирање на тероризам, од областа на сметководството и даноците, како и советување посветено на номотехничките правила за подготвување на законите.

## *8.2 TAIEX Мисии*

**Мисијата за оцена на Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за пошти" (Twinning Review Mission)** се одржа од 29 мај до 01 јуни 2023 година во деловните простории на Агенцијата за пошти.

Оваа Мисија се одржа како задолжителен последователен дел од Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за пошти", финансиран од Европската Унија, кој се спроведуваше од декември 2018 година до јуни 2020 година.

Мисијата ја спроведоа експерти од Република Хрватска со долгогодишно искуство во областа на поштенските услуги. Целта на Мисијата беше да се оценат резултатите и активностите по секоја од четирите компоненти кои следеа по завршување на проектот: 1. Креирање на документи за политики и процедури; 2. Утврдување на соодветен систем за посебно сметководство и распределба на трошоци, модел за пресметка на нето трошоци на универзалната услуга и ценовна политика; 3. Зајакнување на улогата на инспекцискиот надзор на Агенцијата за

пошти и Компонента 4. Воспоставување критериуми и законски одредби за EN 13724 стандардизираните приватни поштенски сандачиња.

Како заклучок од извршената Мисија за оцена на Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за пошти“ е дека истиот е успешен и одржлив. Агенцијата за пошти поседува доволно човечки ресурси и капацитет, а вработените знаење и експертиза за извршување на активностите и препораките кои произлегоа од проектот, а сето тоа во насока на подобрување на регулација на поштенскиот пазар и обезбедување на поквалитетни поштенски услуги за крајните корисници.

**TAIEX Експертската мисија за транспонирање и имплементација на ЕУ Регулативата 2018/644 за услуги за меѓународна достава на пакети** во македонското законодавство се одржа од 02 до 06 октомври 2023 година во просториите на Агенцијата за пошти. Мисијата ја спроведоа двајца експерти од Хрватската Регулаторна Агенција за мрежни индустрии (ХАКОМ).

Оваа TAIEX мисија, односно транспонирање на Регулативата 2018/644 во македонското законодавство произлегува од обврските кои се преземени од страна на државата во насока на пред пристапните преговори за влез во Европската унија. Од мисијата се добија примери и пракса за имплементација на Регулативата 2018/644 која се однесува на униформирани и транспарентни цени на услугите за меѓународна достава на пакети со цел попристапни услуги за крајните корисници. Понатаму, експертите пренесоа искуства и практични примери како оваа Регулатива е имплементирана во ЕУ земјите членки и улогата и надлежностите на националните регулаторни тела.

# 9. АНАЛИЗА И СЛЕДЕЊЕ НА ПАЗАРОТ

## *9.1 Статистички извештаи*

*** Статистички извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија за 2022 година**

Продолжувајќи ја праксата за навремено прикажување на податоците од поштенскиот пазар, Агенцијата за пошти согласно своите надлежности за следење и анализа на пазарот изготви Статистички извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија за 2022 година[15] и ***истиот беше презентиран на 23 мај 2023 година на 20-тата јавна седница на Агенцијата за пошти***. Статистичкиот извештај има за цел да даде преглед за состојбите на пазарот, поточно да покаже како се развива поштенскиот пазар, вклучувајќи податоци за вработени во овој сектор, остварен обем, и покрај другото развој на поштенската мрежа.

За изготвување на статистичкиот извештај користени се податоци кои давателите на поштенските услуги ги доставуваат до Агенцијата за пошти пополнувајќи обрасци во форма на Извештај во кој ги внесуваат податоците за услугите кои ги обезбедуваат.

Заклучно со 31.12.2022 година, 36 даватели обезбедуваат поштенски услуги и тоа: 35 правни лица со Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги и АД Пошта на Северна Македонија со Индивидуална дозвола за обезбедување на универзална услуга.

- 13 даватели обезбедуваат поштенски услуги на одредено подрачје:
- 23 даватели обезбедуваат поштенски услуги на целата територија, а од нив 9 даватели обезбедуваат поштенски услуги и во меѓународен поштенски сообраќај.

Во 2022 година 10 даватели на поштенски услуги го имаат напуштено поштенскиот пазар.

**Даватели на поштенски услуги (2018-2022)**

| | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година | 2022 година |
|---|---|---|---|---|---|
| Давател на универзална услуга | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Даватели на поштенски услуги на слободен пазар | 35 | 44 | 46 | 42 | 44 |

[15] Статистички извештаи за поштенските услуги | Агенција за пошти (ap.mk)

Бројот на вработени во АД Пошта на Северна Македонија во 2022 година е намален во однос на претходната година за околу 8,8 %, а додека бројот на вработени кај даватели на поштенски услуги на слободен пазар е намален за околу 8 % во однос на 2021 година.

Обемот на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија во 2022 година изнесувал 35,826,593 милиони поштенски пратки и покажува намалување од 4,76 % во споредба со 2021 година.

Кај АД Пошта на Северна Македонија се забележува намалување на обемот во изминативе неколку години, и тоа за 7,5% во 2022 година во споредба со 2021 година. Но, со намалување на обемот кај давателот на универзалната услуга забележуваме еден постојан раст кај давателите на поштенските услуги на слободен пазар. Во 2022 година има зголемување на обемот за 7,3 % во однос на 2021 година.

***Вкупен обем кај АД Пошта на Северна Македонија и кај другите даватели на поштенски услуги 2016-2022 година***




Споредбено со неколку години наназад, се забележува опаѓање на бројот на пратките за кореспонденција, заради промена на потребите за начинот на користење на овој вид на поштенски пратки и поголемата употреба на електронската технологија.

Во 2022 година се забележува зголемување на обемот на пакетите кај АД Пошта на Северна Македонија во однос на 2021 година за 7%.

***Број на пакети во рамки на универзалната услуга – АД Пошта на Северна Македонија 2016 -2022 год.***

| *АД Пошта на Северна Македонија* | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2020 година | 2021 година | 2022 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Пакети*** | 112,229 | 110,488 | 88,481 | 111,886 | 90,662 | 129,840 | 138,872 |

Графиконот покажува дека давателите на поштенските услуги на слободен пазар со годините ги менуваат видовите на поштенските услуги, односно на почетокот обемот на писмата и пакетите бил скоро еднаков, а во 2022 година најмногу обезбедуваат пакети.

***Обем на пратки за кореспонденција и пакети кај даватели на поштенски услуги на слободен пазар - (2016/2022 година)***




Во 2022 година, има намалување на пратките по глава на жител во однос на бројот на пратки во 2021 година кој изнесувал 20,4.

Вкупниот приход кај сите даватели на поштенски услуги во 2022 година во однос на 2021 година е зголемен за околу 13%.

***Движење на приходите кај давателите на поштенски услуги 2016/2022 година (изразено во денари)***




Давателите на поштенските услуги на слободен пазар имаат неколку години по ред зголемување на приходите во 2022 година во однос на 2021 година од околу 10%, односно имаат зголемување на вкупниот обем на поштенски пратки за 7,3 % и зголемување на приходите.

- **Статистички извештај за поштенските активности во Република Северна Македонија за 1-во полугодие на 2023 година**

Податоците се показател за движење на пазарот, развој на нови услуги и заинтересираноста на субјектите за поштенскиот пазар. На 21-от јавен состанок, Агенцијата ги презентираше податоците добиени за првото полугодие на 2023 година, споредбено со истиот период 2022 година. Анализата на пазарот на поштенски услуги во Република Северна Македонија за 1-во полугодие на 2023 година[16] содржи податоци за обемот и видот на пратките, подрачјето на кое се обезбедуваат поштенските услуги, бројот на вработени лица кај давателите на поштенски услуги, финансиските средства остварени од услугите, бројот на рекламации за дадениот период, капацитетот на јавната поштенска мрежа и др.[17]

---

16 Статистички извештаи за поштенските услуги | Агенција за пошти (ap.mk)

Во првото полугодие на 2023 година работеле 36 даватели на поштенски услуги кои обезбедувале поштенски услуги. Првото полугодие на 2023 година бележи намалување на вработени лица во поштенскиот сектор за 10%. Давателот на универзалната услуга има намалување од околу 8%, додека кај давателите на слободниот пазар има намалување од 14 %.

Како што може да се забележи има зголемување на вкупниот обем за првото полугодие во 2023 година. Зголемувањето на обемот во однос на истиот период во 2022 година изнесува околу 0.4 %. Првото полугодие на 2023 година бележи намалување на обемот кај давателот на универзалната услуга од 5%. Зголемувањето на обемот кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар изнесува околу 22,7%.

***Податоци за обем на поштенски пратки***

| | 2022 прво полугодие | 2023 прво полугодие |
|---|---|---|
| **Пошта на Северна Македонија** | 14,476,048 | 13,743,340 |
| **Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар** | 3,608,876 | 4,428,898 |
| **Вкупен обем** | **18,084,924** | **18,172,238** |

***Удел на даватели на поштенски услуги на пазарот***

Давателот на универзалната услуга остварил намалување на скоро сите услуги, и тоа во рамки на универзалната услуга околу 5%. Пратките за коресподенција како услуга која треба да биде достапна до сите корисници, бележи опаѓање за 4,9%.

***Вкупен обем на писма до 50 грама прво полугодие на 2022 година и прво полугодие на 2023 година***



| | прво полугодие 2022 | прво полугодие 2023 |
|---|---|---|
| *Вкупен обем на пратки за коресподенција* | *100%* | *100%* |
| *Писма* | *99,78%* | *99,9%* |
| ** Вкупен обем на писма во рамките на универзалната услуга* | *77,7%* | *78,4%* |
| ** Вкупен обем на писма до 50 грама* | *66,1%* | *66,2%* |
| | | |

***Обем на пакети 2022-2023 година прво полугодие АД Пошта на Северна Македонија***




Во првото полугододие на 2023 година во споредба со првото полугодие на 2022 година 6 даватели на поштенски услуги имаат намалување на обемот на пратките за кореспонденција. Од 30 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар кои работат со пратките за кореспонденција, 5 даватели на поштенски услуги имаат остварено 87.99% од вкупниот обем на пратки за кореспонденција.

Се забележува дека еден давател на поштенски услуги на слободниот пазар го има приматот во услугите и тоа како на пратките за кореспонденција, така и во услугите пакети, а сите 5 даватели оствариле 90,4% од вкупниот обем на пакети.

Од 24 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар кои работеле услугата пакети во извештајниот период, 11 од нив имаат намалување на обемот на пакети во првото полугодие на 2023 година во споредба со првото полугодие на 2022 година.

Приходите за првото полугодие на 2023 година кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар има намалување од 15,3 %, а целиот поштенски сектор има зголемување на приходи од 4,2%.

Доколку се анализира обемот и остварените приходи се доаѓа до заклучок дека давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат зголемување на обем од 22.7 %, а имаат намалување на приходите за 15,3%.

Бројот на рекламации кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар има зголемување од 59,7% во однос на 2022 година, додека кај давателот на универзалната услуга има намалување.

## 9.2 Истражување на потребите на корисниците

Истражување на потребите на корисниците на поштенските услуги е активност која Агенцијата за пошти ја спроведува во последните 3 години и која има за цел при донесување на своите регулаторни мерки и одредување на активностите при работа да се имаат во предвид потребите и задоволството на корисниците од обезбедување на поштенските услуги. Следејќи ги промените и потребите на Европското ниво за измена на обврските во рамки на универзалната услуга, а истовремено и исполнување на потребите на корисниците, Агенцијата за пошти и во 2023 година спроведе независно истражување за потребите на корисниците на поштенските услуги. Истражувањето е извршено од независна компанија која врз основа на точно утврдена методологија го направи истржувањето.

Основен предмет и цел на бараното истражување беше проценка на потребите на корисниците на поштенските услуги. Истражувањето се состои од одговори на испитаници и направена е статистика од одговорите каде јасно се воочуваат потребите не корисниците во одредени подрачја при обезбедување на поштенските услуги.

Истражувањето за потребите на корисниците на поштенски услуги - 2023 година дава одговор и проценка за:

1. Навиките на користење на поштенски услуги
2. Задоволството од поштенските услуги
3. Цените и роковите за достава
4. Квалитетот и рекламации
5. Користењето на услуги на други даватели на поштенски услуги
6. Сандачињата за прием и достава на пакети на јавни места
7. Пратките кои се предмет на електронска трговија

Истражувањето на потребите на корисниците од поштенските услуги[18] е достапно на веб страната на Агенцијата и може да се користи од страна на сите заинтересирани страни.

***Неколку клучни поенти: физички лица***

- Резултатите од спроведеното истражување укажуваат дека најкористени поштенски услуги се испраќање на препорачана пратка, пратка со означена вредност и финансиски трансакции со 57% и испраќање писмо, честитки со 50%.
- 63% од испитаниците воопшто не испраќаат писма на месечна основа, додека 27% изјавиле дека испраќаат до 2 писма.
- 47% од испитаниците изјавиле дека месечно добиваат до 2 препорачани пратки.
- Дури 50% од испитаниците изјавиле дека не примаат писма, додека 40% изјавиле дека примаат до 2 писма месечно.
- Повеќе од половина од испитаниците 53% испраќаат/примаат поштенските пратки во внатрешен поштенски сообраќај (земјата), додека 7% во меѓународен поштенски сообраќај (странство), а 40% подеднакво испраќаат/примаат поштенските пратки.
- 23% од испитаниците испраќаат/примаат поштенски пратки кон/од физички лица , а 43% кон/од правни лица и 33% подеднакво (кон/од физички лица и кон/од правни лица).
- 33% од испитаниците поради користење на електронска пошта помалку испраќаат /примаат поштенски пратки.
- 23% од испитаниците сметките ги добиваат по електронски пат, додека 77% преку пошта.
- Повеќе од половина од испитаниците т.е. 60%, ги посетуваат поштенските единици еднаш месечно.
- Најважни критериуми за избор на поштенска единица која се посетува се локацијата со 63% и работното време 47%.
- Повеќе од половина од испитаниците 60% се донекаде задоволни, додека 30% се многу задоволни од поштенските услуги.
- 43% од испитаниците сакаат да се обезбедуваат услугите преку договорни пошти (приватни продавници, продажни места,трговија, бензински пумпи)
- 37% од испитаниците се донекаде задоволни со цената на стандардно писмо , додека само 10% се многу задоволни.
- 73% од испитаниците не би прифатиле поштенска услуга со послаб квалитет и со пониска цена
- 57% од испитаниците би платиле повисока цена за подобар квалитет на услугите.
- Една третина од испитаниците, сакаат пратката да им стигне наредниот ден, додека 27% од испитаниците пратката да стигне за два работни дена.

[18] https://ap.mk/mk/istrazuvanja-zadovolstvo

- Најважна карактеристика која што треба да ја поседува една стандардна поштенска услуга е  достава на адреса со 70% , а 50% одговориле да има достава и во сабота и достава три пати во неделата.
- 37% од испитаниците изјавиле дека е потребно доставата да се врши секој работен ден од понеделник до петок.
- Најважен фактор во обезбедување на услугата е цената на поштенската услуга со 67% , мал процент на изгубени, оштетени пратки и пречекорување на рокот со 63% и брзина на пренос на поштенските пратки со  57%.

  Мнозинството од испитаниците 60% не се запознаени со постапката за поднесување на рекламации кај поштенскиот оператор за изгубени, оштетени поштенски пратки и  пречекорување на рокот за достава, а  40% изјавиле дека се запознаени со оваа постапка.
- Исто така од оние кои се запознаени со постапката, 10% поднеле усни рекламации, а 3% писмени рекламации, 3% поднеле електронска рекламација ,додека 83% воопшто не поднеле рекламации.
- Најголемата причина ,испитаниците зошто користеле друг давател на поштенски услуги е цената со 57%, навремената достава и сигурност на услугите со 50%.
- 37 % од испитаниците би го користеле пакетоматот кој би бил достапен 24/7 , а 63% дека сакаат достава на адреса во работно време.
- Најприфатлив начин кај испитаниците за достава на поштенските услуги е доставата на адреса со 87%.
- Повеќе од половина од испитаниците 57% не нарачуваат, додека 30% до 2 пати во месецот нарачуваат/купуваат преку профили на социјални мрежи.
- 38% од испитаниците не нарачуваат од непроверени продавници и не вратиле пратка поради измама од страна на он-лине  продавниците (социјални мрежи).
- Две третини од испитаниците најчесто примаат пратки од домашнителе он-лине продавници со 77%,  додека 23% од испитаниците  примаат од странските он-лине продавници.
- 77% плаќаат електронски со платежна картичка при нарачување на производот, додека 23% во готово при самиот прием на пратка или ги користат и двата начини.

***Неколку клучни поенти: правни лица***

- Деловните корисници(банки,мобилни и фиксни оператори,снабдувачи со еленергија и гас) најчесто ги користат следниве поштенски услуги: 67%: испраќање писмо и испраќање препорачана пратка, пратка со означена вредност.
- 100% од испитаниците испраќаат повеќе од 5 писма.
- 100% од испитаниците испраќаат/добиваат 20 и повеќе писма.
- Што се однесува до пратките над 10кг., 50% од испитаниците не испраќаат ваков тип на пратки на годишно ниво, додека 17% изјавиле дека испраќаат 5 и повеќе пратки над 10 кг годишно.

- 83% испраќаат/примаат поштенските пратки ги прават во внатрешен поштенски сообраќај (земјата), а 17% подеднакво испраќаат/примаат поштенските пратки.
- 49% од испитаниците испраќаат/примаат поштенски пратки кон/од правни лица , а 24% кон/од физички лица.
- 33% од испитаниците поради користење на електронска пошта помалку испраќаат /примаат поштенски пратки.
- 67% од испитаниците сметките ги добиваат по електронски пат, додека 33% преку пошта.
- Најважни критериуми за избор на поштенска единица која се посетува е локација со 83%, лично подигање со 67%,работното време 33%.
- 50% од испитаниците се донекаде задоволни, додека 17% се многу задоволни од поштенските услуги.
- 50% од испитаниците сакаат да се обезбедуваат услугите преку договорни пошти (приватни продавници,Продажни места,трговија, бензински пумпи)
- 50% од испитаниците се донекаде незадоволни со цената на стандардно писмо , додека 33% се многу задоволни.
- 100% од испитаниците не би прифатиле поштенска услуга со послаб квалитет и со пониска цена
- 50% од испитаниците би платиле повисока цена за подобар квалитет на услугите.
- Испитаниците , 83% сакаат пратката да им стигне наредниот ден, додека 17% од испитаниците пратката да стигне за два работни дена.
- Најважна карактеристика која што треба да ја поседува една стандардна поштенска услуга е достава на адреса со 67% , а 50% одговориле да има достава во сабота.
- Прва најважна карактеристика која би била корисна е е-маил порака пред достава со 83%,СМС порака со 67%.
- 100% од испитаниците изјавиле дека е потребно доставата да се врши секој работен ден од понеделник до петок.
- Најважен фактор во обездување на услугата е брзината на пренос со 83% , а на второ место со 67% е мал процент на изгубени оштетени пратки.
  100% од испитаниците се запознаени со постапката за поднесување рекламација.
- Од оние кои се запознаени со постапката, 1% поднеле усмени рекламации, а 33% писмени рекламации, 0% поднеле електроснка рекламација ,додека 50% воопшто не поднеле рекламации.
- Најголемата причина, испитаниците зошто користеле друг давател на поштенски услуги е покриеност на територија и цената со 67%.
- Само 33% од испитаниците изјавиле дека поштенските услуги можат да се обезбедат и на поинаков начин со цел на подобра заштита на корисниците на услугите.
- 100 % од испитаниците сакаат достава на адреса во работно време.
- Најприфатлив начин кај испитаниците за достава на поштенските услуги е доставата на адреса со 100%.

- 33% од испитаниците купуваат до 5 и повеќе пати месечно преку профили на социјални мрежи, додека 67%  изјавиле дека не нарачуваат преку социјални мрежи.
- 50% од испитаниците не вратиле пратка поради измама од страна на он-лине продавниците (социјална мрежи), додека 50% не нарачуваат од непроверени продавници.
- Испитаниците 100% примаат од станските он-лине продавници.
- 100% од испитаниците изјавиле дека ги користат и двата начина (во готово при прием на пратката и електронски со платежна картичка).

# 10. СОРАБОТКА

## 10.1 Соработка со домашни институции

E-COMMERCE Macedonian Association На 03.04.2023 година се одржа Годишно Собрание на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија (АЕТМ), на кое присуствуваше и Агенцијата за пошти како почесен член на Асоцијацијата. Поздравно обраќање на Годишното Собрание, меѓу другите, имаше и директорката на Агенцијата за пошти.

Во ноември 2023 година, на 6-та регионална конференција за е-трговија посветена на редефинирањето на е-трговијата во ерата на вештачка интелигенција, во организација на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија (АЕТМ), учествуваа и претставници од Агенцијата за пошти. Во фокусот на конференцијата беше искористувањето на потенцијалот на вештачката интелигенција, нејзината улога во е-трговијата, како и редефинирање и трансформирање на целата индустрија.

## 10.2 Меѓународна соработка

- **Група на европски регулатори за поштенски услуги (ЕРГП)**

Во период од 24 до 25 јануари 2023 година во Лисабон, Португалија се одржа првиот состанок на **Работната група за регулаторна рамка** за 2023 година, на кој присуствуваше и претставник од Агенцијата за пошти. Задачите на работната група за 2023 година се дефинирани во 3 документи усвоени од ЕРГП. На состанокот беа договорени активностите и алатките (прашалници за националните регулатори) преку кои ќе се обезбедат неопходни податоци од државите, со цел изготвување на финални извештаи.

На 2-ри и 3-ти март 2023 година во Љубљана, Република Словенија, се одржаа работни состаноци на **Работната група за корисници на поштенски услуги и суштински индикатори**, на која присуствуваше и претставник на Агенцијата за пошти. На состаноците учествуваа експерти од повеќе земји, кои разменија знаења и добри практики од областа на поштенските услуги. Исто така, од страна на учесниците беше разгледана и усвоена структурата и содржината на работните прашалници. Податоците кои ќе се добијат од прашалниците ќе бидат објавени во Извештајот на ЕРГП за суштинските пазарни индикатори и извештајот за квалитет на услугите, заштита на потрошувачите и постапувањето по рекламации.

На 19 април 2023 година, во Бон, Сојузна Република Германија се одржа состанок на **Работната група за меѓународна достава на пакети,** чиј домаќин беше Федералната мрежна агенција за енергетика, гас, телекомуникации, пошта и

железници. Состанокот беше организиран во хибриден формат, и на истиот учествуваа и претставници на Агенцијата за пошти. На состанокот се дискутираше за теми поврзани со членот 11 од Регулативата за меѓународна достава на пакети 2018/644, според кој Европската Комисијата треба да го оцени степенот на потешкотии при примената на Регулативата.

На 20-ти октомври 2023 година во Солун, Република Грција се одржа 2-от состанок на **Контакт мрежата** (CN) при Групата на Европски регулатори за поштенски услуги (ERGP), на кој учествуваа претставници од Агенцијата за пошти.

На состанокот учествуваа претставници на регулаторните тела од поштенската област на државите членки на Европската Унија, како и претставници на регулаторните тела од државите кои имаа статус на набљудувачи. На состанокот од страна на учесниците беа разгледани и одобрени документите и извештаите кои ќе бидат усвоени на претстојната 25-та пленарна седница на ЕРГП која ќе се одржи во месец ноември во Букурешт, Романија.

На 27 септември, 2023 година во Брисел, Белгија се одржа **4-от форум на Европските регулатори**, на кој присуствуваа и 2 претставници од Агенцијата за пошти. Форумот беше одлична можност за претставниците на Европската комисија, националните регулатори тела, како и за засегнатите страни да ги разменат своите мислења и искуства за прашања кои се однесуваат на поштенскиот сектор. На Форумот беше разгледана и нацрт – програмата за работа на ERGP за 2024 година, која е ставена на јавна консултација (дискусија) до 6 октомври 2023 година.

На 24 -ти ноември 2023 година во Букурешт, Романија се одржа **25–от Пленарен состанок на Европската група на поштенски регулатори** (ЕРГП), на кој присуствуваше претставник од Агенцијата. На пленарниот состанок се усвои Програмата за работа за 2024 година, која ги даде задачите на ЕРГП за следната година во согласност со стратешките столбови поставени со новата Среднорочна стратегија на ЕРГП за период од 2023 до 2025 година.

Пред одржувањето на Пленарниот состанок, на 23-ти ноември, во организација на Европската Комисија се одржа јавна работилница каде се дискутираше за одржливост на животната средина во контекст на изнаоѓање на начин на кој поштенскиот сектор може да придонесе за намалување на $CO_2$ во околината.

Република Северна Македонија е дел од ЦЕФТА проектот за слободна трговија со услуги помеѓу земјите членки на ЦЕФТА (Република Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Молдавија, Црна Гора, Србија и Република Косово). Во текот на 2023 година се одржаа неколку работни состаноци со

цел приближување на условите за слободна трговија на земјите членки, особено во делот на размена на поштенските услуги.

Во период од 21 до 22 февруари 2023 година во Љубљана, се реализираше студиска посета на Агенцијата за комуникациски мрежи и услуги на Република Словенија (АКОС) и на сортинг центарот на „Пошта на Словенија", во организација на ЦЕФТА, на која учествуваше и претставник од Агенцијата за пошти. За време на студиската посета од страна на словенскиот регулатор беше одржана презентација за примената на новата Регулатива за меѓународна достава на пакети, начинот на прибирање податоци од давателите на поштенски услуги и процедурите за доставување на податоци.

Во рамки на ЦЕФТА експертската група на 19 октомври 2023 година во Солун, Грција се одржа работилница за размена на знаења помеѓу регулаторните тела членки на ЦЕФТА за улогата на регулаторните тела, како и за спроведувањето на Регулативата (ЕУ) 2018/644. На работилницата имаше презентација од координаторот на работната група за прекугранична достава на пакети, која даде осврт за начинот и примената на оваа регулатива помеѓу земјите членки на ЕРГП- Европски регулатори за поштенски услуги.

На 06 декември 2023 година, во Подгорица, Црна Гора се одржа работен состанок на ЦЕФТА експертската група за достава на пакети, на кој учество земаа претставници на 7 земји членки на ЦЕФТА, меѓу кои и претставници на Агенцијата за пошти и Министерството за транспорт и врски. На состанокот од страна на Секретаријатот на ЦЕФТА беше презентиран Акциски план за понатамошното функционирање на работната група на ЦЕФТА, додека претставниците на секоја земја членка ги презентираа своите планови за примената на Регулативата за меѓународна достава на пакети како основа за добар регионален развој и соработка.

Воедно, на 07 декември од страна на Црна Гора како претседавач на ЦЕФТА за 2023 година беше организирана конференција „*Недела на ЦЕФТА*- Click,Connect and Trade".

## *10.3 Меморандуми за соработка*

Во рамките на дводневниот состанок кој се одржа во Загреб на 08 и 09 мај 2023 година, Агенцијата за пошти размени искуства со Хрватската Регулаторна Агенција за мрежни индустрии (ХАКОМ), кои можат да се применат во регулирањето на националните пазари на поштенски услуги.

Во рамките на посетата, регулаторните тела надлежни за регулирање на пазарот на поштенски услуги на Република Северна Македонија и Република Хрватска потпишаа и **Меморандум за соработка** во областа на регулација на пазарот на поштенски услуги.

Во јули 2023 година Агенцијата за пошти потпиша **Меморандум за соработка** со Народниот правобранител на Република Северна Македонија, со кој се истакнува посветеноста на двете страни да работат заедно на полето за унапредување и заштита на правата на корисниците на поштенските услуги.

Потписниците на овој Меморандум се согласија да соработуваат во насока на остварување на правата на корисниците на поштенските услуги согласно Законот за поштенските услуги и Законот за народниот правобранител, како и во други области кои се директно или индиректно поврзани со заштита на правата на корисниците на поштенските услуги, како и во области за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност.

Исто така, во јули 2023 година Агенција за пошти потпиша **Меморандум за соработка** со Институт за стандардизација на Република Северна Македонија. Со потпишување на овој Меморандум, двете институции ја изразија подготвеноста за меѓусебна соработка во сите сегменти од делокругот на работење за кои постои национален и заеднички интерес, раководејќи се од националните законски акти во областа на стандардизацијата и во областа на поштенските услуги и регулација на пазарот на поштенски услуги, како и од европските и меѓународните принципи и препораки.

# 11. ЈАВНИ НАБАВКИ

Врз основа на Годишен план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за пошти бр. 02-40/5 од 30.01.2023 година и Измената на Годишниот план за јавни набавки бр.02-219/6 од 30.10.2023 година, Агенцијата за пошти ги реализираше следните јавни набавки:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Постапка бр. 05-150/1 од 20.06.2023 година** | **Набавка на услуги Ангажирање на Агенција за привремени вработувања** |

**ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец)**: Јуни

**ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА**: /Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

**ОБЈАВЕН ОГЛАС**: бр. 11320/2023 преку ЕСЈН од 21.06.2023 година

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ)**: 2.550.000,00 денари

**ЈАВНО ОТВОРАЊЕ**: 06.07.2023 година

**ИЗВЕШТАЈ**: 11.07.2023 година

**ПОНУДУВАЧИ**:
За набавка на услуги Ангажирање на агенција за привремени вработувања:

Приватна агенција за вработување АНТОРИС Скопје

1. Приватна агенција за вработување МОТИВИ Скопје
2. Приватна агенција за вработување КОНТАКТ БИЗНИС Скопје
3. Приватна агенција за вработување АДЕКО Скопје
4. Приватна агенција за вработување ЕСИ ВРЕМЕНО ВРАБОТУВАЊЕ Скопје
5. Приватна агенција за вработување СПИД, Скопје
6. Приватна агенција за вработување ДЕКРА АРБЕИТ МАКЕДОНИЈА Скопје

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда за набавка на услуги Ангажирање на агенција за привремени вработувања*** - Приватна агенција за вработување КОНТАКТ БИЗНИС Скопје. Набавката е сукцесивна за период од 2 години и вкупната вредност на склучениот договор изнесува 2.550.000,00 денари кој договорниот орган не е обврзан да ги искористи.

| | | |
|---|---|---|
| 2. | **Постапка бр. 05-148/1 од 20.06.2023** | **Набавка на услуги – за тековно одржување на хигиена и чистење на канцеларии** |

**ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА** (месец) : Мај

**ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА:** Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 11423/2023 преку ЕСЈН од 22.06.2023 година
**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 97.500,00 денари

**ЈАВНО ОТВОРАЊЕ:** 03.07.2023 година

**ИЗВЕШТАЈ:** 04.07.2023 година
**ПОНУДУВАЧИ** Набавка на услуги – за тековно одржување на хигиена и чистење на канцеларии:

1. Друштво за сервисни услуги ФРЕШ КЛИНИНГ И СЕРВИС ДООЕЛ Дебар
2. Друштво за трговија и услуги ХКЛЕАН 24 ДОО Скопје
3. Трговско друштво за производство трговија и услуги СИТИ АУТСОРСИНГ ДООЕЛ Скопје
4. Друштво за производство,трговија,посредување и услуги БАПАЛ Благој ДООЕЛ експорт-импорт,Скопје
5. Друштво за производство, трговија, транспорт и услуги ЛАНД-СЕРВИС ДООЕЛ Скопје
6. Трговско друштво за производство, трговија и услуги РОМАК СЕРВИСЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
7. Друштво за услуги и трговија БИГОР КЛИНИНГ ДООЕЛ Скопје
8. Друштво за трговија и услуги СТЕД-КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда*** - Друштво за сервисни услуги ФРЕШ КЛИНИНГ И СЕРВИС ДООЕЛ Дебар Набавката е сукцесивна и вкупната вредност на склучениот договор изнесува 97.500,00 денари.

| | | |
|---|---|---|
| 3. | **Постапка бр. 05-149/1 од 20.06.2023** | **Набавка на канцелариски материјали и тонери за потребите на Агенција за пошти** |

**ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА** (месец) : Март

**ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА:** Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката
**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 11537/2023 преку ЕСЈН од 23.06.2023 година
**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 101.695,00 денари

**ЈАВНО ОТВОРАЊЕ:** 04.07.2023 година
**ИЗВЕШТАЈ:** 06.07.2023 година
**ПОНУДУВАЧИ** за дел I набавка на канцелариски материјали:

1. Друштво за трговија и услуги ФОРОФИС ДОО увоз-извоз Скопје
2. Друштво за трговија и услуги ЕУРО ОФИС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

**ПОНУДУВАЧИ** за дел II набавка на тонери:

1. Друштво за трговија и услуги АПОЛО Ратко ДООЕЛ експорт-импорт Скопје
2. Трговско друштво за промет и услуги БИРОТЕХНИКА-МА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје
3. Друштво за производство, инженеринг, консалтинг и услуги ДОАЈЕН ДАТА СИСТЕМ Мирослав ДООЕЛ експорт-импорт Скопје
4. Друштво за програмирање, услуги и трговија АЛ ГО СИСТЕМИ ДООЕЛ Скопје
5. Друштво за производство, промет, трговија и услуги ТРИНИКС ДООЕЛ Скопје
6. Друштво за трговија и услуги ФОРОФИС ДОО увоз-извоз Скопје

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда за дел I канцелариски материјал*** - Друштво за трговија и услуги ЕУРО ОФИС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје. Набавката е сукцесивна и вкупната вредност на склучениот договор изнесува 97.500,00 денари.
***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда дел II тонери*** - Трговско друштво за промет и услуги БИРОТЕХНИКА-МА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје. Набавката е сукцесивна и вкупната вредност на склучениот договор изнесува 37.704,90 денари.

| | | |
|---|---|---|
| **4.** | **Постапка бр. 05-175/1 од 09.08.2023** | **Набавка на стоки –вода** |

**ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА** (месец) : Март

**ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката**
**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 14635/2023 преку ЕСЈН од 16.08.2023 година
**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 25.400,00 денари
**ЈАВНО ОТВОРАЊЕ:** 25.08.2023 година
**ИЗВЕШТАЈ:** 01.09.2023 година
**ПОНУДУВАЧИ за Набавка на стоки – вода:**

1. Друштво за производство, трговија и услуги КИНЕТИК ГРУП ДООЕЛ експорт импорт Скопје

2. Друштво за производство, трговија и услуги КОМЕРСА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
3. ДАУТИ КОМЕРЦ Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз АД с.Бојане општина Сарај

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда*** - Друштво за производство, трговија и услуги КОМЕРСА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје. Набавката е сукцесивна и вкупната вредност на склучениот договор изнесува 21.355,00 денари.

| | | |
|---|---|---|
| 5. | **Постапка бр. 05-192/1 од 22.09.2023** | **Набавка на стоки – набавка на гориво за моторни возила за потребите на Агенција за пошти** |

**ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА** (месец) : Октомври

**ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА:** Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката
**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 16991/2023 преку ЕСЈН од 25.09.2023 година
**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 122.034,00 денари
**ЈАВНО ОТВОРАЊЕ:** 03.10.2023 година
**ИЗВЕШТАЈ:** 06.10.2023 година
**ПОНУДУВАЧИ за набавка на стоки – набавка на гориво за моторни возила за потребите на Агенција за пошти:**

1. МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда канцелариски материјал*** - МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје. Набавката е сукцесивна за период од 2 години и вкупната вредност на склучениот договор изнесува 122.034,00 денари.

| | | |
|---|---|---|
| 6. | **Постапка бр. 05-194/1 од 29.09.2023** | **Набавка на репрезентативен материјал - Печатени предмети и сродни производи** |

**ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА** (месец) : Март

**ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката**
**ОБЈАВЕН ОГЛАС НА:** бр. 17586/2023 преку ЕСЈН од 04.10.2023 година
**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 70.000,00 денари
**ЈАВНО ОТВОРАЊЕ:** 12.10.2023 година

**ИЗВЕШТАЈ:** 17.10.2023 година

**ПОНУДУВАЧИ за набавка на репрезентативен материјал - Печатени предмети и сродни производи:**

1. Заштитно друштво печатница ГРАФО ПРОМ Битола ДООЕЛ
2. Друштво за трговија и услуги ФОРОФИС ДОО увоз-извоз Скопје
3. Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници-Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани
4. Друштво за трговија и услуги СИНТАГМА ПЛУС ДООЕЛ Скопје

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда набавка на репрезентативен материјал - Печатени предмети и сродни производи*** - Заштитно друштво печатница ГРАФО ПРОМ Битола ДООЕЛ. Вкупната вредност (без ДДВ) на склучениот договор изнесува 63.000,00 денари.

| | | |
|---|---|---|
| 7. | **Постапка бр. 05-203/1 од 12.10.2023** | **Набавка на канцелариски мебел** |

**ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА** (месец) : Октомври

**ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА:** Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката

**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 18127/2023 преку ЕСЈН од 13.10.2023 година

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 110.170,00 денари.

**ЈАВНО ОТВОРАЊЕ:** 20.10.2023 година

**ИЗВЕШТАЈ:** 25.10.2023 година

**ПОНУДУВАЧИ за набавка на канцелариски мебел:**

1. Производно,трговско и услужно друштво КАРАТ-М Љупчо ДООЕЛ експорт-импорт Скопје
2. Трговско друштво за градежништво, промет и услуги БОКИ МГ ИНЖЕНЕРИНГ увоз-извоз ДОО Скопје
3. Друштво за производство,трговија и услуги МЕБЕЛ ГОДИМЕНТО увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп
4. Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија и услуги ДРВОДЕКОР-ЕНТЕРИЕР ДООЕЛ увоз-извоз Штип

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда за набавка на канцелариски мебел*** - Производно,трговско и услужно друштво КАРАТ-М Љупчо ДООЕЛ експорт-импорт Скопје. Вкупната вредност (без ДДВ) на склучениот договор изнесува 60.000,00 денари.

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Постапка бр. 05-207/1 од 16.10.2023 | **Набавка на здравствени услуги Систематски преглед на вработените во Агенција за пошти** |

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Септември

**ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА:** Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката
**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 18312/2023 преку ЕСЈН од 17.10.2023 година
**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 61.000,00 денари
**ЈАВНО ОТВОРАЊЕ:** 24.10.2023 година
**ИЗВЕШТАЈ:** 30.10.2023 година
**ПОНУДУВАЧИ** за набавка на здравствени услуги Систематски преглед на вработените во Агенција за пошти:

1. Јавна здравствена установа-Здравствен дом ЖЕЛЕЗНИЧАР Скопје
2. Приватна здравствена установа - Поликлиника на примарно ниво НИКОБ МЕДИКАЛ Скопје
3. Приватна здравствена установа - Поликлиника на примарно ниво БИОТЕК Скопје
4. Приватна здравствена установа-поликлиника со ординации од примарната здравствена заштита и биохемиска лабораторија МЕДИКА Скопје
5. Приватна здравствена установа-Поликлиника на примарно ниво САНТЕ ПЛУС 2 Скопје

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда за набавка на набавка на здравствени услуги Систематски преглед на вработените во Агенција за пошти*** - Јавна здравствена установа-Здравствен дом ЖЕЛЕЗНИЧАР Скопје. Вкупната вредност (без ДДВ) на склучениот договор изнесува 32.400,00 денари.

| | | |
|---|---|---|
| 9а. | Постапка бр. 05-212/1 од 18.10.2023 | **Набавка на услуги за истражување на пазарот - истражување за потребите на корисниците на универзалната услуга** |

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Септември

**ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката**
**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 18475/2023 преку ЕСЈН од 18.10.2023 година
**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 135.593,00 денари

**ЈАВНО ОТВОРАЊЕ:** 25.10.2023 година
**ИЗВЕШТАЈ:** 25.10.2023 година
**ПОНУДУВАЧИ** за набавка на услуги за истражување на пазарот -истражување за потребите на корисниците на универзалната услуга:

Нема

***Донесена ОДЛУКА за поништување***.

| | | |
|---|---|---|
| 96. | **Постапка бр. 05-222/1 од 02.11.2023** | **Набавка на услуги за истражување на пазарот - истражување за потребите на корисниците на универзалната услуга** |

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Септември

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: **Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката**
**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 19479/2023 преку ЕСЈН од 02.11.2023 година
**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 165.254,00 денари
**ЈАВНО ОТВОРАЊЕ:** 13.11.2023 година
**ИЗВЕШТАЈ:** 14.11.2023 година
**ПОНУДУВАЧИ за Набавка на услуги за истражување на пазарот - истражување за потребите на корисниците на универзалната услуга:**

1. Друштво за истражувања на пазарот јавното мислење и статистички анализи СЕГМЕНТС РЕСЕАРЦХ ДООЕЛ Скопје

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда*** - Друштво за истражувања на пазарот јавното мислење и статистички анализи СЕГМЕНТС РЕСЕАРЦХ ДООЕЛ Скопје. Вкупната вредност (без ДДВ) на склучениот договор изнесува 165.254,00 денари.

| | | |
|---|---|---|
| 10. | **Постапка бр. 05-226/1 од 03.11.2023** | **Набавка на компјутерска опрема** |

ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА (месец) : Април

ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА: **Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката**
**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 19557/2023 преку ЕСЈН од 03.11.2023 година
**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 238.095,00 денари
**ЈАВНО ОТВОРАЊЕ:** 10.11.2023 година
**ИЗВЕШТАЈ:** 14.11.2023 година

**ПОНУДУВАЧИ за набавка на компјутерска опрема:**

1. Друштво за производство,трговија,инженеринг и услуги ИДС-КОМ ДООЕЛ Експорт-Импорт Куманово
2. Друштво за трговија и услуги МАРК ИТ ДООЕЛ Скопје

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда*** - Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги ИДС-КОМ ДООЕЛ Експорт-Импорт Куманово. Вкупната вредност (без ДДВ) на склучениот договор изнесува 238.000,00 денари.

| | | |
|---|---|---|
| 11. | **Постапка бр. 05-258/1 од 06.12.2023** | **Набавка на софтверски пакети и информатички системи** |

**ОЧЕКУВАН ПОЧЕТОК НА ПОСТАПКАТА** (месец) : Април

**ДОСТАВЕНА ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА:** Лицето за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки, во координација со директорката
**ОБЈАВЕН ОГЛАС:** бр. 22262/2023 преку ЕСЈН од 08.12.2023 година
**ВКУПНА ВРЕДНОСТ (без ДДВ):** 51.695,00 денари
**ЈАВНО ОТВОРАЊЕ:** 14.12.2023 година
**ИЗВЕШТАЈ:** 15.12.2023 година
**ПОНУДУВАЧИ** за набавка на софтверски пакети и информатички системи:

1. Друштво за информатички инженеринг НЕОКОМ АД увоз-извоз Скопје
2. Друштво за трговија и услуги ЛИРЕКС СКОПЈЕ ДООЕЛ
3. Друштво за производство,трговија,инженеринг и услуги ИДС-КОМ ДООЕЛ Експорт-Импорт Куманово
4. Друштво за производство, услуги и трговија БОКИ-КОМПЈУТЕРИ ДООЕЛ увоз-извоз Струмица

***ОДЛУКА за избор на најповолна понуда*** - Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги ИДС-КОМ ДООЕЛ Експорт-Импорт Куманово. Вкупната вредност (без ДДВ) на склучениот договор изнесува 49.492,00 денари.

**Реализирана набавка до 61.000, 00 денари**

| | | |
|---|---|---|
| 12. | / | Набавка за услуги за осигурување е сукцесивна со договор за период од 2 година |

**Реализирана со три понуди согласно Закон**

| | | |
|---|---|---|
| 13. | / | Набавка на угостителски услуги – изнајмување на конференциска сала за настани |

**Нереализирани јавни набавки:**

| | | |
|---|---|---|
| 14. | / | Набавка за услуги за копирања и разни печатења |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | / | Набавка за услуги за архивирање и дигитална архива |

## 12. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Агенцијата за пошти, согласно член 23 од Законот за поштенските услуги, своето работење го финансира од средства остварени од приходите од надоместоците од давателите на поштенски услуги и од донации, заеми и друга финансиска и техничка помош. Вредно е да се напомене дека Агенцијата за пошти има целосна финансиска независност, како еден од основните предуслови за успешно функционирање како независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања утврдени со закон. Имено, Агенцијата за пошти во 2023 година, во најголем дел, се финансираше од надоместоците од давателите на поштенски услуги согласно член 23 од Законот за поштенските услуги.

Врз основа на добиено писмено Известување од Министерството за финансии со архивски број 07-48746/1 од 19.12.2008 година, кое се однесува на одредбите согласно кои треба да се води сметководството, Агенцијата за пошти го заснова своето сметководствено и финансиско работење, признавањето на приходите и расходите, проценката на билансните позиции и изготвувањето на финансиските и сметководствените извештаи, на Законот за сметководство на непрофитни организации, Правилникот за сметководство на непрофитни организации, Правилникот за Сметковниот план и билансите на непрофитните организации, Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план на непрофитните организации, Законот за данокот на добивка, Законот за персоналниот данок на доход и други прописи кои го уредуваат финансиското работење на Агенцијата.

Од презентираните финансиски извештаи за 2023 година се гледа коректното работење на Агенцијата за пошти која своите активности ги извршува според претходно добро предвидени цели, организирани ресурси и јасни визии.

Финансиското работење се темели на потребите и мисијата на Агенцијата за пошти кои се во функција на остварување на целите и обврските кои произлегуваат од Законот за поштенските услуги.

Во прилог ги презентираме следните извештаи:

- Финансиски извештај за 2023 година;
- Извештај за извршување на финансискиот план за 2023 година;
- Споредбени показатели на реализирани приходи и расходи за 2023 и 2022 година;

- Образложение за Финансискиот извештај за 2023 година, Извештајот за извршување на финансискиот план за 2023 година и Споредбените показатели на реализирани приходи и расходи за 2023 и 2022 година;
- Биланс на состојба за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година;
- Биланс на приходите и расходите за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година;
- Белешка за распоредување на резултатот за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година;
- Даночен биланс за непрофитни организации за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година;
- Посебни податоци за државна евиденција за непрофитните организации (Образец ДЕ);
- Структура на приходите по дејности (СПД - Рекапитулар);
- Финансиски извештаи за годината која завршува на 31.12.2023 со Извештај на независниот ревизор.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА

## 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Реализиран износ 2023 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 |
| 72 | **Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **5,377.00** |
| **720** | **Приходи од камати** | **5,377.00** |
| 72002 | Приходи од камати-даватели на поштенски услуги | 5,377.00 |
| **721** | **Приходи од позитивни курсни разлики** | **0.00** |
| 72101 | Приходи од позитивни курсни разлики | 0.00 |
| 75 | **Сопствени приходи** | **35,903,181.00** |
| **750** | **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги** | **35,903,181.00** |
| 75001 | Сопствени приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги | 35,903,181.00 |
| 76 | **Други приходи** | **0.00** |
| **760** | **Други приходи** | **0.00** |
| 7600 | Други приходи | 0.00 |
| 77 | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **94,367.00** |
| **770** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **94,367.00** |
| 77001 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 94,367.00 |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | **36,002,925.00** |

## 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Реализиран износ 2023 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 4 |
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 2,810,763.00 |
| **400** | **Потрошени материјали** | **200,594.00** |
| 40000 | Потрошено гориво | 22,094.00 |
| 40001 | Потрошени канцелариски материјали | 73,158.00 |
| 40003 | Други административни материјали | 5,721.00 |
| 40004 | Други потрошени материјали | 42,995.00 |
| 40010 | Потрошена вода | 9,398.00 |
| 40011 | Други комунални услуги-ѓубретарина | 17,304.00 |
| 40012 | Весници и списанија | 0.00 |
| 40013 | Стручна литература | 21,900.00 |
| 40021 | Ситен инвентар | 8,024.00 |
| **401** | **Потрошена енергија** | **852,897.00** |
| 40100 | Кондиционирање (греење, ладење) | 525,938.00 |
| 40102 | Електрична енергија | 326,959.00 |
| **403** | **Други услуги** | **502,056.00** |
| 40301 | Пошта | 29,502.00 |
| 40304 | Регистрација и испитување на возило | 5,176.00 |
| 40305 | Телефон и телефакс | 37,889.00 |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 113,860.00 |
| 40307 | Службен весник | 0.00 |
| 40308 | Надомест за паркинг простор | 25,000.00 |
| 40309 | Чистење на деловни простории | 99,451.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 40313 | Други услуги (изнајмување, дезинфекција и сл.) | 104,085.00 |
| 40310 | Поправка и одржување на компјутерска опрема | 35,253.00 |
| 40314 | Поправка и сервисирање на возила | 600.00 |
| 40315 | Поправка и одржување на останата опрема | 8,760.00 |
| 40318 | Поправка и одржување на софтвер за сметководство | 42,480.00 |
| **404** | **Превозни-транспортни услуги** | **16,079.00** |
| 40401 | Превозни-транспортни услуги | 16,079.00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **276,101.00** |
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 276,101.00 |
| 40502 | Издатоци за реклама, пропаганда | 0.00 |
| **408** | **Наемнини** | **963,036.00** |
| 40801 | Наемнини за канцелариски простор | 963,036.00 |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 7,481,537.00 |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **35,921.00** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 34,921.00 |
| 41001 | Провизија за купопродажба на девизи | 1,000.00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **60,734.00** |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **1,045,717.00** |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници** | **570,544.00** |
| **415** | **Негативни курсни разлики** | **352.00** |
| **416** | **Членарини** | **4,745.00** |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **5,642,603.00** |
| 41701 | Други услуги-хост за интернет страна | 20,000.00 |
| 41709 | Други услуги-систематски преглед | 32,400.00 |
| 41710 | Надомест за Комисија - тековна година | 3,647,646.00 |
| 41712 | Надомест по договор | 208,850.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 41716 | Надомест на трошоци на членови на Комисијата - тековна година | 67,870.00 |
| 41721 | Ревизија на финансиски извештаи | 94,400.00 |
| 41722 | Консултантски услуги | 117,042.00 |
| 41723 | Услуги за истражување на пазарот | 165,254.00 |
| 41734 | Обуки за стручно усовршување | 62,547.00 |
| 41735 | Услуги за привремени вработувања | 1,149,089.00 |
| 41736 | Услуги за архивирање | 0.00 |
| 41790 | Други услуги (фотограф, монтажа и сл.) | 40,810.00 |
| 41791 | Други услуги - превод | 36,695.00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **120,921.00** |
| 41801 | Други расходи (огласи, стандарди, извршители и сл.) | 120,019.00 |
| 41820 | Камата за придонеси и даноци од плата | 781.00 |
| 41826 | Камата за задоцнето плаќање | 121.00 |
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | 372,667.00 |
| **441** | **Средства за опрема** | **372,667.00** |
| 4410 | Средства за мебел | 70,800.00 |
| 4410 | Средства за компјутерска опрема | 249,900.00 |
| 4410 | Средства за компјутерски софтвер | 51,967.00 |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | 18,628,764.00 |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **18,628,764.00** |
| 4600 | Основни плати | 12,245,762.00 |
| 4600 | Придонеси од плати | 6,383,002.00 |
| 47 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 510,082.00 |
| **470** | **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | **510,082.00** |
| 47001 | ДЛД - Надомест за Комисија - тековна година | 405,300.00 |

| | | |
|---|---|---|
| 47003 | ДЛД - Комисија (надомест на трошоци) - тековна година | 7,535.00 |
| 47004 | ДЛД - Договор | 23,205.00 |
| 47006 | ДЛД - други исплати | 74,042.00 |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **29,803,813.00** |

| | |
|---|---|
| **останати расположливи средства** | **6,199,112.00** |

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2023 ГОДИНА

## 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планиран износ 2023 | Реализиран износ 2023 | Споредбен показател на планиран со реализиран износ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=4/3*100 |
| **72** | **Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **2,305,000.00** | **5,377.00** | **0.23%** |
| **720** | **Приходи од камати** | **2,300,000.00** | **5,377.00** | **0.23%** |
| 72002 | Приходи од камати-даватели на поштенски услуги | 2,300,000.00 | 5,377.00 | 0.23% |
| **721** | **Приходи од позитивни курсни разлики** | **5,000.00** | **0.00** | **0.00%** |
| 72101 | Приходи од позитивни курсни разлики | 5,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| **75** | **Сопствени приходи** | **25,000,000.00** | **35,903,181.00** | **143.61%** |
| **750** | **Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги** | **25,000,000.00** | **35,903,181.00** | **143.61%** |
| 75001 | Сопствени приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги | 25,000,000.00 | 35,903,181.00 | 143.61% |
| **76** | **Други приходи** | **900,000.00** | **0.00** | **0.00%** |
| **760** | **Други приходи** | **900,000.00** | **0.00** | **0.00%** |
| 7600 | Други приходи | 900,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| **77** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **8,795,000.00** | **94,367.00** | **1.07%** |
| **770** | **Пренесен дел од вишокот на** | **8,795,000.00** | **94,367.00** | **1.07%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **приходи од претходната година** | | | |
| 77001 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 8,795,000.00 | 94,367.00 | 1.07% |
| 7 | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **37,000,000.00** | **36,002,925.00** | **97.31%** |

## 2. РАСХОДИ

| **Конто** | **Опис на Конто** | **Планиран износ 2023** | **Реализиран износ 2023** | **Споредбен показател на планиран со реализиран износ** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5=4/3*100** |
| **40** | **МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА** | **3,793,000.00** | **2,810,763.00** | **74.10%** |
| **400** | **Потрошени материјали** | **420,000.00** | **200,594.00** | **47.76%** |
| 40000 | Потрошено гориво | 72,000.00 | 22,094.00 | 30.69% |
| 40001 | Потрошени канцелариски материјали | 120,000.00 | 73,158.00 | 60.97% |
| 40003 | Други административни материјали | 30,000.00 | 5,721.00 | 19.07% |
| 40004 | Други потрошени материјали | 60,000.00 | 42,995.00 | 71.66% |
| 40010 | Потрошена вода | 10,000.00 | 9,398.00 | 93.98% |
| 40011 | Други комунални услуги-ѓубретарина | 18,000.00 | 17,304.00 | 96.13% |
| 40012 | Весници и списанија | 10,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 40013 | Стручна литература | 40,000.00 | 21,900.00 | 54.75% |
| 40021 | Ситен инвентар | 60,000.00 | 8,024.00 | 13.37% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **401** | **Потрошена енергија** | **1,000,000.00** | **852,897.00** | **85.29%** |
| 40100 | Кондиционирање (греење, ладење) | 550,000.00 | 525,938.00 | 95.63% |
| 40102 | Електрична енергија | 450,000.00 | 326,959.00 | 72.66% |
| **403** | **Други услуги** | **1,003,000.00** | **502,056.00** | **50.06%** |
| 40301 | Пошта | 45,000.00 | 29,502.00 | 65.56% |
| 40304 | Регистрација и испитување на возило | 10,000.00 | 5,176.00 | 51.76% |
| 40305 | Телефон и телефакс | 40,000.00 | 37,889.00 | 94.72% |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 300,000.00 | 113,860.00 | 37.95% |
| 40307 | Службен весник | 20,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 40308 | Надомест за паркинг простор | 30,000.00 | 25,000.00 | 83.33% |
| 40309 | Чистење на деловни простории | 120,000.00 | 99,451.00 | 82.88% |
| 40313 | Други услуги (изнајмување, дезинфекција и сл.) | 245,000.00 | 104,085.00 | 42.48% |
| 40310 | Поправка и одржување на компјутерска опрема | 70,000.00 | 35,253.00 | 50.36% |
| 40314 | Поправка и сервисирање на возила | 61,000.00 | 600.00 | 0.98% |
| 40315 | Поправка и одржување на останата опрема | 19,000.00 | 8,760.00 | 46.11% |
| 40318 | Поправка и одржување на софтвер за сметководство | 43,000.00 | 42,480.00 | 98.79% |
| **404** | **Превозни-транспортни услуги** | **25,000.00** | **16,079.00** | **64.32%** |
| 40401 | Превозни-транспортни услуги | 25,000.00 | 16,079.00 | 64.32% |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **360,000.00** | **276,101.00** | **76.69%** |
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 300,000.00 | 276,101.00 | 92.03% |
| 40502 | Издатоци за реклама, пропаганда | 60,000.00 | 0.00 | 0.00% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **408** | **Наемнини** | **985,000.00** | **963,036.00** | **97.77%** |
| 40801 | Наемнини за канцелариски простор | 985,000.00 | 963,036.00 | 97.77% |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 9,234,000.00 | 7,481,537.00 | **81.02%** |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **50,000.00** | **35,921.00** | **71.84%** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 40,000.00 | 34,921.00 | 87.30% |
| 41001 | Провизија за купопродажба на девизи | 10,000.00 | 1,000.00 | 10.00% |
| **412** | **Премии за осигурување** | **61,000.00** | **60,734.00** | **99.56%** |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **2,000,000.00** | **1,045,717.00** | **52.29%** |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници** | **700,000.00** | **570,544.00** | **81.51%** |
| **415** | **Негативни курсни разлики** | **6,000.00** | **352.00** | **5.87%** |
| **416** | **Членарини** | **5,000.00** | **4,745.00** | **94.90%** |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **6,178,000.00** | **5,642,603.00** | **91.33%** |
| 41701 | Други услуги-хост за интернет страна | 20,000.00 | 20,000.00 | 100.00% |
| 41709 | Други услуги-систематски преглед | 61,000.00 | 32,400.00 | 53.11% |
| 41710 | Надомест за Комисија - тековна година | 3,740,000.00 | 3,647,646.00 | 97.53% |
| 41712 | Надомест по договор | 210,000.00 | 208,850.00 | 99.45% |
| 41716 | Надомест на трошоци на членови на Комисијата - тековна година | 130,000.00 | 67,870.00 | 52.21% |
| 41721 | Ревизија на финансиски извештаи | 95,000.00 | 94,400.00 | 99.37% |
| 41722 | Консултантски услуги | 120,000.00 | 117,042.00 | 97.54% |
| 41723 | Услуги за истражување на пазарот | 195,000.00 | 165,254.00 | 84.75% |
| 41734 | Обуки за стручно усовршување | 95,000.00 | 62,547.00 | 65.84% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 41735 | Услуги за привремени вработувања | 1,340,000.00 | 1,149,089.00 | 85.75% |
| 41736 | Услуги за архивирање | 50,000.00 | 0.00 | 0.00% |
| 41790 | Други услуги (фотограф, монтажа и сл.) | 61,000.00 | 40,810.00 | 66.90% |
| 41791 | Други услуги - превод | 61,000.00 | 36,695.00 | 60.16% |
| **418** | **Останати други расходи** | **234,000.00** | **120,921.00** | **51.68%** |
| 41801 | Други расходи (огласи, стандарди, извршители и сл.) | 231,000.00 | 120,019.00 | 51.96% |
| 41820 | Камата за придонеси и даноци од плата | 2,500.00 | 781.00 | 31.24% |
| 41826 | Камата за задоцнето плаќање | 500.00 | 121.00 | 24.20% |
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | **441,000.00** | **372,667.00** | **84.50%** |
| **441** | **Средства за опрема** | **441,000.00** | **372,667.00** | **84.50%** |
| 4410 | Средства за мебел | 130,000.00 | 70,800.00 | 54.46% |
| 4410 | Средства за компјутерска опрема | 250,000.00 | 249,900.00 | 99.96% |
| 4410 | Средства за компјутерски софтвер | 61,000.00 | 51,967.00 | 85.19% |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | **23,000,000.00** | **18,628,764.00** | **80.99%** |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **23,000,000.00** | **18,628,764.00** | **80.99%** |
| 4600 | Основни плати | 15,110,000.00 | 12,245,762.00 | 81.04% |
| 4600 | Придонеси од плати | 7,890,000.00 | 6,383,002.00 | 80.90% |
| 47 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 532,000.00 | 510,082.00 | **95.88%** |
| **470** | **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот** | 532,000.00 | 510,082.00 | **95.88%** |
| 47001 | ДЛД - Надомест за Комисија - тековна година | 415,500.00 | 405,300.00 | 97.55% |
| 47003 | ДЛД - Комисија (надомест на трошоци) - тековна година | 14,500.00 | 7,535.00 | 51.97% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 47004 | ДЛД - Договор | 23,500.00 | 23,205.00 | 98.74% |
| 47006 | ДЛД - други исплати | 78,500.00 | 74,042.00 | 94.32% |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **37,000,000.00** | **29,803,813.00** | **80.55%** |

| | | |
|---|---|---|
| **останати расположливи средства** | **0.00** | **6,199,112.00** |

**Споредбени показатели на реализирани приходи и расходи за 2023 и 2022 година**

## 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Реализиран износ 2023 | Реализиран износ 2022 | споредбен показател на реализиран износ (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 3 | 5=3/4*100 |
| 72 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 5,377.00 | 4,201,444.00 | 0.13% |
| 720 | Приходи од камати | 5,377.00 | 4,201,285.00 | 0.13% |
| 721 | Приходи од позитивни курсни разлики | 0.00 | 159.00 | |
| 75 | Сопствени приходи | 35,903,181.00 | 19,872,295.00 | 180.67% |
| 750 | Сопствени приходи - приходи од годишен надоместок од давателите на поштенските услуги | 35,903,181.00 | 19,872,295.00 | 180.67% |
| 76 | Други приходи | 0.00 | 232,768.00 | 0.00% |
| 760 | Други приходи | 0.00 | 232,768.00 | 0.00% |
| 77 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 94,367.00 | 1,863,998.00 | 5.06% |
| 770 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 94,367.00 | 1,863,998.00 | 5.06% |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 36,002,925.00 | 26,170,505.00 | 137.57% |

## 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Реализиран износ 2023 | Реализиран износ 2022 | споредбен показател на реализиран износ (%) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 3 | 5=3/4*100 |
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 2,810,763.00 | 2,400,162.00 | 117.11% |
| 400 | Потрошени материјали | 200,594.00 | 212,364.00 | 94.46% |
| 401 | Потрошена енергија | 852,897.00 | 639,757.00 | 133.32% |
| 403 | Други услуги | 502,056.00 | 385,241.00 | 130.32% |
| 404 | Превозни - транспортни услуги | 16,079.00 | 19,060.00 | 84.36% |
| 405 | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 276,101.00 | 179,640.00 | 153.70% |
| 408 | Наемнини | 963,036.00 | 964,100.00 | 99.89% |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 7,481,537.00 | 6,481,115.00 | 115.44% |
| 410 | Провизија за платен промет | 35,921.00 | 35,504.00 | 101.17% |
| 412 | Премии за осигурување | 60,734.00 | 59,686.00 | 101.76% |
| 413 | Дневници за службени патувања и патни трошоци | 1,045,717.00 | 1,228,279.00 | 85.14% |
| 414 | Надоместоци на трошоци на работници | 570,544.00 | 667,512.00 | 85.47% |
| 415 | Негативни курсни разлики | 352.00 | 290.00 | 121.38% |
| 416 | Членарини | 4,745.00 | 4,291.00 | 110.58% |
| 417 | Интелектуални и други услуги | 5,642,603.00 | 4,400,276.00 | 128.23% |
| 418 | Останати други расходи | 120,921.00 | 85,277.00 | 141.80% |
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | 372,667.00 | 313,591.00 | 118.84% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 440 | Средства за градежни објекти-уредување и адаптација | 0.00 | 42,825.00 | 0.00% |
| 441 | Средства за опрема | 372,667.00 | 270,766.00 | 137.63% |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | 18,628,764.00 | 16,261,823.00 | 114.56% |
| 460 | Вкалкулирани плати | 18,628,764.00 | 16,261,823.00 | 114.56% |
| 47 | ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТОТ | 510,082.00 | 430,724.00 | 118.42% |
| 470 | Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 510,082.00 | 430,724.00 | 118.42% |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 29,803,813.00 | 25,887,415.00 | 115.13% |

| | | |
|---|---|---|
| останати расположливи средства | 6,199,112.00 | 283,090.00 |

Во врска со Финансискиот Извештај за 2023 година, Извештајот за извршување на Финансискиот план за 2023 година и Споредбените показатели на реализираните приходи и расходи за 2023 и 2022 година на Агенцијата за пошти, Ви го презентираме следното ОБРАЗЛОЖЕНИЕ за приходните и расходните ставки одделно:

## 1. РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ

Агенцијата за пошти во 2023 година реализираше приходи во вкупен износ од 36.002.925 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 97,31% и поголема реализација во однос на 2022 година за 37,57%. Одделно по ставки се реализирани следниве приходи:

- **Приходите од камати и позитивни курсни разлики (конто 720 и 721)** се реализирани во износ од 5.377 денари (0,23% од планираниот износ во Финансискиот план за 2023 година и за 99,87% или 4.196.067 денари помалку од реализираниот износ во 2022 година). Оваа ставка опфаќа приходи од камати за задоцнето плаќање на давателите на поштенските услуги и приходи од позитивни курсни разлики при девизното работење на Агенцијата. Помалата реализација на оваа расходна ставка во однос на реализираниот износ во 2022 година е резултат на фактот што во 2022 година се наплатени побарувањата за камати за задоцнето плаќање од давателите на поштенски услуги, пред се од давателот на универзалната услуга, кои се однесуваат и на 2019 и на 2020 година, додека во 2023 година не се наплатени побарувањата за камати од давателот на универзалната услуга.
- **Контото 750 – Сопствени приходи – приходи од годишен надомест од давателите на поштенски услуги** е реализирано во износ од 35.903.181 денари, што претставува реализација на планираниот износ во Финансискиот план за 2023 година од 143,61% и поголема реализација во однос на 2022 година за 80,67%. Оваа приходна ставка вклучува Приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги за тековната година во износ од 24.643.391 денари и Приходи од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги за претходните години во износ од 11.259.790 денари. Поголемата реализација во однос на 2022 година е резултат на фактот што давателот на универзалната услуга, за разлика од 2023 година, не ги исполни во целост обврските кон Агенцијата за пошти за годишниот надоместок за 2022 година.

- На контото **Други приходи - конто 760** нема реализација во 2023 година, додека во 2022 година на оваа ставка се реализирани 232.768 денари кои вклучуваат приходи од надоместоци од осигурителни компании за надоместување на штета на опремата и мебелот предизвикана од временска непогода и надоместување на штета на патничкото возило. Исто така, оваа ставка вклучува и надоместување на патните трошоци за службени патувања кои се на товар на организаторот, односно Европската група на поштенски регулатори (ERGP).

  Вредно е да се истакне дека во 2023 Агенцијата нема добиено никаква донација или финансиска поддршка за своето работење.
- **Контото 770 - Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** е реализирано во износ од 94.367 денари, што претставува реализација на планираниот износ во Финансискиот план за 2023 година од 1,07% и помала реализација во однос на 2022 година за 94,94%. Средствата од оваа приходна ставка претставуваат нереализирани средства од 2022 година кои се пренесуваат како приход во 2023 година врз основа на член 23 од Законот за поштенските услуги. Овие средства се користат за основните финансиски потреби на Агенцијата во текот на првите месеци од годината, додека не се наплатат тековните надоместоци од давателите на поштенските услуги.

## 2. РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ

Агенцијата за пошти во 2023 година реализираше расходи во вкупен износ од 29.803.813 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 80,55% и поголема реализација во однос на 2022 година за 15,13%. Одделно по ставки се реализирани следниве расходи:

- **Потрошени материјали (конто 400)** во износ од 200.594 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 47,76% и помала реализација во однос на 2022 година за 5,54%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за гориво за службените возила на Агенцијата, канцелариски материјали, вода, комунални услуги, стручна литература за потребите на работењето, ситен инвентар и други потрошени и административни материјали. Помалата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2022 година е резултат на помалите трошоци за гориво, ситен инвентар и стручна литература во 2023 година.
- **Потрошена енергија (конто 401)** во износ од 852.897 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 85,29% и поголема

реализација во однос на 2022 година за 33,32%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за кондиционирање (греење-ладење) и трошоци за електрична енергија за деловните простории на Агенцијата за пошти кои се наоѓаат во Градскиот Трговски Центар во Скопје. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2022 година се должи на значително поголемите трошоци за електрична енергија и кондиционирање, како резултат на зголемените цени на истите. Исто така, оваа расходна ставка во 2023 година ги вклучува и трошоците кои се однесуваат на 2022 година, а кои не беа платени во 2022 година.

- Расходи за **други услуги (конто 403)** реализирани во износ од 502.056 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 50,06% и поголема реализација во однос на 2022 година за 30,32%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за поштенски услуги, интернет и фиксна телефонија за потребите на редовното работење, регистрација и надомест за паркинг простор на службените возила на Агенцијата, трошоци за копирање, печатење и издавање, расходи за поправка, сервис и одржување на опремата на Агенцијата и други услуги (изнајмување, чистење на деловните простории и сл.). Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2022 година е резултат на поголемите трошоци за чистење на деловните простории, поголемите трошоци за копирање, печатење и издавање, и поголемите трошоци за изнајмување на простории за јавни седници кои се реализираа за одбележување на јубилејот „15 години Агенција за пошти“.
- **Превозни – транспортни услуги (конто 404)** во износ од 16.079 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 64,32% и помала реализација во однос на 2022 година за 15,64%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за превоз од/до аеродром во врска со службените патувања во странство кои се реализираат со авионски превоз.
- **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација (конто 405)** во износ од 276.101 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 76,69% и поголема реализација во однос на 2022 година за 53,70%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за угостителски услуги, трошоци за храна, пијалаци и средства за хигиена, трошоци за репрезентативни подароци, како и трошоци за печатење на репрезентативен материјал. Сите овие се трошоци за претставување на Агенцијата пред учесниците во поштенскиот сектор како и презентирање и информирање на јавноста за постоењето на Агенцијата и нејзините надлежности и работење, во насока на подигнување на јавната свест за поштенските услуги и унапредување на правата на корисниците на истите. Поголемата реализација на оваа

расходна ставка во однос на 2022 година е резултат на фактот што во 2023 година се реализираше свечен настан за одбележување на јубилејот „15 години Агенција за пошти“.

- **Расходи за наемнини (конто 408)** реализирани во износ од 963.036 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 97,77% и помала реализација во однос на 2022 година за 0,11%. Оваа расходна ставка вклучува расходи за наемнини за деловните простории на Агенцијата во Градскиот Трговски Центар во Скопје.
- **Провизија за платен промет (конто 410)** во износ од 35.921 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 71,84% и поголема реализација во однос на 2022 година за 1,17% или 417 денари. Оваа расходна ставка вклучува расходи за банкарски провизии за платен промет и купопродажба на девизи за службени патувања во странство. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2022 година е резултат на поголемите трошоци за банкарски провизии за платен промет и изготвување на изводи.
- **Премии за осигурување (конто 412)** во износ од 60.734 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 99,56% и поголема реализација во однос на 2022 година за 1,76%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за осигурување на деловните простории, опремата, службените возила и трошоци за колективно осигурување од незгода на вработените во Агенцијата за пошти. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2022 година е резултат на поголемите трошоци за осигурување на ново набавената опрема.
- Расходите за **дневници за службени патувања и патни трошоци (конто 413)** се реализирани во износ од 1.045.717 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 52,29% и помала реализација во однос на 2022 година за 14,86%. Оваа расходна ставка вклучува расходи за авио билети, сместување, дневници и други споредни расходи поврзани со службените патувања на вработените во Агенцијата. Имено, вработените во Агенцијата активно учествуваат на состаноците и работните групи организирани од Европскиот Комитет за поштенска регулација CERP, во работните активности на Европската група на поштенски регулатори (ERGP) и во работата на Административниот совет и стратешките конференции во рамките на Светскиот поштенски Сојуз (UPU) како и на други предвидени состаноци во земјата и странство. Исто така, на оваа расходна ставка се вклучени и трошоците направени за службени патувања во земјата (обуки, надзор кај даватели на поштенски услуги и сл.).

Помалата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2022 година е резултат на фактот што во 2023 година беа реализирани помал број на службени патувања во странство.

- **Надоместоци на трошоци на работници (конто 414)** во износ од 570.544 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 81,51% и помала реализација во однос на 2022 година за 14,53%. Оваа расходна ставка вклучува надоместоци на вработените предвидени во колективниот договор на Агенцијата за пошти (регрес за годишен одмор, јубилејна награда, помош за смрт, елементарни непогоди и сл.). Помалата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2022 година е резултат на фактот што во 2022 година, освен редовните надоместоци, дополнително беа исплатени надоместоци за помош за смрт на член на семејство на двајца вработени во Агенцијата.
- **Негативни курсни разлики (конто 415)** во износ од 352 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 5,87% и поголема реализација во однос на 2022 година за 21,38% или 62 денари. Оваа расходна ставка вклучува расходи кои се јавуваат при купопродажба на девизи за службените патувања во странство. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2022 година е резултат на поголемиот износ на девизи откупен од банките за аванс за службено патување во странство.
- Расходи за **членарини (конто 416)** во износ од 4.745 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 94,90% и поголема реализација во однос на 2022 година за 10,58%. Оваа ставка вклучува расходи за членарина на Агенцијата во Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2022 година е поради фактот што Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија го зголеми износот на членарината за 2023 година.
- Расходи за **интелектуални и други услуги (конто 417)** реализирани во износ 5.642.603 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 91,33% и поголема реализација во однос на 2022 година за 28,23%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за надоместоците на членовите на Комисијата на Агенцијата во согласност со Одлуката за определување на месечниот надоместок и надоместокот на другите трошоци на членовите на Комисијата, ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата од страна на надворешен и независен ревизор, расходи за консултантски услуги, расходи за истражување на пазарот, надомест по договор за дело за потребите на редовното работење на Агенцијата, расходи за обуки за стручно усовршување согласно Законот за административни службеници,

расходи за привремени вработувања ангажирани преку Агенција за привремени вработувања и други услуги (хост за интернет страна, превод, фотографирање, монтажа). Поголемата реализација во однос на 2022 година се должи на поголемите трошоци за интелектуални услуги по договор, поголемите трошоци за превод, поголемите трошоци за ангажирање на лица преку Агенција за привремени вработувања, како и поради поголемите трошоци за месечните надоместоци на членовите на Комисијата на Агенцијата како резултат на зголемувањето на просечната исплатена нето плата во земјата.

- **Останатите други расходи (конто 418)** се реализирани во износ од 120.921 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 51,68% и поголема реализација во однос на 2022 година за 41,80%. Оваа расходна ставка вклучува расходи за објавување на огласи, набавка на стандарди, адвокатски услуги, трошоци за присилна наплата на побарувања, камати за придонеси и даноци од плати и камати за задоцнето плаќање, како и останати расходи кои не се опфатени со другите расходни групи. Поголемата реализација на оваа расходна ставка во однос на 2022 година е поради поголемите трошоци за објавување на огласи во дневните весници и во Службен весник на Република Северна Македонија.
- На контото - **Средства за градежни објекти – уредување и адаптација – конто 440 немаше планиран износ во Финансискиот план за 2023 година.**
- **Средствата за опрема (конто 441)** се реализирани во износ од 372.667 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 84,50% и поголема реализација во однос на 2022 година за 37,63%. Оваа расходна ставка вклучува трошоци за набавка на компјутерска опрема (компјутери и принтери), набавка на компјутерски софтвер и набавка на канцелариски мебел. Поголемата реализација во 2023 година е резултат на поголемите трошоци за компјутерска опрема и канцелариски мебел во однос на 2022 година.
- **Расходите за плати и надомести на плати (конто 460)** се реализирани во износ од 18.628.764 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 80,99% и поголема реализација во однос на 2022 година за 14,56%. Согласно Колективниот договор на Агенцијата за пошти основната плата на вработените во Агенцијата се пресметува како производ на бројот на бодови за секое работно место во групата на работни места и вредноста на бодот за пресметување на основната плата утврдена со Одлука на Комисијата на Агенцијата за пошти и одобрена од страна на Собранието на Република Северна Македонија. Поголемиот износ на оваа расходна ставка е резултат

на измените на Колективниот договор на Агенцијата за пошти, како и на поголемиот број на вработени во 2023 во однос на 2022 година.

- **Расходите за даноци и придонеси кои не зависат од резултатот (конто 470)** се реализирани во износ од 510.082 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 95,88% и поголема реализација во однос на 2022 година за 18,42%. Оваа расходна ставка вклучува расходи за данок на личен доход за надоместокот на Комисијата на Агенцијата, данок на личен доход за надоместоците за користење на сопствено возило во службени цели кои се исплаќаат на Комисијата на Агенцијата, данок на личен доход за надоместоците по основ на договор на дело, данок на личен доход за надоместоците исплатени согласно Колективен договор и други исплати. Поголемиот износ на оваа расходна ставка во однос на 2022 година е резултат на поголемиот износ на данок на личен доход за месечните надоместоци на членовите на Комисијата на Агенцијата и поголемиот износ на данок на личен доход за договор на дело.

Врз основа на Финансискиот Извештај за 2023 година, Извештајот за извршување на финансискиот план за 2023 година и Споредбените показатели на реализираните приходи и расходи за 2023 и 2022 година на Агенцијата за пошти може да се констатира дека во 2023 година Агенцијата за пошти реализираше приходи во вкупен износ од 36.002.925 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 97,31% и поголема реализација во однос на 2022 година за 37,57% и расходи во вкупен износ од 29.803.813 денари, што претставува реализација на Финансискиот план од 80,55% и поголема реализација во однос на 2022 година за 15,13%.

На расходната страна може да се забележи помала реализација во однос на 2022 година кај следните расходни ставки:

- Конто 401 – Потрошени материјали за 5,54%,
- Конто 404 – Превозни – транспортни услуги за 15,64%,
- Конто 408 – Наемнини за 0,11%,
- Конто 413 – Дневници за службени патувања и патни трошоци за 14,86%,
- Конто 414 – Надоместоци на трошоци на работници за 14,53% и
- Конто 440 - Средства за градежни објекти и адаптација за 100%.

Поголема реализација на расходната страна, во 2023 година во однос на реализацијата во 2022 година, може да се забележи кај следните расходни ставки:

- Конто 401 – Потрошена енергија за 33,32%, како резултат на значително поголемите трошоци за електрична енергија, што се должи на значително

поголемите трошоци за електрична енергија и кондиционирање, како резултат на зголемените цени на истите. Исто така, оваа расходна ставка во 2023 година ги вклучува и трошоците кои се однесуваат на 2022 година, а кои не беа платени во 2022 година..

- Конто 403 – Други услуги за 30,32%, како резултат на поголемите трошоци за чистење на деловните простории, поголемите трошоци за копирање, печатење и издавање, и поголемите трошоци за изнајмување на простории за јавни седници кои се реализираа за одбележување на јубилејот „15 години Агенција за пошти“.
- Конто 405 – Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација за 53,70%, поради фактот што во 2023 година се реализираше свечен настан за одбележување на јубилејот „15 години Агенција за пошти“.
- Конто 410 – Провизија за платен промет за 1,17% или 417 денари, како резултат на поголемите трошоци за банкарски провизии за платен промет и изготвување на изводи.
- Конто 412 – Премии за осигурување за 1,76%, како резултат на поголемите трошоци за осигурување на ново набавената опрема.
- Конто 415 – Негативни курсни разлики за 21,38%, како резултат на поголемиот износ на девизи откупен од банките за аванс за службено патување во странство.
- Конто 416 – Членарини за 10,58%, поради фактот што Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија го зголеми износот на членарината за 2023 година.
- Конто 417 – Интелектуални и други услуги за 28,23%, поради поголемите трошоци за интелектуални услуги по договор, поголемите трошоци за превод, поголемите трошоци за ангажирање на лица преку Агенција за привремени вработувања, како и поради поголемите трошоци за месечните надоместоци на членовите на Комисијата на Агенцијата како резултат на зголемувањето на просечната исплатена нето плата во земјата.
- Конто 418 – Останати други расходи за 41,80%, поради поголемите трошоци за објавување на огласи во дневните весници и во Службен весник на Република Северна Македонија.
- Конто 441 – Средства за опрема за 37,63%, како резултат на поголемите трошоци за компјутерска опрема и канцелариски мебел во однос на 2022 година.
- Конто 460 – Вкалкулирани плати за 14,56%, како резултат на измените на Колективниот договор на Агенцијата за пошти, како и на поголемиот број на вработени во 2023 во однос на 2022 година.

- Конто 470 – Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот за 18,42%, како резултат на поголемиот износ на данок на личен доход за месечните надоместоци на членовите на Комисијата на Агенцијата и поголемиот износ на данок на личен доход за договор на дело.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 05-63/1
08-02. 2024 година
СКОПЈЕ

ЕМБС: 06381049
Целосно име: Агенција за пошти Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2023

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 2.400.162,00 | | | 2.810.763,00 |
| 202 | - - Потрошени материјали | 212.364,00 | | | 200.594,00 |
| 203 | - - Потрошена енергија | 639.757,00 | | | 852.897,00 |
| 204 | - - Други услуги | 385.241,00 | | | 502.056,00 |
| 205 | - - Превозни и транспортни услуги | 19.060,00 | | | 16.079,00 |
| 206 | - - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 179.640,00 | | | 276.101,00 |
| 209 | - - Наемнини | 964.100,00 | | | 963.036,00 |
| 211 | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 6.481.115,00 | | | 7.481.537,00 |
| 212 | - - Провизија за платен промет | 35.504,00 | | | 35.921,00 |
| 214 | - - Премии за осигурување | 59.686,00 | | | 60.734,00 |
| 215 | - - Дневници за службено патување | 1.228.279,00 | | | 1.045.717,00 |
| 216 | - - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 667.512,00 | | | 570.544,00 |
| 217 | - - Негативни курсни разлики | 290,00 | | | 352,00 |
| 218 | - - Членарини | 4.291,00 | | | 4.745,00 |
| 219 | - - Други расходи | 4.485.553,00 | | | 5.763.524,00 |
| 222 | - - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225) | 313.591,00 | | | 372.667,00 |
| 223 | - - Средства за градежни објекти | 42.825,00 | | | |
| 224 | - - Средства за опрема | 270.766,00 | | | 372.667,00 |
| 230 | - - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232) | 16.261.823,00 | | | 18.628.764,00 |
| 231 | - - в) Ексалкулирани плати | 16.261.823,00 | | | 18.628.764,00 |
| 233 | - - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 430.724,00 | | | 510.082,00 |
| 235 | - - ВКУПНО РАСХОДИ | 25.887.415,00 | | | 29.803.813,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | (201+211+222+226+230+233+234) | | | | |
| 236 | - - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235 | 283.090,00 | | | 6.199.112,00 |
| 237 | - - Даноци, придонеси и други давачки од добивката | 188.723,00 | | | 349.032,00 |
| 238 | - - Остварен нето вишок-добивка (236-237) | 94.367,00 | | | 5.850.080,00 |
| 239 | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 26.170.505,00 | | | 36.002.925,00 |
| 243 | - - Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 4.201.444,00 | | | 5.377,00 |
| 246 | - - Сопствени приходи | 19.872.295,00 | | | 35.903.181,00 |
| 247 | - - Други приходи | 232.768,00 | | | |
| 248 | - - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 1.863.998,00 | | | 94.367,00 |
| 250 | - - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249 | 26.170.505,00 | | | 36.002.925,00 |
| 252 | - - ВКУПНО (250+251)=239 | 26.170.505,00 | | | 36.002.925,00 |
| 438 | - - Број на работници | 17,00 | | | 16,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009) | 693.608,00 | 6.633.429,00 | 5.845.893,00 | 787.536,00 |
| 2 | - - НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 60.691,00 | 721.708,00 | 626.815,00 | 94.893,00 |
| 3 | - - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007) | 632.917,00 | 5.911.721,00 | 5.219.078,00 | 692.643,00 |
| 6 | - - Опрема | 504.594,00 | 3.635.839,00 | 3.055.575,00 | 580.264,00 |
| 7 | - - Други материјални средства | 128.323,00 | 2.275.882,00 | 2.163.503,00 | 112.379,00 |
| 10 | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 13.527.914,00 | 13.930.856,00 | | 13.930.856,00 |
| 11 | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 55.303,00 | 32.560,00 | | 32.560,00 |
| 12 | - - Жиро сметка | 45.555,00 | 6.238,00 | | 6.238,00 |
| 13 | - - Благајна | 9.748,00 | 26.322,00 | | 26.322,00 |
| 19 | - - КУПУВАЧИ | 12.756.410,00 | 13.826.399,00 | | 13.826.399,00 |
| 20 | - - ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | 70.197,00 | 70.197,00 | | 70.197,00 |
| 22 | - - ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА | 45.983,00 | | | |
| 24 | - - АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (025+026+027) | 600.021,00 | 1.700,00 | | 1.700,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 27 | - - Други активни временски ограничувања | 600.021,00 | 1.700,00 | | 1.700,00 |
| 28 | - - МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ (029 до 034) | | 1.561.460,00 | 1.561.460,00 | 0,00 |
| 31 | - - Ситен инвентар | | 1.561.460,00 | 1.561.460,00 | 0,00 |
| 42 | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 14.221.522,00 | 22.125.745,00 | 7.407.353,00 | 14.718.392,00 |
| 44 | - - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 585.568,00 | | | 720.017,00 |
| 45 | - - Деловен фонд | 585.568,00 | | | 720.017,00 |
| 46 | - - РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА | 108.040,00 | | | 67.519,00 |
| 51 | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (052 ДО 061) | 1.677.136,00 | | | 5.444.131,00 |
| 53 | - - б) Добавувачи | 934.626,00 | | | 1.370.863,00 |
| 54 | - - в) Обврски спрема државата за даноци и придонеси и други обврски | 237.109,00 | | | 419.938,00 |
| 55 | - - г) краткорочни финансиски обврски | 3.714,00 | | | 1.300,00 |
| 56 | - - Други краткорочни обврски | 501.687,00 | | | 638.155,00 |
| 61 | - - Обврски за плати | | | | 3.013.875,00 |
| 62 | - - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065) | 11.850.778,00 | | | 8.486.725,00 |
| 63 | - - Пасивни временски разграничувања пресметани и однапред наплатени приходи | 7,00 | | | 7,00 |
| 64 | - - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 94.367,00 | | | 5.850.080,00 |
| 65 | - - Други пасивни временски разграничувања | 11.756.404,00 | | | 2.636.638,00 |
| 69 | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 14.221.522,00 | | | 14.718.392,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 633 | - - Набавна вредност на останат нематеријален имот | 1.135.172,00 | | | 721.708,00 |
| 634 | - - Ревалоризација на останат нематеријален имот | 214.141,00 | | | |
| 635 | - - Исправка на вредност на останат нематеријален имот | 1.288.622,00 | | | 626.815,00 |
| 636 | - - Сегашна вредност на останат нематеријален имот (< или = АОП 002 од БС) | 60.691,00 | | | 94.893,00 |
| 643 | - - Набавна вредност на превозни средства | 1.166.911,00 | | | 1.397.960,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 644 | - - Ревалоризација на превозни средства | 231.049,00 | | | |
| 645 | - - Исправка на вредност на превозни средства | 1.397.960,00 | | | 1.397.960,00 |
| 647 | - - Набавна вредност на информациска и телекомуникациска опрема ) | 290.253,00 | | | 347.723,00 |
| 648 | - - Ревалоризација на информациска и телекомуникациска опрема | 57.470,00 | | | |
| 649 | - - Исправка на вредност на информациска и телекомуникациска опрема | 318.461,00 | | | 324.151,00 |
| 650 | - - Сегашна вредност на информациска и телекомуникациска опрема(< или = АОП 006 од БС) | 29.262,00 | | | 23.572,00 |
| 651 | - - Набавна вредност на компјутерска опрема ) | 2.260.814,00 | | | 2.924.468,00 |
| 652 | - - Ревалоризација на компјутерска опрема | 413.754,00 | | | |
| 653 | - - Исправка на вредност на компјутерска опрема | 2.220.234,00 | | | 2.385.068,00 |
| 654 | - - Сегашна вредност на компјутерска опрема(< или = АОП 006 од БС) | 454.334,00 | | | 539.400,00 |
| 673 | - - Помош за вработените (< или = на АОП 216 од БПР) | 172.512,00 | | | |
| 674 | - - Јубилејни награди(< или = на АОП 216 од БПР) | | | | 90.544,00 |
| 676 | - - Издатоци за повремени и привремени работи (< или = на АОП 219 од БПР) | 136.000,00 | | | 208.850,00 |
| 680 | - - Плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 10.699.995,00 | | | 12.245.762,00 |
| 681 | - - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 4.553.309,00 | | | 5.216.058,00 |
| 682 | - - Даноци на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 1.008.519,00 | | | 1.166.944,00 |
| 686 | - - Приходи од камати(< или = на АОП 243 од БПР) | 4.201.285,00 | | | 5.337,00 |
| 687 | - - Приходи од позитивни курсни разлики (< или = на АОП 243 од БПР) | 159,00 | | | |
| 695 | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 16,00 | | | 16,00 |

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 351 | - - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА | 94.367,00 | | | 5.850.080,00 |
| 353 | - - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352) | 94.367,00 | | | 5.850.080,00 |
| 358 | - - ѓ) Дел за пренос во наредната година | 94.367,00 | | | 5.850.080,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 2548 | - 84.13 - Управување и давање помош за поуспешно деловно работење | | | | 36.002.925,00 |

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

# ДАНОЧЕН БИЛАНС
## на непрофитни организации

Бр. 05-63/1
08.02. 2024 год.
СКОПЈЕ

ДБ-НП/ВП

| | |
|---|---|
| [illegible] | 4030008037257 |
| [illegible] | Агенција за пошти Кеј 13 Ноември ГТЦ 2/4//1-2 Скопје |
| Телефон | 023212107 |
| е-пошта | kabinet@ap.mk |

Датум и број на прием

Даночен период

| | | | |
|---|---|---|---|
| од | 01/01/2023 | до | 31/12/2023 |
| Рок за поднесување | 29.02.2024 | | |
| Исправка на ДБ-НП/ВП | | Број | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЈНОСТА

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Опис на дејност | Шифра НАЦЕ | 84.13 | Назив НАЦЕ | Управување и давање помош за поуспешно деловно работење |
| Организационен облик | Шифра | 04.1 | Назив на организационен облик | Агенција |

## А. УТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД НА НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ

| | | АОП | |
|---|---|---|---|
| I. | ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ | | |
| 1. | Приходи од продажба на производи и стоки | 01 | |
| 2. | Приходи од услуги | 02 | |
| 3. | Приходи од кирии и закупнини | 03 | |
| 4. | Сопствени приходи | 04 | 35.903.181 |
| II. | ВКУПНИ ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ (збир од АОП 01 до 04) | 05 | 35.903.181 |
| III. | НАМАЛУВАЊЕ НА ПРИХОДОТ ЗА 1.000.000 денари (член 4-а од Законот за данокот на добивка) | 06 | 1.000.000 |
| IV. | ВКУПНИ ПРИХОДИ ПО НАМАЛУВАЊЕ (реден број II - III) | 07 | 34.903.181 |
| V. | ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД (IV* 1%) | 08 | 349.032 |

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | Горан Игнатовски | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | Овластен сметководител | Потпис | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | Сретен Миладиноски | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | Директор | Потпис | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

1/2

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 02-65/4
09.02.2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 7 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија" 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 275/2019, 150/2021, 227/2022 и 284/2023), Комисијата како орган на Агенцијата за пошти на состанокот одржан на 09.02.2024 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА ЗА 2023 ГОДИНА

### Член 1

**СЕ ОДОБРУВА** Годишната сметка за 2023 година на Агенцијата за пошти.

### Член 2

Годишната сметка за 2023 година како составен дел од Годишниот Извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2023 година, се доставува до Собранието на Република Северна Македонија, согласно член 12 став 2 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија" 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" 275/2019, 150/2021, 227/2022 и 284/2023).

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

**АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ**
Комисија
Борче Груевски, претседател

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

**За годината која завршува на 31 декември 2023**

**Со извештај на независниот ревизор**

*Скопје, март 2024*

**СОДРЖИНА**

Извештај на независниот ревизор i - ii

Финансиски извештаи на Агенцијата за пошти Скопје за годината што завршува на 31 Декември 2023 година

Биланс на приходи и расход.......................................................... 1

Биланс на состојба .......................................................... 2

Белешки кон финансиските извештаи .......................................................... 3 - 17

Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО – Скопје
Ул. Коле Неделковски број 77 Скопје,
тел/фах: 02/311-85-85
www.kprevizija.com.mk, kprevizija@gmail.com

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ - СКОПЈЕ
Примено: 14.03.2024

| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 05 | 77/12 | / | / |

## Извештај на независниот ревизор

Друштво за ревизија
КОЈЗАКЛИЕВ-ПАВЛЕСКА ДОО
Бр. 03-8
11.3 2023 год
СКОПЈЕ

**До Комисијата на Агенцијата за пошти Скопје**

Ние, Друштвото за ревизија Којзаклиев – Павлеска ДОО Скопје, извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Агенцијата за пошти Скопје, (во понатамошен текст Агенцијата), кои што ги вклучуваат Билансот на состојба заклучно со 31 декември 2023 година, Билансот на приходи и расходи за периодот 01 јануари 2023 до 31 декември 2023 како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

***Одговорност на раководството за финанските извештаи***

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации и интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди применети во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјални погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резулатат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективно презентирање на финансиските извештаи на Агенцијата, за да обликува ревизорски постапки кои се соодветни на околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на инетрната контрола на Агенцијата. Ревизијата исто така вклучува и оценка на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

(продолжува)

Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ – ПАВЛЕСКА ДОО - Скопје
Ул. Коле Неделковски број 77 Скопје,
тел/фах: 02/311-85-85
www.kprevizija.com.mk, kprevizija@gmail.com

**До Комисијата на Агенцијата за пошти Скопје (продолжение)**

***Мислење***

Според наше мислење, финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика на финансиската состојба на Агенцијата пошти Скопје заклучно со 31 декември 2023 година, како и на нејзината финансиска успешност за годината која што звршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија за непрофитни организации.

Скопје, 11 март 2024 година

Овластен ревизор
Јорданчо Којзаклиев

Друштво за ревизија
Којзаклиев – Павлеска ДОО
С к о п ј е

Друштво за ревизија КОЈЗАКЛИЕВ -ПАВЛЕСКА ДОО Скопје

ii

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

*Агенција за пошти Скопје*

**Финансиски извештаи 31 декември 2023**

**Биланс на приходи и расходи**
За годината што завршува на 31 декември 2023

| | Белешка | 2023 во 000 денари | 2022 во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од надоместоци од давателите на поштенски услуги | 4 | 35,903 | 19,872 |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 5 | 6 | 4.201 |
| Приходи од други извори | 6 | - | 233 |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходна година | | 94 | 1,864 |
| | | **36,003** | **26,170** |
| **Расходи** | | | |
| Материјални расходи и услуги | 7 | (2,811) | (2,400) |
| Други расходи | 8 | (7,481) | (6,481) |
| Капитални расходи | 9 | (373) | (314) |
| Плати и надомест на плати | 10 | (18,629) | (16,262) |
| Даноци и придонеси независни од резултатот | 11 | (510) | (430) |
| | | **(29,804)** | **(25,887)** |
| **Вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **6,199** | **283** |
| Данок од добивка | 12 | (349) | (189) |
| **Вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **5,850** | **94** |

***Белешките содржани на страниците од 3 до 17 се составен дел од***

***овие финансиски извештаи***

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Агенцијата на ден 8 февруари 2024 година и се потпишани во негово име од страна на:

Горан Игнатовски
Раководител на директорат за финансии и сметководство

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

д-р Сретен Миладиноски
Директор

1

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

*Агенција за пошти Скопје*

**Финансиски извештаи 31 декември 2023**

**Биланс на состојба**
со состојба на 31 декември 2023

| | Белешка | 2023 во 000 денари | 2022 во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| ***Нетековни средства*** | | | |
| Нематеријални средства | 13 | 95 | 61 |
| Материјални средства | 14 | 693 | 633 |
| | | **788** | **694** |
| ***Тековни средства*** | | | |
| Парични средства | 15 | 33 | 55 |
| Побарувања | 16 | 13,896 | 12,873 |
| АВР | 17 | 2 | 600 |
| Залихи | | - | - |
| | | **13,931** | **13,528** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **14,718** | **14,222** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| ***Капитал*** | 18 | | |
| Деловен фонд | | 720 | 586 |
| Ревалоризациони резерви | | 68 | 108 |
| | | **788** | **694** |
| ***Обврски*** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 19 | 1,371 | 935 |
| Обврски спрема државата | 20 | 420 | 237 |
| Други краткорочни обврски | 21 | 639 | 505 |
| Обврски за плати | 22 | 3,014 | - |
| ПВР | 23 | 2,636 | 11,757 |
| | | **8,081** | **13,434** |
| Пренесен дел од вишок на приходи во наредна година | | 5,850 | 94 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **14,718** | **14,222** |

***Белешките содржани на страниците од 3 до 17 се составен дел од овие финансиски извештаи***

Горан Игнатовски
Раководител на директорат за финансии и сметководство

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

д-р Сретен Миладиноски
Директор

2

**Белешки кон финансиските извештаи**

**1 . Основни податоци за Агенцијата**

Агенцијата за пошти Скопје (во понатамошниот текст Агенцијата) претставува независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, која е основана како самостојно и непрофитно правно лице и врши јавни овластувања утврдени со Законот за поштенските услуги.

Агенцијата работи согласно *Законот за поштенските услуги* („Службен Весник на Република Македонија" број 9/2008, 158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018 и 27/2019 и Службен Весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 150/2021 и 227/22, 284/23), а започна со работа на 15 јули 2008 година.

Агенцијата е запишана во Централниот Регистар на Република Македонија со единствен матичен број на субјектот 6381049 и со дејност согласно Решението од Централен Регистар со шифра 84.13 – Уредување и давање помош за поуспешно работење.

Седиштето на Агенцијата е во Скопје на улица Кеј 13-ти Ноември бр. ГТЦ кат2/зграда 4-влез 1 локал 2.

Агенцијата има статус на правно лице со јавни овластувања кои се утврдени со Законот за поштенските услуги, подзаконски акти, Статутот на Агенцијата и други општи акти.

Органи на Агенцијата се Комисија и Директор. Комисијата е составена од Претседател и четири члена кои се именувани со Одлука за именување на членови на Комисијата на Агенцијата за пошти од страна на Собранието на Република Северна Македонија. Со Агенцијата до 16.01.2024 година управуваше и раководеше директорката г-ѓа Билјана Аврамоска – Ѓореска, а од 17.01.2024 година управува и раководи директорот д-р Сретен Миладиноски.

Основни цели и надлежности на Агенцијата се регулирани со Законот на поштенските услуги и Статутот на Агенцијата за пошти. Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

**2. Основа за подготовка на финансиските извештаи**

Агенцијата финансиските извештаи ги подготвува во согласност со применливите законските прописи, а се однесуваат на работењето на непрофитните организации, и тоа:

1. Законот за сметководство на непрофитни организации (Службен Весник на Република Македонија број 24/2003, 80/2005, 17/2011 и 154/2015 и Службен Весник на Република Северна Македонија број 122/21 ),
2. Правилникот за сметководство на непрофитните организации (Службен Весник на Република Македонија број 42/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011),
3. Правилник за Сметковниот план и билансите на непрофитните организации (Службен Весник на Република Македонија број 117/2005 и 11/2006),
4. Правилник за содржината и формата на одделните сметки во Сметковниот план на непрофитните организации (Службен Весник на Република Македонија број 117/2005).

**Белешки кон финансиските извештаи**

**2. Основа за подготовка на финансиските извештаи (продолжение)**

Финансиските извештаи се изготвени со примена на методот на набавна вредност и принципот на континуитет во работењето.

Во изготвувањето на финансиските извештаи Агенцијата ги применува сметководствените политики кои се обелоденети во белешка 3. Сметководствените политики конзистентно се применувани во текот на деловната година, како и во претходната година.

Денарот претставува официјална валута на известување. Износите содржани во финансиските извештаи на Агенцијата, како и во објаснувачките белешки кон финансиските извештаи се прикажани во македонски денари.

Финансиските извештаи на Агенцијата се изготвени на единечна основа, обезбедувајќи информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите, добивките и загубите презентирани во:

- Билансот на состојбата на ден 31.12.2023 година,

- Билансот на приходите и расходите во периодот од 01 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година,

- Преглед на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Главни квалитативни карактеристики на информациите во финансиските извештаи се:

- разбирливост – да бидат лесно разбирливи за корисниците;
- релевантност – да можат да влијаат врз економските одлуки на корисниците;
- веродостојност – верно да ги претставуваат трансакциите и
- споредливост на податоците од годишната сметка на Агенцијата од различни пресметковни периоди како и споредливост со финансиските извештаи на други правни субјекти.

**3. Сметководствени политики**

Сметководствените политики се специфични принципи, основи, правила и практики усвоени од страна на Агенцијата при подготвувањето и презентирањето на финансиските извештаи.

Сметководствените политики претставуваат основа при вреднувањето, мерењето, презентирањето и објавувањето на ставките во финансиските извештаи на Агенцијата кои се применувани конзистентно во текот на деловната година, како и во претходната година.

Деловните промени се евидентираат во деловните книги согласно домашната законска регулатива. Сметководствената евиденција се води во рамките на Агенцијата.

**3.1. Признавање на приходи и расходи**

Признавањето на приходите и расходите се врши со примена на методот на готовинска основа.

Според методот на готовинска основа приходите се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале според критериумот на мерливост и расположливост.

**Белешки кон финансиските извештаи**

## 3. Сметководствени политики

### 3.1. Признавање на приходи и расходи (продолжение)

Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположливи кога се остварени (платени) во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Според методот на готовинска основа, расходите се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале доколку се платени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на периодот под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период. Расходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно.

### 3.2. Класификација на средствата и обврските

Средствата и обврските кои се очекува да бидат ефектуирани или подмирени за 12 месеци по датумот на билансот на состојба, се класифицираат како тековни. Средствата и обврските кои се очекува да бидат ефектуирани или подмирени во период подолг од 12 месеци по датумот на билансот на состојба се класифицираат како нетековни.

#### 3.2.1. Нематеријални и материјални седства

Во нематеријални и материјални средства се класифицираат средствата што:

- се држат за остварување на дејноста и
- се очекува да се користат повеќе од еден финансиски период

Во нематеријални средства се вклучуваат непаричните средства кои може да се идентификуваат и немаат физичка содржина.

Материјалните и нематеријалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност претставува фактурната вредност на набавените средства зголемена за сите трошоци настанати до ставањето на средството во употреба. Капиталните подобрувања, обновувања и поправки кои го продолжуваат животниот век на средството се капитализираат. На 31 декември средствата се прикажуваат по нивната сегашна вредност (набавната вредност намалена за акумулираната амортизација).

Материјалните и нематеријалните средства се амортизираат по праволиниска метода со примена на пропишаните стапки од Номенклатурата на средствата за амортизација, согласно Правилникот за сметководство на непрофитните организации. Пресметката на амортизацијата се врши поединечно, односно за секое средство поодделно во рамките на групите пропишани во Правилникот, се додека вредноста на нетековните средства не биде во целост амортизирана. Средствата се амортизираат од моментот кога се ставаат во употреба, односно од првиот ден од наредниот месец кога се набавени. Пресметанта амортизација се евидентира на товар на деловниот фонд.

Материјалните средства чија поединечна вредност е пониска од 300 евра во денарска противвредност се класифицираат како ситен инвентар кој се отпишува еднократно, независно од корисниот век на употреба. Отписот на ситниот инвентар се евидентира на товар на деловниот фонд.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**3. Сметководствени политики**

**3.2.1. Нематеријални и материјални средства (продолжение)**

Пропишаните годишни стапки на амортизација што се користат за одделни недвижности, опрема и нематеријалните средства се:

| | |
|---|---|
| Нематеријални средства | 20 % |
| Недвижности | 2,5 – 10 % |
| Опрема | 10 – 20 % |
| Мебел | 10 – 12 % |
| Транспортни средства | 15 % |

Материјалните и нематеријалните средства се ревалоризираат периодично со примена на официјални коефициенти за ревалоризација пресметани врз база на податоците за пораст на цените на индустриските производи. Ефектот на ревалоризацијата на материјалните и нематеријалните средства како и ефектот на ревалоризацијата на амортизацијата се книжи во корист на ревалоризациони резерви.

**3.2.2. Залихи**

Залихите се состојат од ситен инвентар во употреба, амбалажа и авто гуми. Залихите се евидентират според набавната вредност, која ги опфаќа сите трошоци за набавка и другите трошоци кои се направени за доведување на залихите во нивната сегашна состојба. Со нивното ставање во употреба се врши целосен отпис на нивната вредност.

**3.2.3. Пари и парични еквиваленти**

Парите и паричните еквиваленти се состојат од парични средства: во благајна, на трансакциски сметки и вредносни картички. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се прикажуваат во номинален износ, а во странска валута по средниот курс на денот на билансирањето. Трансакциите изразени во странски валути се евидентираат според девизниот курс на денот на трансакцијата. Курсните разлики се искажуваат како приходи или расходи во Билансот на приходи и расходи.

**3.2.4. Побарувања**

Побарувањата се состојат од побарувања од купувачи, побарувања од државата, вработените, активни временски разграничувања и останати побарувања.

Побарувањата од купувачите се признаваат и евидентираат по издадено Решение за годишен надоместок пресметани согласно Законот и Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**3. Сметководствени политики**

**3.2.5. Обврски**

Агенцијата ќе признае обврска во Билансот на состојба кога ќе прими средства или друга материјална корист.

При почетното признавање, обврските се мерат по нивната објективна вредност, зголемена за трансакциските трошоци директно поврзани за нивното издавање. Објективната вредност е еднаква на средствата примени во замена за превземените обврски.

Обврските кон добавувачи, се признаваат врз основа на реализација на склучените договори или фактура. Мерењето на обврските се врши според нивната номинална/договорна вредност утврдена во договорот.

Сите краткорочни обврски, кои нема да бидат презентирани во некоја друга позиција во рамките на активата на Билансот на состојба се искажуваат во позицијата останати краткорочни обврски. Оваа позиција ги вклучува обврските кон вработените, обврски за примени аванси, обврски кон државата за даноци и придонеси, обврски за однапред наплатени приходи и останати обврски.

**3.2.6. Обврски за данок на добивка**

Данокот на добивка се пресметува и плаќа согласно применливата законската регулатива за непрофитни организации. Даночната основица се утврдува врз основа на вкупните приходи од вршење стопанска дејност, намалени за ослободување во износ од 1 милион денари, со примена на стапка од 1%.

**3.2.7. Настани по датумот на известување**

Настаните по датумот на известување кои обезбедуваат дополнителни информации во врска со состојбата на субјектот на денот на известување (настани за кои може да се врши корегирање) се содржани во финансиските извештаи.

Настаните по датумот на известување за кои не може да се врши корегирање во финансиските извештаи се прикажуваат во белешките во случај кога се материјално значајни.

**3.2.8. Неизвесности**

Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минати настани, чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани, кои не се во целост под контрола на Агенцијата. Неизвесните обврски не се признаваат во финансиските извештаи туку само се обелоденуваат.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**3. Сметководствени политики**

**3.2.9. Користени проценки**

Подготвувањето на финансиските извештаи, бара примена на одредени сметководствени проценки како и расудувања од раководството во процесот на примена на сметководствените политики. Најзначајна употреба на расудување и проценки, се однесуваат на објективната вредност на побарувањата и обврските, застареност на залихите, употребниот век на недвижностите, опремата и нематеријалните средства, врз основа на информациите достапни на датумот на обелоденувањето на финансиските извештаи. Ефектите од промените во сметководствените проценки се вклучуваат во утврдувањето на деловниот фонд во периодот на промената.

**3.2.10. Промена на сметководствени политики и корекции на грешки**

Сметководствените политики се применуваат од период во период на конзистентна основа. Сметководствената политика се менува доколку тоа е условено со измена на законската регулатива.

По исклучок, промена на сметководствените политики може да се направи доброволно, ако се процени дека новата сметководствена политика води кон подобра презентација на случувањата и позициите во финансиските извештаи. За промените во сметководствените политики одлучува Комисијата.

При ретроспективна промена на сметководствена политика, ентитетот ја применува новата сметководствена политика на компаративните информации за претходните периоди до најраниот датум кога тоа е изводливо, исто како новата сметководствена политика да била применета отсекогаш. Кога е непрактично да се одредат ефектите на поединечните периоди на промена во сметководствената политика на компаративните информации за еден или повеќе презентирани периоди, Агенцијата ја применува новата сметководствена политика на сметководствените вредности на средствата и обврските на почетокот на најраниот период за кој е изводлива ретроспективна примена, што пак може да биде тековниот период и ги прави соодветните корекции на почетното салдо на секоја засегната компонента на деловниот фонд за тој период.

Агенцијата ретроспективно ја исправа материјалната грешка од претходен период во првиот финансиски период одбран за објавување, откако истата била откриена, така што:

- повторно ги прикажува компаративните износи за претходниот презентиран период(и) кога грешката се појавила или
- доколку грешката се појавила пред да биде презентиран најраниот претходен период, повторно ги прикажува почетните салда на средствата, обврските и главнината за најраниот презентиран период.

**Белешки кон финансиските извештаи**

**4. Приходи од надоместок за надзор**

| | во 000 денари 2023 | во 000 денари 2022 |
|---|---|---|
| Приходи од годишен надоместок за тековна година | 15,482 | 14,526 |
| Приходи од годишен надоместок за тековна година – присилна наплата преку извршител | 9,161 | 67 |
| Приходи од годишен надоместок за претходни години | 11,260 | - |
| Приходи од годишен надоместок за претходни години – присилна наплата преку извршител | - | 5,279 |
| **ВКУПНО** | **35,903** | **19,872** |

Приходите од надоместок за надзор се пресметани по основ на Законот за поштенските услуги и Правилникот за начинот на определување на бројот на поени и на вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок.

**5. Приходи од камати и позитивни курсни разлики**

| | во 000 денари 2023 | во 000 денари 2022 |
|---|---|---|
| Приходи од казнени камати од давателите | 6 | 43 |
| Приходи од казнени камати од давателите – присилна наплата преку извршител | - | 4,158 |
| **ВКУПНО** | **6** | **4,201** |

Приходите од казнени камати од давателите на поштенски услуги се пресметани согласно Законот за облигационите односи и врз основа на доставени Каматни листи за казнена камата за ненавремено плаќање на годишниот надоместок од страна на давателите на поштенските услуги.

**6. Приходи од други извори**

| | во 000 денари 2023 | во 000 денари 2022 |
|---|---|---|
| Други приходи | - | 233 |
| **ВКУПНО** | **-** | **233** |

Другите приходи во 2022 година се приходи од надомест на штета од осигурителни компании за штети на возило, мебел и опрема на Агенцијата во износ од 187 илјади денари и приходи од надомест на патни трошоци за службено патување од страна на Европската група на поштенски регулатори во износ од 46 илјади денари.

**Белешки кон финансиските извештаи**
**7. Материјални расходи и услуги**

| | во 000 денари 2023 | во 000 денари 2022 |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 201 | 212 |
| Потрошена енергија | 853 | 640 |
| Други услуги | 502 | 385 |
| Транспортни услуги | 16 | 19 |
| Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 276 | 180 |
| Наемнини | 963 | 964 |
| **ВКУПНО** | **2,811** | **2,400** |

Ставката потрошени материјали за 2023 година се однесува на расходи направени за потрошен канцелариски материјал во износ од 73 иљади денари (2022 – 79 иљади денари), потрошено гориво во износ од 22 иљади денари (2022 – 20 иљади денари), вода и комунални услуги во износ од 27 иљади денари (2022 – 19 иљади денари), ситен инвентар во износ од 8 иљади денари (2022 – 22 иљади денари), стручна литература во износ од 22 иљади денари (2022 – 24 иљади денари) и други трошоци во износ од 49 иљади денари (2022 – 48 иљади денари).

Во ставката потрошена енергија за 2023 година се вклучени расходите за кондиционирање (греење и ладење) во износ од 526 иљади денари (2022 – 339 иљади денари) и потрошена електрична енергија во износ од 327 иљади денари (2022 – 301 иљади денари).

Ставката други услуги за 2023 година се однесува на расходи направени за поштенски услуги во износ од 30 иљади денари (2022 – 20 иљади денари), регистрација и паркинг на службени возила во износ од 30 иљади денари (2022 – 30 иљади денари), фиксна телефонија и интернет во износ од 38 иљади денари (2022 – 39 иљади денари), копирање и печатење на материјали во износ од 114 иљади денари (2022 – 18 иљади денари), поправка, сервис и одржување на опрема во износ од 45 иљади денари (2022 – 66 иљади денари), службен весник во износ од 0 денари (2022 – 16 иљади денари), поправка и одржување на софтвер за сметководство во износ од 42 иљади денари (2022 – 42 иљади денари), чистење на деловни простории во износ од 99 иљади денари (2022 – 87 иљади денари) и други трошоци во износ од 104 иљади денари (2022 – 67 иљади денари).

Во ставката транспортни услуги за 2023 година се вклучени расходи за превоз (такси) од и до аеродром при реализација на службените патувања во странство во износ од 16 иљади денари (2022 – 8 иљади денари), а за расходи за превоз при реализација на обуката за градење на тим на вработените во Агенцијата нема реализација (2022 – 11 иљади денари).

Во ставката издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација за 2023 година се вклучени расходите за угостителски услуги во износ од 162 иљади денари (2022 – 41 иљади денари), расходите за храна и пијалоци во износ од 39 иљади денари (2022 – 46 иљади денари), расходите за подароци во износ од 75 иљади денари (2022 – 44 иљади денари) и расходите за печатени материјали за репрезентација во износ од 0 денари (2022 – 49 иљади денари).

Ставката наемнини за 2023 година се однесува на расходи направени за наем на деловен - канцелариски простор во износ од 963 иљади денари (2022 – 964 иљади денари).

**Белешки кон финансиските извештаи**

**8. Други расходи**

| | **во 000 денари 2023** | **во 000 денари 2022** |
|---|---|---|
| Провизија на платен промет | 36 | 35 |
| Премии за осигурување | 61 | 60 |
| Дневници за службено патување и патни трошоци | 1,046 | 1,228 |
| Надоместоци на трошоци на работници и граѓани | 570 | 668 |
| Негативни курсни разлики | - | - |
| Членарини | 5 | 4 |
| Други расходи | 5,763 | 4,486 |
| **ВКУПНО** | **7,481** | **6,481** |

Трошоците за службено патување во 2023 година се однесуваат на расходи за сместување во странство во износ од 477 илјади денари (2022 – 577 илјади денари), дневници за службено патување во странство во износ од 144 илјади денари (2022 – 165 илјади денари), расходи за сместување во земјата во износ од 19 илјади денари (2022 – 84 илјади денари), дневници за службено патување во земјата во износ од 30 илјади денари (2022 – 32 илјади денари), споредни расходи поврзани со службените патувања во износ од 60 илјади денари (2022 – 60 илјади денари) и патни расходи во износ од 316 илјади денари (2022 – 310 илјади денари).

Ставката надоместоци на трошоци на работници и граѓани за 2023 година се однесува на расходи за регрес на годишен одмор за вработените во Агенцијата и расходи за јубилејна награда, согласно Колективниот договор на Агенцијата за пошти.

Ставката надоместоци на трошоци на работници и граѓани за 2022 година се однесува на расходи за регрес на годишен одмор за вработените во Агенцијата и расходи за финансиска помош за смрт на член на семејно домаќинство, согласно Колективниот договор на Агенцијата за пошти.

Ставката други расходи за 2023 година се однесува на:
- исплата на надоместоците за членовите на Комисијата на Агенцијата во износ од 3,716 илјади денари (2022 – 2,844 илјади денари) пресметани согласно Одлуката за определување на месечниот надоместок и другите трошоци на членовите на Комисијата на Агенцијата, донесена од Комисијата,
- Услуги за привремени вработувања во износ од 1,149 илјади денари (2022 – 748 илјади денари),
- Консултантски услуги во износ од 117 илјади денари (2022 – 140 илјади денари),
- Надомест по договор за дело во износ од 209 илјади денари (2022 – 136 илјади денари),
- Обуки за стручно усовршување во износ од 62 илјади денари (2022 – 101 илјади денари),
- Ревизија во износ од 94 илјади денари (2022 – 99 илјади денари),
- Истражување на пазарот во износ од 165 илјади денари (2022 – 306 илјади денари),
- Хост за веб страна во износ од 20 илјади денари (2022 – 0 денари),
- Систематски преглед на вработените во износ од 32 илјади денари (2022 – 0 денари),
- Објавување на огласи за вработување и јавни набавки во износ од 118 илјади денари (2022 – 51 илјади денари),
- Услуги за превод во износ од 37 илјади денари (2022 – 4 илјади денари),
- Трошоци за извршители и нотари во износ од 0 денари (2022 - 33 илјади денари) и
- други расходи во износ од 44 илјада денари (2022 – 24 илјади денари).

**Белешки кон финансиските извештаи**

**9. Капитални расходи**

| | во 000 денари 2023 | во 000 денари 2022 |
|---|---|---|
| Средства за уредување и адаптација на деловен простор | - | 43 |
| Средства за опрема | 373 | 271 |
| **ВКУПНО** | **373** | **314** |

Во 2023 година е набавена компјутерска опрема во износ од 250 илјада денари, мебел во износ од 71 илјади денари и компјутерски софтвер во износ од 52 илјади денари.
Во 2022 година се направени расходи за адаптација и доуредување на новите деловни простории на Агенцијата во износ од 43 илјади денари, а набавена е и компјутерска опрема во износ од 177 илјада денари, мебел во износ од 40 илјади денари и компјутерски софтвер во износ од 54 илјади денари.

**10. Плати и надомест на плати**

| | во 000 денари 2023 | во 000 денари 2022 |
|---|---|---|
| Вкалкулирани плати | 18,629 | 16,262 |
| **ВКУПНО** | **18,629** | **16,262** |

Платите и надоместоците на вработените се пресметани и исплатени во согласност со Законот за поштенските услуги, Правилникот за плати и други надоместоци, Колективниот договор на Агенцијата за пошти и Одлуката за висината на вредноста на бодот за пресметување на основната плата на вработените во Агенцијата за пошти.

**11. Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот**

| | во 000 денари 2023 | во 000 денари 2022 |
|---|---|---|
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 510 | 430 |
| **ВКУПНО** | **510** | **430** |

Трошоците за даноци и придонеси кои не зависат од резултатот вклучуваат трошоци за данок на личен доход за надоместоците за членовите на Комисијата на Агенцијата во износ од 413 илјади денари (2022 – 316 илјади денари), данок на личен доход за надоместоците по договор за дело во износ од 23 илјади денари (2022 – 15 илјади денари), данок на личен доход за други исплати во износ од 11 илјади денари (2022 – 32 илјади денари), данок на личен доход за регрес за годишен одмор во износ од 53 илјади денари (2022 – 55 илјади денари), данок на личен доход за помош за смрт на член на семејно домаќинство во износ од 0 денари (2022 – 12 илјади денари) и данок на личен доход за јубилејна награда за вработените во Агенцијата во износ од 10 илјади денари (2022 – 0 денари)

**Белешки кон финансиските извештаи**
**12. Данок од добивка**
Трошоците за данок од добивка, согласно Законот за данок на добивка, се пресметувани со даночна стапка од 1% на утврдената основица.
Согласно Законот за данок на добивка (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 248/2018 и 275/2019), правните лица кои се основани со посебни прописи од кои произлегува дека се непрофитни организации, не се обврзници на данок на добивка, односно доколку вкупниот годишен приход од стопанска дејност е поголем од 1 милион денари стануваат обврзници за пресметување и плаќање на данок на вкупен приход.
Данокот на вкупен приход, во износ од 349 илјади денари за 2023 година (2022 – 189 илјади денари), е пресметан на основицата вкупни приходи од стопанска дејност (конто 750) на износот кој надминува 1 милион денари, со примена на стапка од 1%.

**13.Нематеријални средства**

| | **во 000 денари** |
|---|---|
| | **Компјутерски софтвер** |
| **Набавна вредност** | |
| **Состојба на 01.01.2022** | **1,081** |
| Набавки | 54 |
| Расходувања | - |
| Ревалоризација на средства | 214 |
| **Состојба на 31.12.2022** | **1,349** |
| Набавки | 52 |
| Расходувања | (679) |
| Продажби | - |
| Ревалоризација на средства | - |
| **Состојба на 31.12.2023** | **722** |
| **Исправка на вредност** | |
| **Состојба на 01.01.2022** | **1,069** |
| Амортизација за 2022 | 6 |
| Ревалоризација на исправка | 213 |
| **Состојба на 31.12.2022** | **1,288** |
| Амортизација за 2023 | 18 |
| Расходувања | (679) |
| Ревалоризација на исправка | - |
| **Состојба на 31.12.2023** | **627** |
| **Сметководствена Вредност** | |
| **Состојба на 31.12.2022** | **61** |
| **Состојба на 31.12.2023** | **95** |

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

*Агенција за пошти Скопје*

**Белешки кон финансиските извештаи**

**14.Материјални средства**

| | Градежни објекти | Опрема | Транспортни средства | Инвестиции во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | во 000 денари |
| **Набавна вредност** | | | | | |
| **Состојба на 01.01.2022** | - | 3,415 | 1,167 | - | 4,582 |
| Набавки | - | 217 | - | - | 217 |
| Пренос | - | (46) | - | - | (46) |
| Расходувања | - | - | - | - | - |
| Ревалоризација на средства | - | 677 | 231 | - | 908 |
| **Состојба на 31.12.2022** | - | 4,263 | 1,398 | - | 5,661 |
| Набавки | - | 321 | - | - | 321 |
| Пренос | - | (70) | - | - | (70) |
| Расходувања | - | - | - | - | - |
| Ревалоризација на средства | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 31.12.2023** | - | 4,514 | 1,398 | - | 5,912 |
| **Исправка на вредност** | | | | | |
| **Состојба на 01.01.2022** | - | 2,898 | 1,167 | - | 4,065 |
| Амортизација за 2022 | - | 132 | - | - | 132 |
| Расходувања | - | - | - | - | - |
| Ревалоризација на исправка | - | 600 | 231 | - | 831 |
| **Состојба на 31.12.2022** | - | 3,630 | 1,398 | - | 5,028 |
| Амортизација за 2023 | - | 191 | - | - | 191 |
| Пренос | - | - | - | - | - |
| Расходувања | - | - | - | - | - |
| Ревалоризација на исправка | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 31.12.2023** | - | 3,821 | 1,398 | - | 5,219 |
| **Сметководствена вредност** | | | | | |
| **Состојба на 31.12.2022** | - | 633 | - | - | 633 |
| **Состојба на 31.12.2023** | - | 693 | - | - | 693 |

**Белешки кон финансиските извештаи**

**15. Парични средства**

| | **во 000 денари 2023** | **во 000 денари 2022** |
|---|---|---|
| Денарска сметка | 6 | 45 |
| Благајна картичка Виза | 27 | 10 |
| **ВКУПНО** | **33** | **55** |

Агенцијата располага со жиро сметка која се води во НЛБ Банка АД Скопје со салдо на 31 декември 2023 година во износ од 6 илјади денари (2022– 45 илјади денари), Во 2023 и 2022 година Агенцијата има Виза бизнис картичка во НЛБ Банка АД Скопје која не е поврзана со жиро сметката, туку функционира како дебитна картичка без дозволено пречекорување.
Компензацискиот фонд наменет за надоместување на нето трошоци за обезбедување на универзална поштенска услуга до 31 декември 2023 се уште не започнал да функционира.

**16. Побарувања**

| | **во 000 денари 2023** | **во 000 денари 2022** |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачите – тековна година | 11,339 | 12,260 |
| Побарувања од купувачите со покрената постапка за присилна наплата – тековна година | - | 142 |
| Побарувања од купувачите со покрената постапка за присилна наплата од претходни години | 491 | 349 |
| Побарувања од купувачи за казнени камати | 1,996 | 6 |
| Побарувања за аванси и депозити | 70 | 70 |
| Побарувања за надомест на трошоци за службен пат | - | 46 |
| **ВКУПНО** | **13,896** | **12,873** |

Побарувањата од купувачите се од давателите на поштенски услуги.
Побарувањата за аванси и депозити вклучуваат побарувања за уплатен депозит за закуп на деловен простор во Градски Трговски Центар во износ од 70 илјади денари (2022 – 70 илјади денари).

Структурата на побарувањата со 31 декември 2023 и 31 декември 2022 година е како што следи:

| | **2023 во 000 денари** | **2022 во 000 денари** |
|---|---|---|
| Недоспеани | - | - |
| *Доспеани* | | |
| до 6 месеци | 13,330 | 35 |
| од 6 до 12 месеца | - | 12,369 |
| над 12 месеци | 496 | 353 |
| **Вкупно** | **13,826** | **12,757** |

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

*Агенција за пошти Скопје*

**Белешки кон финансиските извештаи**

### 17. Активни временски разграничувања

| | во 000 денари 2023 | во 000 денари 2022 |
|---|---|---|
| АВР | 2 | 600 |
| **ВКУПНО** | **2** | **600** |

Активните временски разграничувања произлегуваат од неплатени обврски од 2023 година и претставуват одложени расходи кои ќе се признаат во моментот на нивната исплата во наредниот период.

### 18. Вкупно деловен фонд и резерви

Деловниот фонд и резервите на 31 декември 2023 година ја претставуваат сегашната вредност на нетековните средства кои изнесуваат 788 илјади денари (2022 – 694 илјади денари).

### 19. Обврски кон добавувачи

| | во 000 денари 2023 | во 000 денари 2022 |
|---|---|---|
| Обврски кон добавувачи во земјата | 1,371 | 935 |
| **ВКУПНО** | **1,371** | **935** |

### 20. Обврски спрема државата

| | во 000 денари 2023 | во 000 денари 2022 |
|---|---|---|
| Данок од добивка | 349 | 189 |
| Данок на личен доход | 71 | 48 |
| **ВКУПНО** | **420** | **237** |

### 21. Други краткорочни обврски

| | во 000 денари 2023 | во 000 денари 2022 |
|---|---|---|
| Финансиски обврски – банкарска провизија | 1 | 4 |
| Обврски за надомест по договор за дело | - | 56 |
| Обврски кон работниците – финансиска помош | - | 172 |
| Обврски за надоместоци за Комисијата | 638 | 273 |
| **ВКУПНО** | **639** | **505** |

### 22. Обврски за плати

| | во 000 денари 2023 | во 000 денари 2022 |
|---|---|---|
| Обврски за нето плати | 1,967 | - |
| Обврски за придонеси и даноци од плата | 1,047 | - |
| **ВКУПНО** | **3,014** | **-** |

16

**Белешки кон финансиските извештаи**

**23. Пасивни временски разграничувања**

| | во 000 денари 2023 | во 000 денари 2022 |
|---|---|---|
| ПВР | 2,636 | 11,757 |
| **ВКУПНО** | **2,636** | **11,757** |

Пасивните временски разграничувања произлегуваат од пресметани, а ненаплатени побарувања и претставуват одложени приходи кои ќе се признаат во моментот на нивната наплата во наредниот период.

**24. Неизвесни настани**

На 31.12.2023 година Агенцијата нема неизвесни побарувања и обврски кои значајно би го нарушиле континуитетот во работењето.

**25. Настани по датумот на известување**

По 31 декември 2023 година до денот на одобрување на овие извештаи нема настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во белешките кон финансиските извештаи.

**26. Финансиски план за 2023 година**

Финансискиот план на Агенцијата за пошти за 2023 година во приходниот дел е реализиран со 97,31% (2022 – 70,16%). Реализација на расходниот дел од финансискиот план изнесува 80,55% (2022 – 69,40%).

Горан Игнатовски
Раководител на директорат за финансии и сметководство

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

д-р Сретен Миладиноски
Директор